Билјана Тодорова ▪ Димитар Апасиев ▪
Елена Максимова ▪ Милица Шутова ▪
Олга Кошевалиска ▪ Страшко
Стојановски



# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Универзитет „Гоце Делчев“

Штип, 2020

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Страшко Стојановски (ур.)

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Штип, 2020

Уредник

вон. проф. д-р Страшко Стојановски

Автори:

вон. проф. д-р Билјана Тодорова; вон. проф. д-р Димитар Апасиев; доц. д-р Елена Максимова; доц. д-р Милица Шутова; вон. проф. д-р Олга Кошевалиска; вон. проф. д-р Страшко Стојановски

**СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Рецензенти:

проф. д-р Игор Камбовски, насл. вон. проф. д-р Лазар Нанев

Лектор:

Александар Димитров

Техничко уредување:

Страшко Стојановски

Издавач:

Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364.63-027.553
364.63-027.553(497.7)

СЕМЕЈНО насилство / [автори Билјана Тодорова ... и др.]. - Штип : Универзитет 'Гоце Делчев"-Штип, 2020. - 193 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Димитар Апасиев, Елена Максимова, Милица Шутова, Олга Кошевалиска, Страшко Стојановски. - Библиографија: стр. 183-195

ISBN 978-608-244-749-0

1. Тодорова, Билјана [автор] 2. Апасиев, Димитар [автор] 3. Максимова, Елена [автор] 4. Шутова, Милица [автор] 5. Кошевалиска, Олга [автор] 6. Стојановски, Страшко [автор]
а) Семејно насилство б) Семејно насилство -- Македонија

COBISS.MK-ID 51975173

# СОДРЖИНА

**Предговор** ... **5**

**ТРАГИ ОД ТРЕТМАНОТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РИМСКОТО ПРИВАТНО ПРАВО, Димитар Апасиев** ... **7**

Вовед ... 7

I. АГНАТСКИ СУДОВИ – ДОМАШНО [КУЌНО] СУДСТВО ... 8

II. КОГНАТСКИ СУДОВИ – ФАМИЛИЈАРНО [РОДНИНСКО] СУДСТВО ... 13

*1. Судење на жената ... 15*

*2. Судење на децата ... 20*

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, Билјана Тодорова** ... **27**

Вовед ... 27

1. Заштита на жртви на семејно насилство согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство ... 31
2. Заштита на жртви на семејно насилство согласно со Законот за социјална заштита ... 38

*2.1. Улога на ЦСР во заштита на жртви на семејно насилство ... 43*

Заклучок ... 54

**СЕМЕЈСТВОТО КАКО КРИМИНОГЕН ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО, Олга Кошевалиска** ... **61**

Вовед во улогата на семејството како криминоген фактор ... 61

1. Краток осврт на семејните услови кои можат да влијаат врз појавата на детското престапништво ... 66

*а. Материјални недостатоци или материјален вишок во семејството ... 67*

*б. Нецелосните семејства како ризик-фактор ... 76*

2. Останати фактори кои може да влијаат на појавата на детско престапништво ... 82

3. Влијанието на семејството во рецидивизмот кај децата ........................ 89

Заклучни согледувања ........................................................................ 91

**ПРИМЕНАТА НА ЧЛЕН 12 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Милица Шутова ........................................................................95**

Вовед ........................................................................................ 95

1. Процесноправната положба на детето и неговото застапување во граѓанските судски постапки ........................................................ 98

2. Влијанието на возраста и зрелоста во постапките во кои се одлучува за правата на детето ........................................................... 102

3. Мислењето на детето во судските постапки во европските земји..... 104

Наместо заклучок ............................................................................ 109

**ВИКТИМИЗАЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, Елена Максимова ........................................................................111**

1. Жената како жртва на семејно насилство ..................................... 127

*1.1. Семејното насилство и насилството врз жената во Република Македонија, од законска уреденост до криминолошки приказ .............139*

**СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО: ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ, Страшко Стојановски ........................................................................167**

1. Методологија на истражувањето ..................................................... 167

2. Резултати од истражувањето ......................................................... 168

Заклучок ........................................................................................ 179

**Библиографија ........................................................................183**

**Прилог 1: Рецензија, проф. д-р Игор Камбовски ..............................197**

**Прилог 2: Рецензија, нас. вон. проф. д-р Лазар Нанев ........................199**

## Предговор

Трагајќи низ лавиринтите на академската слобода, остварувањата на секој универзитетски професор не завршуваат низ симплифицираното десеминирање на знаењата во рамките на наставните курикулуми и поминатите часови во предавалните и амфитеатрите. Академскиот амбиент и комфор се отелотворува подеднакво и низ творечката дејност, но кога ќе се синтетизира разменетото искуство со студентите и авторскиот порив на наставниот кадар, тогаш зборуваме за вистински академски амбиент.

Се сеќавам, кога пред петнаесетина години додека го пролиствав Шушњиќ и неговата „*Методологија, критика науке*“, се восхитував како може професорот да се инспирира од студентите. Заемното разменување на идеи и инволвирањето на студентите во рамките на практични истражувања по предметите Граѓанско општество и Социологија на правото го иницираа ова дело. Да, сѐ започна од студентите!

Во рамките на академската профилација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, интердисциплинарноста нуди можност за создавање на многу вакви дела на слични или различни тематики, низ кои наставниот

и академски кадар може да го артикулира својот светоглед, низ призмата на сопствената супспецијалност.

Токму во соработката, во која се вклучени историски, граѓанско-правни, кривично-правни, социолошки, феноменолошки и криминолошки аспекти на семејното насилство, се пронајдоа професорите Тодорова, Апасиев, Кошевалиска, Максимова, Стојановски и Шутова и како финален производ го продуцираа делото кое е пред нас.

Ова дело претставува мал придонес од дел од академскиот колектив на Правниот факултет во Штип кон јавната дебата, која треба да биде производ инициран од научната скепса, пласираните тези, проблематизираните прашања и, секако, можноста да се понудат решенија за одредени општествени проблеми.

Се надевам дека иако млад, во втората декада од своето постоење, Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ ќе се гради поинтензивно и во овој правец на поврзување на професорот, студентот, јавното мислење, дебата, дискурс и јавниот интерес воопшто.

Страшко Стојановски

Штип, 19.08.2020 година

# ТРАГИ ОД ТРЕТМАНОТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РИМСКОТО ПРИВАТНО ПРАВО

**вон. проф. д-р Димитар Апасиев**

***dimitar.apasiev@ugd.edu.mk***

## Вовед

Уште на самиот почеток треба да потенцираме дека во најраниот римски период наспроти организираната општествена заедница (civitas) не стоеше поединецот (individua), туку семејството (familia)! Со други зборови, човекот тогаш беше „изгубен“ во рамките на големото семејство, па затоа, во тој почетен развоен период, доминантна беше улогата на приватните судови. Овие судови, всушност, беа оние кои функционираа во рамките на едно домаќинство и кои првенствено беа одговорни и природно надлежни за пресудување во приватните, меѓуроднински или т.н. фамилијарни спорови. Овие спорови, пак, првенствено беа поврзани со поинтимните семејни прашања, како оние за потеклото и сродството, за бракот и родителството т.е. посвојувањето, за туторството и старателството, за поделбата на имотот и сл.; а дури потоа се занимаваа со екстерните прашања – на пример, во случај кога член на нивната семејна заедница ќе причинел штета на некое друго семејство. Затоа, овие први семејно-роднински и легитимни правосудни органи, само условно

– според видот на сродството – би можеле да ги класифицираме на т.н. агнатски и когнатски судови.

## **I. Агнатски судови –** Домашно [куќно] судство[1]

Од до нас достапните текстови на старите автори не е јасно дали, во рамките на **конзорциумот** (*anticum consortium* или *societas fratrum*), односно семејната задруга на агнатските сродници која се создаде непосредно по распаѓањето на родот (*gens*), постоеја и Домашни [куќни] судови, кои делуваа во рамките на поширокото домаќинство. Ова е поради фактот што во најстарите фамилии, крвните врски сами по себе немаа правно значење доколку роднината не живееше „под ист покрив“, односно во една иста семејна заедница со блиските – која, во тој период, беше заедница на производители (*familia rustica*). Се знае дека на чело на задругата се наоѓаше *старешината*, а машките лица од најстарата генерација, со еднакви права и заедно со него, учествуваа во решавањето на општите и заеднички работи.

Подоцна кога римските конзорциуми, под влијание на развитокот на производствените сили, почнаа да се распаѓаат и да се делат на неколку помали домови или домаќинства (*domus*), кои всушност беа **патријархални агнатски семејства** (*familia pecuniaque*), тие почнаа да функционираат како самоодржувачки затворени стопански целини, чија цел беше – преку заедничкото

[1] Трудов е сепарат од книгата *Римско судско право – I (Правосудниот систем во времето на Кралството)*, Magna Carta, Скопје, 2016, 23-42.

живеење и работење – да обезбедат нужни средства за сопствен опстанок и егзистенција. Главниот *шеф на домаќинството* (*pater familias*) – кој уште се нарекуваше и глава на фамилијата или старешина на патријархалното семејство – всушност беше единственото „лице со свое право“ (*sui iuris*) т.е. она лице во чии раце беше сконцентрирана сета власт во семејството. Оваа негова неограничена власт беше позната како „потестас“(*potestas*) или „доминиум“ (*dominium*) – што значеше потполна, апсолутна и доживотна власт врз својата жена, како и врз жените на неговите женети синови (*manus*); врз своите родени или посвоени деца и врз нивните потомци, односно врз своите внуци и правнуци – како „лица под туѓа власт“ т.е. лица *alieni iuris* (*patria potestas*);[2] потоа врз робовите и добитокот (*dominica potestas*); како и врз сиот имот составен од земјишта, згради, куќи, вили, амбари, трла и други недвижнини или, пак, подвижни ствари какви што биле средствата за производство и производите на трудот од неговите потчинети (*dominium* или *proprietas*).[3]

Во врска со можното постоење на т.н. **домашен суд**, интересен е еден фрагмент даден од Сервиј (Maurus Servius Honoratus / IV–V век), во своите познати Коментари на Вергилиј,

[2] *Pater familias* беше „оној кој во домот господареше“ (qui in domo dominium habet); а *patria potestas* беше „сета власт врз стварите и лицата“ (et in res, et in personas) – D. 50, 16, 195, 1.

[3] Види и кај Иво Пухан, Мирјана Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски, *Римско право*, Скопје, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2014, 128–133.

кога споменувајќи го римскиот крал Нума Помпилиј,[4] кој владеел во почетокот на VII век пр. н. е., вели дека ако во негово време некој убиел некого од небрежност, тогаш „за главата на убиениот, неговите агнати на собранието требало да понудат овен“![5] Од вака дадената формулација не е докрај јасно дали пред да одат на народниот собраниски суд, односно пред да се појават пред Куријатските комиции како тогашни зборни органи на власта, агнатите (*agnates*) – кои живееја заедно со убиецот – спроведуваа одредена т.н. *интерна [домесиона] казнена постапка* спрема него, како ненамерен сторител на така тешко кривично дело кое, во конкретниот случај, требало и морало да биде „откупено“ токму од страна на неговите сродници – агнати.[6]

Историчарот Дионисиј Халикарниски од I век пр. н. е.,[7] говорејќи за правото на обајцата родители да не го прифатат новороденчето, ни дава и еден интересен пример на, условно речено, **соседски суд** – имено, родителите и блиските роднини на бебето биле должни, пред да го *отфрлат* тукушто роденото детенце кое имало вродени малформации, истото да им го покажат

---

[4] Numa Pompilius (вл. ок. 715–673) е вториот од вкупно седумте римски кралеви од т.н. Етрурска династија, кој дошол на престолот веднаш по легендарниот основач на градот – Ромул.

[5] Cf. Serv., *Verg. georg.*, III, 387: Во Нумиевите закони е пропишано дека за оној кој од немарност убие некого требало, за главата на убиениот, неговите агнати на Собранието да понудат овен (In Numae legibus cautum est, ut si [quis] imprudens occidisset hominem, pro capite occisi agnatis eius in contione offerret arietem).

[6] Servius, *Vergilii ecl.*, IV, 43.

[7] Дионисиј (Dionisius), кој творел во Августовско време, потекнувал од малоазискиот град Халикарнас, по што го добил и презимето. Автор е на познатото дело насловено како *Antiqitates Romanarum* (7 год. пр. н. е.) – кое се преведува како *Римски старини* или како *Римска археологија*, а е поделено на вкупно дваесет книги, од кои во целост се зачувани само првите девет.

на комшиите „кои ќе посведочат за вистинитоста на таквата ситуација“ [cf. Dion., *Antiquitates*, II, 15, 2]:[8]

> *[Уште првиот римски рекс] Ромул им наметна обврска на граѓаните [овие] да [мораат] ги прифатат сите машки деца и [само] прворodenата ќерка, но не и недоносеното дете [т.е. зачетокот], ниту детето кое е сакато, ниту [ако е] монструм. За овие [деца] на родителите не им е забрането да ги изложат [т.е. да не ги прифатат на одгледување, односно едноставно да ги отфрлат и остават да умрат], но само ако претходно – веднаш по раѓањето – им ги покажат на [петмина од] своите [најблиски] соседи, за овие да [можат да] посведочат [за тоа]... Против оние кои не се покоруваа на овие закони, одреди и казни, а помеѓу останатите била и таа да им се заплени [една] половина од имотот.*[9]

Во поглед на овде споменатото и мошне контроверзно **право на изложување** т.е. отфрлање или неприфаќање на новороденчето, треба да напоменеме дека во најстаро време *прифаќањето на новороденчето* (*tollere liberum*) како рамноправен член на семејната заедница, кое се изведуваше од страна на pater familias-от, беше еден од двата конститутивни услова за засновање на patria potestas врз него. Вториот неопходен услов беше детето да е родено од жена која била во правовалиден римски брак

[8] Дури и подоцна, во Законот на 12 таблици, се вели дека „деформираното дете треба веднаш да се убие“ [*Lex XII tab.*, 4, 1: Cito necatus tanquam ex XII tabulis insignis ad deformitatem puer].

[9] Cf. Cicero, *De legibus*, III, 8, 19 – *XII tab.*, 4, 1: Necessitatem imposuit Romulus civibus, omnem virilem prolem educare et filias primogenitas, necare vero nullum fetum triennio minorem, nisi natum mutilum aut monstrum statim post partum, quos a parentibus exponi non prohibuit, dummodo eos prius ostenderent quinque vicinis proximis [iique id comprobassent; in eos uero, qui legibus istis non obtemperarent, poenas statuit cum alias tum etiam hanc, bona eorum pro parte dimidia publicari].

(*matrimonium iustum*) со pater familias-от или со некој машки член на неговиот domus. Всушност, шефот на семејството, веднаш по породувањето на мажената жена, го земаше детето в раце и церемонијално го креваше од земјата т.е. неколку пати го подигаше во воздух – на тој начин симболично прифаќајќи го и признавајќи го за свој потомок. Овој чин, во понатамошниот развој на римското семејно право, го изгуби своето правно значење и неговото свесно или несвесно пропуштање не предизвикуваше никакви правни последици.[10]

А за тоа што за ова право беше предвидено во древниот Закон на 12 таблици, единствен извор ни е една одломка од познатото Цицероново дело За законите (*De legibus* / издадено меѓу 51 и 46 год. пр. н. е.): тој тука, говорејќи во контекст на нововостановената трибунска власт, попатно го споменува и ова татковско право кое, дури и во тоа ранорепубликанско време, било ограничено само на „монструозните деца" кои би биле родени со некакви малформации и/или вродени деформитети [cf. Montesquieu, *De l'éspirit...*, IV, 23, 22].[11] Во класичниот период *правото на излагање* на децата се задржа само во некои исклучителни случаи, кога детето ќе беше родено со изразити психофизички дефекти, мани, недостатоци или деформации кои требаше да бидат од таков вид што тоа би било „неспособно за живеење" (*monstra, portenta, ostenta* или *prodigia*). Под овие различни називи се подразбираше некој вид на

---

[10] Види и кај Adolf Berger, *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law*, Philadelphia, The American Philosophical Society, 1953, 738.

[11] Cicero, *De leg.*, III, 19 – cf. Monteskje, *O duhu zakona* - *Tom II*, Beograd, ZID „Filip Višnjič", 1989, 126.

хуманоидно суштество кое немаше вистински и правилен човечки облик (*contra formam humani generis*), туку беше само живородено и не се знаеше до кога ќе преживее.[12] За ова право во Јустинијановите Дигести воопшто нема посебен титулус, а соодветните наслови во Јустинијановиот Кодекс и во Новелите, кои датираат од VI век, не ни кажуваат ништо поконкретно.[13]

## II. **Когнатски судови** – Фамилијарно [роднинско] судство

Агнатското сродство, како основен вид роднинска врска, постоеше во Рим сѐ додека римското семејство претставуваше главно заедница на производители (*familia rustica*). Кога тоа почна да се претвора во *заедница на потрошувачи* (*familia urbana*), напоредно со еволуцијата на семејството дојде и до еволуција во сфаќањето за суштината на сродничките врски. Па така, постепено надвладеа сфаќањето дека како сродници, без оглед на прашањето за заеднички живот, треба подеднакво да се сметаат и лицата што меѓусебно се поврзани со крвни врски. Целосното превладување на овој став дојде многу доцна, дури во времето на Јустинијан, кога системот на агнатското сродство конечно беше потиснат од

[12] Но и покрај тоа што тие не се сметаа за луѓе, сепак се броеја при остварувањето на *ius liberorum* на мајката, која се ослободуваше од власта на туторот ако во текот на животот родеше најмалку три брачни деца (односно четири – доколку таа беше ослободеничка т.е. поранешна робинка, а не полноправна римска граѓанка).

[13] Види, на пример, D. 25, 3 – *De agnoscendis et alendis liberis vel parentibus vel patronis vel libertis* (D. 25, 3, 1, 16 - *Ulpianus 34 ad ed.*: Plane si denuntiante muliere negaverit ex se esse praegnatem, tametsi custodes non miserit, non evitabit, quo minus quaeratur, an ex eo mulier praegnas sit. quae causa si fuerit acta apud iudicem et pronuntiaverit, cum de hoc agetur quod ex eo praegnas fuerit nec ne, in ea causa esse, ut agnosci debeat: sive filius non fuit sive fuit, esse suum).

системот на крвно или когнатско сродство. Крвните сродници (*cognates*), кои живееја во т.н. **когнатско семејство** беа лица што непосредно или посредно потекнуваа барем од еден заеднички предок – било да е тоа по таткова или, пак, по мајчина лоза; и било да се тоа сродници по права (*linea recta*), или по странична линија (*linea collateralis*). Овој тип на римско семејство настануваше постепено, со воведувањето на латифундиското стопанисување, и се ширеше паралелно со економското и личното подобрување на положбата на дотогаш зависните лица alieni juris (*peculium*, *bona adventicia* и сл.), потоа со надвладувањето на бракот без manus, како и со новиот законски т.е. интестатски наследен ред. *Потесното когнатско семејство* беше заедница на блиски крвни сродници што истовремено живееја во заедничко домаќинство и во него, по правило, влегуваа pater familias-от со жената, децата/посвоениците и нивните потомци; додека, пак, *поширокото когнатско семејство* всушност не беше некој посебен вид заедница, туку само збир на подалечни роднини што потекнуваа од крвта на некој заеднички предок – а меѓу кои, токму поради овој факт, условно можеле да настанат и некои заемни права и обврски, првенствено поврзани со прашањата за издршката и наследувањето.[14]

[14] Пухан и др., op. cit., 130–133. Види и: D. 50, 16 – *De verborum significatione* (D. 50, 16, 195, 2 sq. - *Ulpianus 46 ad ed.*: ... Iure proprio familiam dicimus plures personas, quae sunt sub unius potestate aut natura aut iure subiectae, ut puta patrem familias, matrem familias, filium familias, filiam familias quique deinceps vicem eorum sequuntur, ut puta nepotes et neptes et deinceps...; & D. 50, 16, 195, 4 - *Ulpianus 46 ad ed.*: Item appellatur familia plurium personarum, quae ab eiusdem ultimi genitoris sanguine proficiscuntur [sicuti dicimus familiam iuliam], quasi a fonte quodam memoriae).

## *1. Судење на жената*

Во поглед на статусот и положбата на жената во римското лично право (*Ius quod ad personas perinet*), установите на семејното т.е. брачното право разликуваа два основни вида **бракови**, чиишто внатрешни односи меѓу брачните другари битно и драстично се разликуваа:

а) Во случаите на т.н. *бракови со манус* (*matrimonium cum manu*), кои беа типични во старо време, положбата на жената беше значително полоша бидејќи таа имаше третман на лице alieni iuris и единствено законски признато право ѝ беше правото на наследување. Имено, со чинот на conventio in manum врз неа се засновуваше двојна власт: онаа на таткото т.е. свекорот – старател (*potestas*) и онаа на сопругот т.е. мажот – хранител (*manus*).[15] Во овој брак жената стануваше нов, доведен член во семејството на мажот и потпаѓаше под непосредна зависност на тамошниот шеф на familia-та. Со самото тоа се прекинуваа врските на жената со нејзиниот поранешен domus, бидејќи таа стануваше агнат со агнатите на мажот, а веќе не беше агнат во семејството на татка си – иако когнатските врски си останаа да постојат. Во новото семејство жената беше filiae loco и сиот имот на таквата жена, што таа ќе го донесеше како мираз (*dos*) или ќе го стекнеше подоцна, преоѓаше врз „новиот татко“ т.е. pater familias-от на мажот, доколку

[15] Доколку таа не беше потчинета под едната од овие „власти“, тогаш најверојатно беше под другата – па оттука, нормално е што римските госпоѓи тешко го поднесуваа ваквиот деградирачки третман. А положбата на жената е илустрирана и преку неколку груби изреки: Nisi convenissent in manum viri или Ne sis mihi patruus oro. Види и кај Monteskje, op. cit. (Tom I), 121.

самиот маж не беше лице sui iuris. А, пак, доколку и мажот сè уште беше лице alieni iuris, нивните лични односи беа регулирани со обичајното право и на фактички начин. Така, на пример, жена која не е под манусот на мажот, беше ставана под т.н. трајно старателство, поточно законско туторство (*tutela legitima*) кое најчесто му беше доверувано на нејзиниот најблиски машки сродник.[16]

б) Во римските *бракови без манус* (*matrimonium sine manu*), кои беа типични во класичниот и посткласичниот развиток на римската држава, положбата на жената беше значително подобра, бидејќи таа имаше третман на лице sui iuris – што, пак, беше резултат на општествено-економското, а донекаде и правно осамостојување на жената. Во овие бракови жената не стануваше агнат со агнатите на мажот, туку остануваа врските со своето поранешно семејство и таа ја задржуваше својата независност и својата правна и деловна способност (*capacitas*). Но, и во овој вид на „слободен брак", кој во тоа време беше третиран за современ и помодерен од заостанатата форма на брак со манус, мажот и жената беа должни меѓусебно да се помагаат и почитуваат, како и да се воздржуваат од секаков акт со кој би била доведена во прашање нивната брачна заедница. Поради тоа, тие не смееја

[16] *Lex Iulia de maritandis ordinibus* (18 год. пр. н. е.) и *Lex Papia Poppaea* (9 год. од н. е.), донесен исто така за време на Август, беа најпознати при регулирањето на замрсените прашања кои произлегуваа од брачните односи. Вториов закон наложуваше дека оние жени кои ќе родат три или повеќе деца ќе бидат ослободени од туторството (*ius liberorum*); додека, пак, уште од порано постоеше обичај дека доколку жената, во првата година од бракот склучен во форма на usus, преноќеше три ноќи надвор од куќата на мажот (*usurpatio trinoctii*) – таа не влегуваше во манусот на мажот/свекорот.

меѓусебно да се тужат, а не мораа ни да сведочат еден против друг. Жената ја добиваше општествената положба и домицилот на својот законски сопруг, како и правото да бара издршка од него; мажот, пак, можеше да бара жената да живее во неговото домаќинство, а имаше и ограничено право да управува со миразните добра на жената.[17]

Античкиот хроничар од вториот век – Плутарх,[18] во неговото капитално дело *Споредбени животописи*, ни открива дека легендарниот римски основач и прв монарх – Ромул (Romulus / вл. ок. 753–715), уште на почетокот предвидел дека **мажот** може да ја остави жената во случаите на *неморал*, како што се: недомаќинлук, разголување, флертување со други мажи, чедоморство и сл. Од друга страна, пак, како своевидна противтежа на ваквата доминантна позиција и мажествена брачна власт, сопругот требаше да биде „жртвуван на подземните богови“ (*sacrificium*) ако

[17] Повеќе кај Пухан и др., op. cit., 139–140.

[18] Плутарх (Πλούταρχος или Lucius Mestrius Plutarchus / ок. 46–120/126), е познат хроничар од периодот на Империјата, по потекло од бојотскиот град Херонеја во Средна Грција. Се образувал во Атина, а неколкупати престојувал во Рим, каде имал пријатели меѓу тамошните високи слоеви, па дури се здобил и со титулата конзулар. Автор е на многу дела, меѓу кои за нашето истражување најзначајно е споменатото дело *Споредбени животописи* или *Паралелни биографии* (*Βίοι Παράλληλοι* или *Vitae paralelae*). Ова интересно дело содржи 23 биографски „парови“ – по еден од хеленистичкиот и по еден од римскиот свет, како и четири единечни биографии, а токму од него податоци црпат и многу подоцнежни европски автори. За потребите на овој труд, посебните биографии опфатени во ова Плутархово дело ќе бидат цитирани како посебни референтни книги.

својата законска сопруга ја тера и *подведува* на проституција[19] [cf. Plutarchus, *Vitae paralelae - Romulus*, XXII]:

> *[Ромул] востанови неколку закони, меѓу кои особено строг беше оној кој не ѝ допушташе на жената да го напушти мажот, а на мажот му допушташе да ја истера жената поради труење или пометнување на породот, или поради правење лажни клучеви, или поради прељуба. Ако некој, поради други причини, ја отпуштил од себе жената – дел од својот имот ѝ го давал нејзе, а дел посветувал на божицата [на плодноста] Церера. Оној, пак, кој ја [подведува и ја] продава жената [како курва] – да се жртвува на подземните богови.*[20]

На оваа тема постојат записи и од споменатиот хеленски историчар Дионисиј Халикарниски, поврзани токму со владеењето на првиот крал Ромул – којшто наводно, уште во VIII век пр. н. е., предвидел дека за жената која ќе се оддаде на *пијанство* или на блуд, следува најтешката смртна казна! Меѓутоа, оваа строга казна требаше да ја донесат заедно нејзиниот маж и нејзините **когнати** –

[19] За кривичното дело „подведување“ (*lenocinium*) види повеќе во одделот каде што е обработен Постојаниот кривичен суд за прељубодејствие, односно т.н. Адултериска поротна квесција.

[20] Constituit quoque leges quasdam, quarum illa dura est, quae uxori non permittit divertere a marito, at marito parmittit uxorem repudiare propter veneficium vel supposittionem partus vel falsastionem clavium vel adulterim commissium; si vero aliter quis a se dimitteret uxorem, bonorum eius partem uxoris fieri, partem cereri sacrum esse iussit; qui autem venderet uxorem diis inferis immolari. *Заб.: текстот којшто го презентира проф. Маленица, кај причините за истерување на жената, е нешто поразличен од дадениов – како во оригиналниот латински, така и во преводот: „... Поради труење на децата, подигнување на тогата [флертување] или извршено неверство“ (... propter veneficium circa prolem vel subiectionem clavium vel adulterium commissum)! Некои антички автори, пак, кај причините за истерување на жената ги додаваат и следниве: „Ако жената пиела вино, ако се открила под тогата [т.е. непристојно се разголила пред гостите], ако без дозвола на мажот отишла на некоја свеченост [и лумпувала]“. Цит. сп. Mila Jovanović, *Komentar starog rimskog Ius civile* (*Knjiga prva: Leges Regiae*), Niš, Centar za publikacije Pravnog fakulteta u Nišu, 2002, 60.

односно првенствено крвните роднини на жената, а не само оние на мажот (Dion., *Antiquitates*, II, 25, 6).[21] Монтескје, говорејќи за куќниот суд кај Римјаните, не заборава да потенцира дека има основа да се верува дека во обичните случаи мажот беше тој кој сам ѝ пресудуваше и ја казнуваше жената; додека, пак, во случај на поголеми и потешки прекршувања на моралот тој ѝ судеше заедно со пет нејзини роднини. Затоа и класичниот римски правник од третиот век, Улпијан, говорејќи за судењата на *неморалните злодела*, разликува „тешки дела" (*mores graviores*) и „лесни прекршоци" (*mores leviores*) – cf. Mont., *De l'éspirit*, I, 7, 10:[22]

> *Мажот ги свикуваше роднините на жената и пред нив судеше. Овој суд го одржуваше моралот [и] во Републиката. Тој требаше да суди не само во случаите на кршење на законот, туку и во случаите на повреда на моралот. А да се суди за повреда на моралот, мора да се биде морален! Казните кои овој суд ги досудуваше мораа да бидат, а впрочем и беа, произволни: тешко дека сѐ она што се однесува на моралот и на правилата за скромност може да биде опфатено во еден законски кодекс. Оти на законите им е полесно да го уредат она што ти им го должиш на другите, ама им е тешко да го опфатат сѐ она што човек си го должи на самиот себе.*[23]

[21] Cf. Fest., L., 197, *Osculana pugna*; Plin., *N.H.*, XIV, 13; & Gell., X, 23, 4: За ова крвните сродници суделе заедно со мажот – ако жената изврши неверство [прељуба/блуд] или ако е докажано дека таа пиела вино; за обата случаја Ромул смртна казна допуштил (De his cognoscebant cognati cum marito: de adulteriis, et si qua vinum bibisse arqueretur; hoc utrumque [enim] morte punire Romulus concessit).

[22] Ulp. VI, §9, 12-13.

[23] Monteskje, op. cit. (Tom I), 119–120.

### *2. Судење на децата*

Во дамнешните времиња, кога раскошот не беше познат меѓу Римјаните, сите деца останувaa во татковата куќа и во неа живееја со своите семејства. На децата од двајца браќа, односно на првите братучеди, се гледаше како на родени браќа/сестри и бракот меѓу нив беше забранет, односно половото општење меѓу овие блиски роднини до четврти степен на сродство во странична линија се сметаше за родоскврнавење (*incestum*). Дионисиј Халикарниски ни говори за неприкосновеното татковско право (*patria potestas*), озаконето уште од страна на Ромул, коешто подоцна нужно ќе биде ограничено. Имено, како што видовме, во почетокот **таткото на фамилијата** (*pater familias*) имаше апсолутно право врз животот на своите деца! Оттука, јасно е дека доминираше неговата неограничена улога на главен судија при креирањето на судбината на децата кои се под негова власт – без оглед на нивната возраст или пол, како и без оглед на тоа дали тие се негови родени или, пак, подоцна се посвоени во рамките на семејството [cf. Dion., *Antiquitates*, II, 26, 4; II, 27, 1–3]:

> *[Ромул] на таткото му предаде потполна власт врз синот [и врз ќерката], и тоа доживотно; му беше допуштено да го фрли синот во темница, да го исшиба, врзан да го принуди на земјоделски работи или [дури и] да го убие... Така, на таткото му беше допуштено да го продаде синот – па овој да стекнува за таткото... Исто така, на таткото му беше допуштено да стекнува [имот] преку синот, сè до*

*третата продажба; по неа, пак, овој се ослободуваше од таткото.*[24]

Во XVIII век францускиот рационалист Шарл Луј Монтескје,[25] во неговото капитално дело *Духот на законите* (*De l'éspirit des lois* / 1748) – кога говори за погоре опишаното татковско „право на изложување" на новородените деца – се повикува на втората книга од Дионисевиот спис *Римски старини* и вели дека Ромул подоцна не дозволуваше да биде убиено ниедно дете кое е помладо од три години, на тој начин помирувајќи го законот кој на татковците им даваше дискреционо *право врз животот и смртта* (*ius vitae necisque* или *ius vitae ac necis*) на новороденчињата, од една страна; и законот којшто го забрануваше нивното изложување, а особено она на здравите машки деца и на првородената ќерка (*filia primogena*), од друга страна [cf. Mont., *De l'éspirit*, IV, 23, 22].[26] Имено, не е тешко да се заклучи дека и самите Кралски закони, како и подоцнежните обичаи го ублажуваа и ограничуваа ова неприкосновено субјективно татковско право врз судбината на

---

[24] Cf. Papin., *Coll.*, 4, 8; & *XII Tab.*, 4, 2: [Romulus] omnem potestatem in filium patri concessit, idque toto vitae tempore, sive eum carcere includere, sive verberare, sive vinctum ad opera rustica detinere, sive occidere vellet... Etiam vendere filium permissit patri; ...quin etiam hoc concessit patri, ut usque ad tertiam venditionem per filium adquireret: post tertiam vero venditionem liberabatur filius a patre.

[25] Монтескје (Charles-Louis de Montesquieu / 1689–1755) е познат француски правник, политички филозоф, книжевник и социолог и еден од најпознатите претставници на европското просветителство. Важи за одличен познавач на римската историја, а има напишано и посебна книга *Размисли за причините за величината на Римјаните и за нивната пропаст* (*Considérations sur les causes de la grandeur des Romains et de leur décadence* / 1734), која речиси целата е вметната во неговото подоцнежно и најзначајно двотомно дело *Духот на законите*.

[26] Во римското семејно право *првородената ќерка* отсекогаш имаше привилегиран статус во однос на подоцна родените ќерки, кои во Старото право и понатаму можеа да бидат отфрлани. Види и кај Monteskje, op. cit. (Tom II), 126.

своето дете, бидејќи не е познат ниту еден подоцнежен римски пишан закон којштo изречно го допушта ова моќно и екстремно право на pater familias-от – тој да може непречено и самостојно да му изрече смртна каза на своето дете. Имено, согласно со древните обичајни правила за „домашното судење“ (*iudicium domesticum*), пред да изрече потешка казна врз жената, децата или робовите, шефот на семејството требаше да се консултира со востановениот внатрешен **Совет на роднините** (*consilium propinquorum*), како еден вид на пошироко фамилијарно собрание составено главно од постарите членови (*consilium propinquorum necessariorum*), или дури и од блиските и долгогодишни куќни пријатели (*consilium propinquorum et amicorum*) – но, заклучокот кој ќе произлезеше од ова советување немаше облигаторно дејство за таткото и тој можеше да не го испочитува. За злоупотреба и пречекорување на наведеното татковско право, во периодот на Републиката, несовесниот родител беше казнуван со инфамија (*infamia*), преку впишување цензорска забелешка (*nota censoria*); додека, пак, империјалното законодавство сè повеќе и повеќе го ограничуваше ова строго право, сè до моментот кога тоа наполно беше укинато – во IV век по Хр., за времето на царот Валентинијан Први.[27] Имено, уште во периодот на когнатското семејство (*familia urbana*), власта на pater familias-от спрема лицата кои беа под негова власт веќе не беше ниту неограничена, ниту доживотна. Тогаш таа главно се сведуваше на *правото на кастигација* (*castigatio* или *ad modicam castigationem*) т.е. соодветно, пропорционално, и респектабилно

[27] Berger, op. cit., 408, 521 and 534.

физичко казнување, најчесто преку благо тепање со прачка (*fustis*) или пердашење со камшик (*flagellum*) на лицето alieni iuris; како и на правото на шефот на семејството од нив да бара почитување, а кога тоа било нужно и издршка. А, пак, за возврат тој беше должен да ги чува, воспитува и издржува децата, како и другите членови на семејството. Значи, кога во Рим веќе не им беше дозволувано на татковците да ги усмртуваат своите деца, најчесто магистратите беа тие кои, во консултација со таткото, ја досудуваа речиси истата казна која и тој самиот би ја одредил [cf. Mont., *De l'éspirit,* II, 15, 17 и V, 26, 4].[28]

Во поглед на т.н. меѓуроднински или **фамилијарни злодела**, Фест (Sextus Festus)[29] ни говори за строгата казна која наводно била предвидена уште од Ромулово време, а се однесуваше на *непочитување на родителите* – своите или на својот сопруг, и се состоеше од ритуално жртвување на татковите богови (*sacrificio*), односно беше извршувана преку т.н. посветување на боговите на предците (*sacra privata*, *sacra familiaria*, *sacra gentilicia* или *communio sacrorum*) – [cf. Festus, *Plorare*, P 230]: „Ако синот го удри родителот, така што овој ќе заплаче – детето да биде жртвувано на отечките богови. Ако, пак, снаата оди пред свекрвата – невестата нека биде жртвувана на отечките

[28] На пример, кај Римјаните таткото, како старешина на патријархалното семејство, можеше дури да ја присили својата ќерка таа еднострано да го раскине бракот со својот сопруг, иако претходно тој веќе беше дал дозвола за склучување на истиот. *Codex de Repudiis et Judicio de moribus sublato*, V – cf. Monteskje, op. cit. (Tom I - II), 173 [f. 3] и 279.

[29] Од текстот на Монтескје не е јасно на кој Фест точно се мисли –дали на римскиот граматичар Секст Помпеј Фест (II век), кој твореше во Галија, а е автор на етимолошкото дело *Priscorum verborum cum exemplis*; или, пак, на доцноримскиот историчар Секст Руфиј Фест (IV век), кој беше и проконзул на Африка, а е автор на книгата *Кратка римска историја* (*Breviarium rerum gestarum populi Romani)*. Поверојатно е дека станува збор за вториов.

богови."[30] Имено, во најстаро време постоеја и човечки жртвувања (*malum sacrificium*), каде што најчесто како жртва се принесуваше т.е. „понудуваше" лице кое претходно ќе беше осудено на смрт (*hominem immolare*).[31]

Исто така Плутарх додава дека од сите римски кралеви само основачот Ромул не востанови никаква посебна казна за *таткоубиство* (*parricidium*) – па оттука, кое било убиство тој го нарекуваше „таткоубиство", со цел построго да го казни [cf. Plutarh, *Vitae paralelae - Romulus*, XXII, 4].[32] Во врска со оваа тема, од познатиот антички историчар Тит Ливиј, кој твореше во првиот век, нам ни е позната

[30] Si parentum puer verberit ast olle plorassit paren… puer divis parentum sacer esto. Si nurus sacra divis parentum estod. *Непотполниот текст на Фест гласи: „Според законите на Ромул и Тациј е вака – ако детето го удри родителот, така што овој ќе заплаче – детето да биде жртвувано на боговите на предците... Ако, пак, снаата оди пред свекрвата – нека невестата биде жртвувана на татковите богови." (Plorare… significat… apud antiquos plane inclamare. In regis Romuli et Tatii legibus si nurus sacra divis parentum estod in Servi Tulii haec est si parentum puer verberit ast olle plorassit paren… puer divis parentum sacer esto id est clamarit dix). Но романистот Момзен, во својата реконструкција, вели дека одредбата која се однесува на 'синот' треба да му се припише на Ромул и/или на Тациј, а онаа која се однесува на 'снаата' треба да му се припише на подоцнежниот шести крал Сервиј Тулиј. Повеќе кај Jovanović, op. cit., 107.

[31] За разлика од сакрифицијата/сакрификацијата (*sacrificium*), којашто подразбираше принесување на „крвни жртви", во римското религиозно право се среќаваше и суппликацијата (*supplicationes*), односно домашното жртвување на „бескрвни жртви". Овие пагански и незнабожечки ритуали подоцна беа забранети од страна на императорот Константин Велики, како тотално нечовечни и нехристијански (C. 1 – *De paganis sacrificiis et templis*; C. 1, 11, 1 - *Imperator Constantius*, a. 354). Така и Žika Bujuklič, *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*, Beograd, Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005, 472–473 и 505–506. Спротивно Berger, op. cit., 688 и 726.

[32] *Leg. Numae*, 16: Единствено Ромул, којшто не востановил никаква казна за таткоубиството, секое убиство го нарекувал таткоубиство (Singulare est, quod [Romulus] cum nullam in parricidas statuerit poenam, omne homicidium appellavit parricidium). Види и кај Festus, *Parrici*: Ако некој слободен човек намерно биде усмртен, тоа да се смета како таткоубиство (Si quid hominem liberum dolo sciens morti duit, paricidias esto)!

грозоморната епизода која се случи во VI век пр. Хр., кога ќерката на претпоследниот римски крал Сервиј Тулиј, по име Тулија, го иницираше и го поддржа убиството на својот татко – иако, според некои писатели, тој сериозно планирал да се повлече „ако фамилијарното злодело не го прекинеше во намерите за ослободување на Татковината“ [cf. Livius, *Ab urbe condita*, I, 48]:

> *Кога таа се враќаше дома [од Форумот], штом пристигна до крајот на Киприевата улица, каде до неодамна се наоѓаше светилиштето на [божицата] Дијана, скршна со носилката в десно, кон Урбијската стрмнина, за да се одвезе до Есквилинското брдо. Тогаш возачот што ја управуваше кочијата [т.е. двоколката] се преплаши и [од страв] ги испушти уздите, покажувајќи ѝ го на својата господарка распарчениот труп на [татко ѝ] Сервиј што лежеше овде. Уште се раскажува за гнасното и нечовечко злосторство – та во негов спомен и местово го викаат ‘Улица на злосторствата’ – каде што Тулија, избезумена од фуриите на сестра си и на првиот маж, со кочијата [безочно] го прегази татковото тело! Та и самата извалкана и испрскана, со кочијата окрвавена од татковото убиство, дел од крвта донесе до своите и до пенатите на нејзиниот маж...*[33]

---

[33] Фурии беа женски демони на подземјето кои се одмаздуваа за тешките злосторства, а ги имаше вкупно три и нивниот број, најверојатно, е преземен од старохеленскиот мит за Еринииите; Пенати (*Penates Dii*), пак, беа фамилијарни богови т.е. „куќни чувари“ на домашното огниште, кое било и нивен жртвеник и каде што, при секој оброк или позначаен семеен настан, ним им се принесуваа жртви. Види и кај Тит Ливиј, *Од основањето на градот Рим*, Скопје & Мелбурн, Матица Македонска, 2000, 106–107.

# СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**вон. проф. д-р Билјана Тодорова**

***biljana.todorova@ugd.edu.mk***

## Вовед

Во последниве децении како на меѓународно, така и на локално ниво, забележан е тренд на зголемена законодавна активност во областа на превенција, спречување и казнување на семејното насилство, а особено насилството над жените и децата.

Насилството во семејството[34] претставува кршење на човековите права на жртвите и е пречка за остварување на фундаменталните слободи и права. Тоа е предизвик кој има негативно влијание во секојдневниот живот во многу семејства. Компаративните и емпириските податоци за извршено семејно насилство говорат во прилог на гледиштето дека семејството како основна општествена заедница и како извор на емоционална, социјална и на материјална поддршка за неговите членови, честопати може да се претвори во насилничка средина во којашто

[34] За семејство се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да се издржуваат. Според чл. 13, ст. 3 од Законот за социјална заштита, Пречистен текст на Законот, „Сл. весник на РМ" бр. 148/13.

длабоко се повредуваат членовите на семејството и нивните човекови права.[35] Не постои едноставно објаснување за причините за семејното насилство. Ниту, пак, може да се издвои една специфична група во општеството за којашто може да тврдиме аргументирано дека го создава проблемот. Напротив, феноменот на семејното насилство е присутен во сите сегменти на општеството, без исклучок.[36]

Македонското општество го карактеризира патријархална структура, што доминантно ги определува нееднаквите односи на моќ меѓу мажот и жената. Традиционално воспоставената родова матрица на машки и женски улоги, доминантната улога на мажот на една страна и инфериорната положба на жената на друга страна, како и општествената перцепција за легитимноста на моќта на мажите, ја определува положбата на жената во семејството и семејното живеење. Историското прифаќање на семејното насилство во македонското општество е детерминирано од социјалните, економските, културните, политичките, моралните и обичајните вредности.[37]

Самиот термин „семејно насилство" во нашето општество скромно почнува да се пробива во последните неколку години од дваесеттиот век. Промовирањето на семејното насилство започнува во 1994 година, а првите активности на невладиниот

---

35 Wallace, H., „*Family Violence: Legal, Medical, and Social Perspectives*", Allyn & Bacon, 2004, p. 2.

36 Mullender, A., Rethinking domestic violence: The social work and probation response, Routledge, 2002, p. 34.

37 „*Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015*", МТСП, достапно на http://arhiva.mvr.gov.mk/, посетено на 21.05.2019.

сектор се насочени кон препознавање на феноменот во јавноста и кон непосредна помош и поддршка на жените, кои се жртви, и нивните деца.

Со цел да се обезбеди сообразност со меѓународните стандарди и препораки во оваа сфера, кои налагаат воведување на сеопфатни законски решенија, односно превенирање и сузбивање на семејното насилство и воведување на привремени мерки за заштита на жртвите, во националното законодавство на Република Северна Македонија (РСМ) проблемот на семејното насилство е регулиран како во граѓанското, така и во казненото законодавство.

Во РСМ правната рамка за заштита на жртви на семејното насилство ја прават: Уставот, ратификуваните меѓународни документи, законите и подзаконските акти. Според Уставот[38] на РСМ се гарантира принципот на еднаквост и се забранува дискриминација по повеќе основи, вклучително и пол, додека во другите закони во кои се содржани одредби за родовата еднаквост се уредува заштита од пол и род или одделно за една од овие основи. Воедно, во ставот 2 од членот 9 од Уставот на РСМ се гарантира еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите. Во член 50 се содржани гаранции за основните слободи и права, при што се уредува дека секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на РСМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност. Понатаму, се гарантира правото на секој на

[38] Устав на РСМ, „Сл. весник на РМ“ бр. 52/92, член 9.

еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

Во однос на правната заштита од семејно насилство, правната рамка предвидува заштита на жртвата во кривична и во граѓанска постапка. Во трудов се прави осврт на правната рамка за заштита на жртвите во граѓанска постапка која ја дава Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство,[39] како и социјалната заштита на жртвите на семејно насилство која е обезбедена врз основа на Законот за социјална заштита,[40] како и овластувањата, надлежностите и мерките што ги има Центарот за социјална работа (ЦСР) врз основа на овие закони. Граѓанско-правната заштита на лицето кое е жртва на семејно насилство треба да обезбеди сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, како и да создаде услови за нејзина интеграција во социјалната средина. Социјалната заштита на лице кое е жртва на семејно насилство опфаќа финансиска поддршка на жртвите на семејно насилство, згрижувањето на жртвите во засолништа, спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложена жртвата, помош при вработување, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и јакнење на нејзиниот капацитет во поглед на сопствената заштита.

Со регулирањето на семејното насилство во позитивното законодавство, РСМ воведе задолжителното давање на соодветна заштита на жртвата на семејно насилство, како и дополнителна правна заштита на жртвите во вакви случаи. Правното

[39] „Сл. весник на РМ“ бр. 138/14.

[40] „Сл. весник на РМ” бр. 79/09.

санкционирање на насилството во семејството воспоставува мерки и процедури за заштита на жртвите на семејно насилство. Институциите имаат мандат за преземање на предвидените мерки и механизми на заштита што подразбира дека поединечните овластувања се законски определени, како и обврските и одговорноста за постапување на органите.

## 1. Заштита на жртви на семејно насилство согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

За прв пат семејното насилство во националната легислатива е воведено во 2004 год., а во 2008 год. е донесена првата Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 год.[41] Потоа е усвоена и втора Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 год.

Системот на заштита на жртвите на семејно насилство функционира преку работата на советувалишта за деца и родители жртви на семејно насилство, советувалиште за сторители на семејно насилство, како и воспоставување на регионален Центар за згрижување на лица жртви на семејно насилство (ЦЖСН).

Правната рамка за заштита на жртвите од семејно насилство во граѓанска постапка ја дава првиот системски Закон за

[41] Која се примени со поддршка на 5-те UN Агенции (UNDP, UNICEF, UNWOMEN, UNFPA и Светската здравствена организација) и Кралството Холандија. Извор: http://www.mtsp.gov.mk/septemvri-2014-ns_article-so-novite-zakonski-reshenija-nekolku-kratni-merki-vo-suzbivanje-na-semejnoto-nasilstvo-ministerot-za.nspx, посетено на 08.05.2019.

превенција, спречување и заштита од семејно насилство, кој се донесе за да се создаде сепфатна правна рамка со која системски ќе се унапредат состојбите против семејното насилство кај нас, преку креирање на координиран и интегриран систем во сите подрачја на делување. Овој закон го уредува целосното постапување на институциите, но и здруженијата на граѓани, во превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување заштита на жртвите. Законот е поделен во неколку дела кои ги опфаќаат превенцијата и заштитата од семејно насилство. Како негови цели се: преземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата.[42] Овој Закон семејното насилство го дефинира како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[43]

[42] Член 2.

[43] Исто, член 3.

Основните принципи на кои се заснова Законот се почитување на достоинството и личниот интегритет на жртвите на семејно насилство, третирајќи го овој проблем како повреда на основните човекови права. Како основни начела се предвидени: начелото на итност и одговорност на надлежните институции, интерсекторско постапување и координирање.[44]

Се прави разлика помеѓу видовите на насилство, и тоа: телесно/физичко, психичко, сексуално, економско, родово насилство и демнење.[45]

Телесно/физичко насилство е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето на жртвата. Во однос на другите видови насилство, физичкото насилство е најлесно да се докаже, затоа што, по правило, станува збор за предизвикување видливи повреди. Но, постоење видливи повреди на телото на жртвата не се единствениот показател за физичкото насилство.[46] Други индикатори кои служат за овој вид на насилство се однесувањето на лицето за кое се тврди дека го извршило насилството и начинот на кој тоа однесување го доживела самата жртва. Овој тип на насилство, особено ако се работи за подолг временски период, води не само на повреда и загрозување на интегритетот на жртвата, туку и на многу сериозни ментални страдања и нарушувања. Ова, по правило, се најекстремни форми на насилство.

---

[44] Исто, член 7.

[45] Исто, член 4.

[46] Lukić, M., Jovanović, S., „*Drugo je porodica: nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti*", Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2001, str. 23.

Психичко насилство е секое дејствие кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и интегритетот на жртвата. Во практиката психичкото насилство е најчестата форма на насилство и е изразено на различни начини. Тоа го загрозува менталното здравје или спокојството на еден член од семејството и најчесто се третира како индикатор или придружник на други форми на насилство. Практично, секоја форма на нечесно, несовесно и злонамерно однесување, што довело до кршење на психолошкиот интегритет, менталното здравје или спокојството на еден член во семејството треба да се квалификува како семејно насилство.[47] Заплашување, постојана критика, емоционални закани и обвинувања, вербална злоупотреба, малтретирање и вознемирување се само дел од однесувањето на насилниците, кои можат да послужат како индикатор за психолошко насилство.

Сексуално насилство е секое дејствие на сексуален акт и сексуално вознемирување врз лице без дадена согласност. Сексуалното насилство се смета за специфична форма на насилство поради тоа што предизвикува специфични последици за жртвата. Психолошката траума што се случува после сексуалното насилство, кое најчесто се подразбира како сексуална злоупотреба, не е единствената можна последица. Може да следат краткорочни или долгорочни емоционални потешкотии, како што се анксиозност, шокирање, интензивен страв и самоубиствени намери, преносливи

[47] Димовски, Д., Костић, М., Породица у лавиринту породичног насиља, Ниш: Правни факултет Ниш, 2013, стр. 109-120.

болести, несакана бременост, престанок на бременост или повреда на фетусот и плодноста.[48]

Економско насилство е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата. Економското насилство е една од најчестите форми на семејно насилство и се прави на различни начини. Во потесна смисла, економското насилство се однесува на нееднаквоста и контрола над заедничките ресурси, ограничување на пристап до пари, вработување или образование. Во поширока смисла, исто така, вклучува и оштетување или уништување на имотот на жртвата, како и крадење или оневозможување на располагање со сопствените ресурси или средства.[49] Најчесто економското насилство може да се препознае по следниве однесувања: одземање или целосна контрола на финансиски средства; забрана за вработување или забрана за одење на работа; користење на финансиски средства или имот на жртвата за лична корист; принудување на жртвата да добие заем, лажно прикажување на имотот и други.

Родово засновано насилство врз жените означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа. Насилство над жените е манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, кои доведуваат

[48] Mullender, A., p. 45.

[49] Fawole, O., Economic violence to women and girls: Is it receiving the necessary attention?, Trauma, Violence, & Abuse, 9(3), 2008, pp. 167-177.

до доминација и дискриминација на жените од страна на мажите, како и спречување на напредокот на жените во целост. Интензитетот и последиците од насилството врз жените потврдуваат дека насилството е еден од клучните општествени механизми со којшто жените се принудуваат да бидат во подредена положба во однос на мажите.

И, најпосле, демнење е намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува истата да се плаши за својата безбедност.

Погоре објаснетите изрази/форми на насилство, кои се разработени во Законот, претставуваат новина во препознавање на формите на семејно насилство во националната правна рамка.

Позитивна промена е и дефинирањето на блиските лични односи како лични односи меѓу лица што се или биле во партнерски односи, без притоа да се бара тие односи да бидат исклучиво меѓу маж и жена.[50] Со ова се оди чекор понапред во заштитата на жртвите на семејно насилство од истополови партнерски односи, со што се исполнува забраната за дискриминација врз основа на сексуална ориентација во заштитата од семејно насилство. Законот го утврдува и правото на придружник на жртвата, која може да избере лице што ќе ја придружува во постапките. Придружникот може да биде кое било возрасно лице, освен лицето што е сторител на семејното насилство во постапката. Придружникот ѝ помага на жртвата во заштитата на нејзиниот интегритет во постапките пред

---

[50] Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, член 4.

службените лица и институциите, помага да се најде решение за нејзиниот случај и ѝ обезбедува поддршка. Во практика оваа одредба се почитува од страна на институциите и судовите и придонесува за поголема сигурност на жените жртви при остварување на заштитата. Според искуствата на здруженијата на граѓани, правото на придружник се почитува и од страна на судовите во постапките за изрекување привремени мерки за заштита од семејно насилство.[51] Согласно со законодавството, следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки е во надлежност на ЦСР. Извршувањето на привремените мерки кои се однесуваат на забрана за заканување, малтретирање, комуницирање, приближување, напуштање на домот и одземање на огнено оружје кое насилникот го поседува е обврска на полицијата која е надлежна според местото на живеење на жртвата. Полицијата има обврска да го извести судот за спроведувањето на привремената мерка. Извештајот, исто така, се доставува и до ЦСР кој е надлежен за следење на извршувањето на мерката.

Превенцијата за спречување и намалување на семејното насилство е обврска на МТСП, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, но и на здруженијата на граѓани.[52]

---

[51] Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, „*Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство*", достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/Monitoring-na-zakon-za-SN_final.pdf, пристапено на: 24.05.2019 г.

[52] Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, член 17.

Понатаму, единиците на локалната самоуправа, во доменот на превенција и спречување на семејното насилство, треба да им обезбедуваат заштита на жртвите во заедницата, да воспоставуваат центри за згрижување, советувалишта за жртви и советувалишта за сторители на семејно насилство, советувалиште за родители и деца, советувалиште за брак и семејство и други форми за згрижување и помош на жртвите, како и локални СОС-линии.[53]

## 2. Заштита на жртви на семејно насилство согласно со Законот за социјална заштита

За превенција на семејното насилство, но и за рехабилитација на жртвите на семејно насилство и реинтеграција на семејството, важна улога има и системот на социјална заштита. Особено важен закон што е тесно поврзан со системот на заштита на жртвите на семејно насилство е Законот за социјална заштита. Со него се утврдуваат правата на финансиска поддршка на жртвите на семејно насилство и згрижувањето на жртвите во засолништа. Социјална заштита се обезбедува како систем на мерки и активности чија цел е спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на својот живот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и за јакнење на неговиот капацитет во поглед на

[53] Исто, член 23.

сопствената заштита.[54] Обезбедувањето на социјална заштита на лицата кои имаат потреба од истата се врши преку преземање мерки за социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и парична помош од социјална заштита.

Преку вонинституционалната заштита, која се остварува во или преку ЦСР, се опфатени следниве права:

- Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита

Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање услуги.

- Помош на поединец

Правото на помош на поединецот подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали.

[54] Исто, член 2.

- Помош на семејство

Правото на помош на семејството опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители – деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

- Дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство

Правото на дневно згрижување во дневен центар, покрај други ситуации и услови, се обезбедува и на лице – жртва на семејно насилство. Помошта во дневно згрижување за лицата, односно дневно и привремено прифаќање и згрижување за лицата, се обезбедува и тогаш кога тие живеат во семејство.

- Сместување во згрижувачко семејство

Право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Правото на сместување во згрижувачко семејство, покрај други случаи, се обезбедува и на дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство.

- Сместување во мал групен дом

Право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини (тоа може да биде и од причини на постоење насилство во семејството) му е потребно сместувањето во мал групен дом.

- Организирано живеење со поддршка

Право на организирано живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа и деца со воспитно-социјални проблеми, самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби. Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченоста на корисникот.

Институционалната заштита опфаќа право на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита.

Право на сместување во установа за социјална заштита има лице кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на

социјална заштита. Право на сместување во установа за социјална заштита, покрај на други лица и услови, се обезбедува и на дете со воспитно-социјални проблеми, занемарено, злоставувано, материјално необезбедено дете и дете жртва на семејно насилство.

Парична помош од социјална заштита за лица кои се жртви на семејно насилство се обезбедува како еднократна парична помош. Таа се доделува на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на лице – жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување, а 12.000 денари за лице – жртва на семејно насилство за остварување на право на здравствена заштита и медицински третман.[55] Согласно со Законот за социјална заштита, право на здравствена заштита има лице – жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита согласно со Законот за превенција, спречување и заштита на семејно насилство.[56]

Социјални услуги кои се обезбедуваат на лицата кои се жртви на семејно насилство, а во согласност со Законот за социјална заштита, се психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство и психо-социјален третман на сторители на семејно насилство.[57] Услугите на советување опфаќаат советодавна работа, советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и

[55] Закон за социјална заштита, чл. 62.

[56] Исто, член 66.

[57] Исто, член 73.

надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство. Понатаму со законот се нуди и услугата за привремен престој со која се обезбедува заштита на лица кои се наоѓаат во кризна состојба и стручна помош заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Како корисници на оваа услуга, покрај другите, можат да бидат и жртви на семејно насилство и родово базирано насилство. Во продолжение ќе се објаснат правата од социјална заштита на жртви на семејно насилство преку улогата на ЦСР.

### *2.1. Улога на ЦСР во заштита на жртви на семејно насилство*

Во нашиот правно-институционален систем, кога станува збор за правна и социјална заштита на семејства и деца, централно место зазема ЦСР. Тој претставува јавна установа за социјална заштита, односно орган за старателство овластен и специјализиран за обезбедување правна заштита на семејството и сите негови членови кои имаат потреба од социјална односно правна помош. Како јавни овластувања, ЦСР ги врши следните работи: решава за правата од социјална заштита, решава за работите утврдени со семејно-правните прописи, постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи, врши други работи утврдени со закон.

За случаи за постоење на насилство во семејството ЦСР најчесто дознава преку барање на кој било член на семејството за признавање на некое од правата од обласста на социјалната

заштита (материјална помош, сместување во установа за социјална грижа).

При спроведување на социјалната заштита и стручната работа, ЦСР: открива, следи и проучува социјални појави и проблеми, применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин, семејство или група на население, ја развива превентивната работа, развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита, поттикнува, организира и координира волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита, врши и други работи утврдени со закон.

Обврска за преземање мерки за заштита имаат ЦСР секогаш кога имаат сознание дека над некое лице е сторено семејно насилство. ЦСР применува мерки за заштита на жртвите на семејно насилство, согласно со Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и Законот за социјална заштита. При остварување на заштитата на жртвите приоритет се дава на вонинституционалните форми на заштита.

За заштита на жртвите на семејно насилство ЦСР ги презема следниве мерки:

- сместување во центар за лица – жртви на семејно насилство;
- соодветна здравствена заштита;
- соодветна психо-социјална интервенција и третман;
- психо-социјален третман во советувалиште;

- помош на семејството за редовно школување на дете;
- правна помош и застапување, и
- економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.[58]

Центарот за сместување на лица – жртви на семејно насилство може да биде основан како установа или како организациски дел на соодветна установа. ЦЖСН обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, што може да трае најмногу три месеци, со можност за продолжување за уште три месеци, а во исклучителни случаи за уште шест месеци. Сместување во центар за лица кои се жртви на семејно насилство се презема како мерка за заштита во случај кога за лицето жртва на семејно насилство е утврдено дека постои сериозна опасност и закана по животот и здравјето, поради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член од семејството, а при отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање на жртвата и нејзините деца.

Спроведувањето на оваа мерка се врши согласно со заклучокот на стручниот тим и решението на месно-надлежниот центар за социјална работа за упатување на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица – жртви на семејно насилство.

Сместување на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица – жртви на семејно насилство го спроведува стручен работник од ЦСР, кој покрај решението за сместување, доставува и

[58] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, член 18.

наод и мислење на стручен тим и план за индивидуална работа со лицето.

По сместувањето на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица кои се жртви на семејно насилство, стручниот работник изготвува план за преземање на други мерки за заштита, како би се создале услови за што побрзо враќање на сместеното лице во неговата претходна средина.[59]

Принципи врз основа на кои работи ЦЖСН (засолниште) се:[60] родова перспектива и недискриминација; итност и должно внимание; ефикасна заштита; почитување на интегритетот и достоинството; одговорност и професионалност во постапувањето; должно внимание на правата, интересите и потребите на жртвата; тајност, доверливост при размена на податоците; сигурност, безбедност на жртвата и избегнување на дополнителна виктимизација; доброволност, партиципативност и согласност на жртвите за престој и вклучување во активностите на центарот за жртви на семејно насилство / засолништето.

Упатувањето во ЦЖСН / засолништето може да биде од: ЦСР, невладина организација и полиција. ЦЖСН обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на возрасни и деца – жртви на семејно насилство, кое може да трае најмногу три месеца со

---

[59] *„Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата – жртви на семејно насилство преземени од Центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот“*, „Сл. весник на РМ“ бр. 17/15.

[60] *„Правилник за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита“*, Центар за лица – жртви на семејно насилство, „Сл. весник на РМ“ бр. 33/07.

можност за продолжување за уште три месеца, дава советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

За специфични случаи по процена на ЦСР, сместувањето во центарот за лица кои се жртви на семејно насилство може да продолжи најмногу за уште шест месеца.

Критериуми за сместување на жртви на семејно насилство во Центар за жртви / засолниште се:

- Отворена опасност и закана за животот и здравјето на жртвата, поради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член на семејнството и
- Отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање и ургентно и безбедно згрижување на жртвата на семејно насилство (и евентуално децата).[61]

За згрижување и обезбедување привремен престој на жртви на семејно насилство од 1995 год. во РСМ функционира Шелтер-центар. Тоа се привремени сместувалишта каде може жртвата да остане доволно долго и да се поврати емоционално и физички. Во него се сместуваат жени и деца жртви на насилство, во период од 1 до 12 месеци. Во шелтерот работи обучен тим, составен од правник, социјален работник, психолог и негувателки. Тие се безбедни објекти кои се наоѓаат на тајни локации, за да им се обезбеди на жртвите потполна безбедност. Престојот во засолништата е

---

[61] *„Стандарди и процедури за работа на центар за лица жртви на семејно насилство (засолниште)“*, 2018, http://www.mtsp.gov.mk/content/word/dokumenti/dokumenti%202018/standardi/zasolniste.pdf, посетено на 21.05.2019 г.

бесплатен за корисниците и нивна цел е во атмосфера на сигурност на жртвите да им се овозможи одмор, можност да се опуштат, добиваат внимание и ургентна помош која им е потребна (медицинска, психолошка и помош во поврзувањето со другите институции: суд, правно советувалиште, ЦСР, полиција, здравствени установи, училишта). Контактите помеѓу таткото и децата ги регулира Општинскиот суд кој донесува решение за видување. Во заедниците каде што формалните заштитни објекти не постојат, преку програми за семејно насилство / сексуален напад се обезбедуваат засолништа со алтернативни средства.

Од делокругот на работите од социјалната заштита, а кои се однесуваат на семејното насилство, на здружение на граѓани може да му се довери вршење на социјална услуга во дневно и привремено прифаќање и згрижување на корисници на социјална заштита во дневен центар за жртви на семејно насилство. Исто така, дадена е можност здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита да се регистрираат во регистар кој го води МТСП, со цел одредени социјални услуги да им се делегираат со делумно финансирање од негова страна.

*Здравствена заштита на жртви на семејно насилство.* Соодветна здравствена заштита за лицето кое е жртва на семејно насилство се обезбедува од страна на стручното лице во ЦСР, со тоа што на жртвата ѝ се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита и доколку е потребно и соодветен медицински третман. Кога лицето кое е жртва на семејно насилство не е здравствено осигурано и нема средства за егзистенција, стручното лице презема мерки лицето кое е жртва на

семејно насилство да добие еднократна парична помош од ЦСР, а во согласност со Законот за социјалната заштита,[62] како би можело да обезбеди соодветна здравствена заштита. Како резултат на пролонгирана физичка и психолошка злоупотреба, кај жртвите на семејно насилство постојат сериозни последици кои се јавуваат во форма на болест и ментални проблеми. Анкетите покажуваат дека жртвите на семејно насилство се во три пати поголем ризик од добивање некоја болест од оние кои немаат такви искуства. Здравствените установи и медицинските работници имаат двојна улога во борбата против семејното насилство. Прво, тие се во позиција често први да го откриваат физичкото, сексуално и психолошко насилство, во моментот кога жртвата доаѓа на редовен преглед или бара медицинска помош (без разлика дали поради повреди и тешкотии предизвикани од семејно насилство, или поради некоја друга причина). Втората улога на здравствените институции, која е од голема важност за превенција на насилството, е да се документираат повредите на жртвата, кога насилството е веќе пријавено. Ако се сомневаат во семејно насилство, лекарите и другите здравствени работници се должни прво да ја пружат потребната медицинска помош на жртвата, потоа да ги документираат повредите (да издадат медицински извештај со опис на повредите на жртвата), а потоа да го пријават случајот до полицијата или до ЦСР. Покрај тоа, тој обезбедува директен доказ за стореното дело насилство и злоупотреба, што може да биде од огромно значење за судскиот процес и затоа за

[62] Член 84.

документирање на повреда на здравствена установа треба да биде обучен работник.

При давање здравствена услуга, здравствените работници во случај на сомневање за сторено семејно насилство соработката со надлежните институции и здруженија ја остваруваат на следниот начин:

- Здравствениот работник по земената анамнеза, извршениот преглед и/или дадена здравствена услуга или друг медицински третман на жртвата, издава соодветна медицинска документација за констатираната повреда, траума или друг наод за семејно насилство, при што извршената здравствена услуга и издадената медицинска документација за жртвите е бесплатна и за тоа писмено ги известува центарот и полицијата кои пополнуваат пријава согласно со закон.

- Во случај кога жртвата е донесена во здравствена установа преку службата за итна медицинска помош или од друго лице, здравствениот работник зема анамнеза, врши преглед, при што обрнува внимание на повредите, траумата и целосната состојба на пациентот и дава соодветна здравствена услуга, и во случај на сомнение на актуелни и претходни повреди, трауми или други наоди кои укажуваат на семејно насилство, писмено го известува центарот,

евидентира во медицинската документација и пополнува пријава.

- Здравствениот работник по земената анамнеза, извршениот преглед и/или дадена здравствена услуга или друг медицински третман од кој произлегува сомнение за семејно насилство, а кога жртвата е дете, лице со намалена односно одземена деловна способност, веднаш контактира и повикува стручни лица од центарот за понатамошна итна заштита на детето (согласно со протоколот за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца), односно лицата со намалена или одземена деловна способност.

- Здравствениот работник, на писмено барање на надлежните органи, ја доставува целокупната документација која е од значење за разрешување на случајот и поведување на постапки против сторителот.

- Здравствениот работник при постапување во случаи на семејно насилство, како и при извршувањето на привремената мерка за заштита, согласно со закон, ја информира жртвата за правата, за натамошниот третман и начинот на остварување на здравствената

заштита и другите форми на заштита во интегрираниот систем на заштита во други релевантни установи.

- Здравствениот работник при постапување во случаи на семејно насилство, како и при извршувањето на привремената мерка за заштита, согласно со закон, ја информираат жртвата за правата и услугите за поддршка на жртвата на семејно насилство (здравствена услуга, придружник, право од социјална заштита, бесплатна правна помош и друга потребна услуга), како и за начинот на остварување на услугите, во текот на целиот временски период од отпочнување на постапката до нејзиното завршување.[63]

Секоја здравствена установа е должна за проблемот со семејното насилство да ги информира своите корисници, го едуцира својот персонал и на тој начин создава можност за реализација на задачи од областа на откривање, документирање, известување и следење насилство во семејството, а пред сѐ помага и ја поддржува жртвата на насилство.

Психо-социјална интервенција и третман на жртвите на семејно насилство се обезбедува преку давање првична кризна

---

[63] Глава III, Соработка во обласа на здравствената заштита, „*Протокол за меѓусебната соработка на надлежните институции за заштита и спречување од семејно насилство*“, „Сл. весник на РМ“ бр. 143/15.

интервенција за помош на жртвата на семејно насилство, советодавна помош од стручен работник и советувалишна интердисциплинарна тимска работа.

Психо-социјален третман во советувалиште се спроведува со упатување на лицето жртва на семејно насилство во советувалиште, со негова согласност и по утврдена потреба за специфична стручна помош и третман во соодветното советувалиште, согласно со утврдената листа од страна на МТСП.

*Помош на семејството за редовно школување на дете.* За спроведување на мерката редовно школување, ЦСР презема потребни мерки детето да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование, обезбедува училишен прибор и презема други дејствија потребни во оваа насока.

*Правната помош и застапување на жртвите на семејно насилство пред надлежните органи и суд*. Правната помош ја обезбедуваат стручните лица во ЦСР и во здруженијата. Правото на бесплатна правна помош, жртвата го остварува согласно со Законот за бесплатна правна помош.[64] Во согласност со него, за жртвите на семејно насилство, барањето за бесплатна правна помош може да биде одобрено во сите судски и управни постапки, доколку со него се решава прашање од интерес за жртвата на семејно насилство, и тоа за права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца, заштитата од казниви дела и имотноправните прашања.

---

[64] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, член 27.

*Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот*. ЦСР, во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ – надлежниот центар за вработување, презема мерки за економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот. ЦСР, во рок од седум дена од отпочнување на постапката, ја известува Агенцијата за вработување на РСМ – надлежниот центар за вработување, за потребата за вклучување на лицата жртви во активните мерки за вработување. Агенцијата за вработување е должна во рок од три дена по добиеното известување да ја повика жртвата за отпочнување на постапка за вклучување во активни мерки и политики за вработување, обуки, посредување при вработување, мотивација, стекнување основни вештини, да изготви индивидуален план за вработување за жртвата, да ѝ овозможи достапност на информации за слободни работни места, а сѐ до нејзиното вработување. Одговорното лице од Агенцијата за вработување е должно најмалку еднаш месечно да оствари контакт со жртвата заради спроведување на индивидуалниот план за вработување, сѐ до нејзиното вработување.[65]

## Заклучок

Семејното насилство има различни форми – честопати последиците се видливи, но многу често тоа е скриено, притаено. Може да станува збор за физичко насилство, за сексуално, родово, психолошко и економско насилство. Каква и да е формата на

[65]Исто, член 28.

насилството, од него најчесто се погодени децата, жените, старите и изнемоштени лица и лицата со некаква попреченост.

Кога е во прашање проблемот со семејното насилство, заклучокот е дека во РСМ во последниве години се прават обиди за подигање на свеста и едукација на јавноста дека насилството претставува закана за човековите права, дека не е срам да се биде жртва на насилство – срамно е да се трпи насилство. Понатаму, се иницира подобрување на правната рамка и системот на социјалната заштита за што поефикасно и попрофесионално да се одговори на овој проблем.

Семејното насилство е комплексен феномен, кој е последица на низа различни фактори: индивидуалните карактеристики на сторителот и жртвата, карактеристиките на семејството, општествените процеси и институционалното однесување. Како такво, освен судска заштита, тоа бара и соодветна социјална заштита и помош на жртвата.

Во поглед на Законот за превенција, спречување и заштита на семејно насилство, заклучокот е дека тој не е родово сензитивен, не го дефинира семејното насилство како родово базирано насилство и не ги препознава девојките и жените како посебно ранлива група на родово базирано насилство.[66]

Пред донесувањето на Законот, постоечките кривични и граѓански норми, кои се однесуваат на семејното насилство, беа насочени кон санкционирање на веќе извршениот чин на

---

[66] Ова е истакнато од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, „*Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство*“, Скопје, 2016, стр. 16.

насилство. Имено, не постоеше правна основа за спроведување на превентивни активности на државните органи во ситуации кога конкретниот чин на насилство не бил извршен. Се разбира, треба да се има предвид генералниот и специјалниот превентивен ефект што ја има неизречената санкција и санкцијата изречена во соодветна судска постапка. Но, празнина во домашното право имаше во оние ситуации каде што претстоело насилството, а жртвата не можела да добие превентивна заштита и спречување на неговото настанување. Со други зборови, во практиката можат да се препознаат очигледни ситуации кога ќе дојде до насилство, но државните власти немаат законска можност да направат потенцијална заштита на жртвите од претстојниот настан. Но, и покрај ваквата празнина, Законот не нуди нови подобрени решенија, ниту од аспект на превенција ниту од аспект на заштита на жртвите – ова, особено споредено со постојните национални протоколи за превенција и заштита од семејно насилство. Исто така, тој не предвидува мерки за зајакнување на институционалните капацитети за грижа, поддршка и третман од семејно насилство, кои претставуваат клучна слабост во националниот одговор кон семејното насилство.[67] Тргнувајќи од основната цел на законодавецот при донесувањето на Законот, потребно е да се испита дали при почетниот период на негова примена навистина е остварена целта, односно дали Законот придонесе за превенција на извршени кривични дела кои претставуваат или имаат за цел насилство во семејството.

[67] Исто, стр. 17.

Во поглед на социјалната заштита, мерките на заштита од страна на центрите за социјална работа се преземаат самостојно, но и во соработка со здруженијата на граѓани. Работата на ЦСР е поддржана со услугите за превенција, советодавна и советувалишна работа, како и форми на вонинституционална социјалната заштита. Имено, Законот за социјалната заштита дава основа за воспоставување центри за времено згрижување на жртвата на семејното насилство, но и обезбедување на потребна психо-социјална поддршка на жртвата, како и психо-социјален третман со извршителот на семејното насилство. Стручната работа се спроведува во советувалишта за жртви на семејно насилство и советувалишта за извршителите на семејно насилство. Во системот на социјалната заштита се очекува проактивно учество на единиците на локалната самоуправа во препознавање на специфичните потреби од социјална заштита за граѓаните од своето подрачје, вклучително и за мерките на помош, поддршка и заштита од семејно насилство. Ова е од причина што со донесувањето на Законот за социјалната заштита од 2009 година, општините имаат обврска за изготвување на локални програми за социјална заштита, кои ги доставуваат до МТСП на мислење по однос на тоа колку се во согласност на националните програмски активности за развој на социјалната заштита. Со цел обезбедување на соодветни услуги од социјална заштита за граѓаните, воспоставен е механизам на следење на хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и нивни здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации. Истите можат да се јават како обезбедувачи на социјални услуги само доколку

имаат согласност од министерот за труд и социјална политика, врз основа на мислење од Комисијата за соработка со здруженија на граѓани. На овој начин се стекнува увид во дополнителното обезбедување на социјалните услуги, вклучително и обезбедувањето на дел од мерките на заштита на жртвите на семејно насилство, начинот и квалитетот во нивното обезбедување.

Исто така, кога станува збор за социјалната заштита, не постојат сервисни служби кои можат да им овозможат на жените со инвалидитет да живеат самостоен живот; тие трпат разни облици на насилство и дискриминација особено поради фактот што насилникот им помага во остварувањето на основните животни функции. Плашејќи се да не ја загубат асистенцијата од насилникот или, пак, да не се зголеми насилството, најчесто овие жени го премолчуваат насилството.

Кога стаанува збор за здравствената заштита на жртвите на семејно насилство, во Законот за здравствена заштита не постои должност за здравствените институции да обучат здравствени работници како треба да постапуваат со жртвите на семејно насилство, а посебно кога како жртва се јавува малолетник. Во вакви ситуации, како препорака, можеби е потребно случајот да се пријавува и до експертски тим за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, што по примерот на некои земји, би требало да постои во секоја здравствена установа, а здравствените работници треба да бидат обучени за полесно справување со малолетната жртва.

Активните политики за вработување на МТСП би требало да ги опфаќаат и лицата жртви на семејно насилство. На работодавачите кои припаѓаат на приватниот сектор, особено малите и средните претпријатија, може за вработување на невработени лица, кои спаѓаат во категоријата на оние кои потешко наоѓаат работа, да остварат субвенција за вработување на новоотворени работни места. Субвенцијата би се плаќала на работодавецот, да речеме во еднократен износ, но крајниот корисник сепак е невработеното лице, сега веќе вработено, преку оваа мерка. Покрај активните мерки за субвенции на работодавци за вработување на оваа ранлива категорија, може да се обезбеди и поддршка за самовработување на овие лица. Поддршката за самовработување може да опфати специјализирани обуки, доквалификација и преквалификација, обезбедување стручна помош, обука за претприемништвото, парични субвенции за самовработување и сл.

На крај, може да се каже дека РСМ има постигнато напредок во однос на прашањата за институционална регулација на семејното насилство. Тие се рефлектираат во признавањето на проблемот со семејното насилство како социјален, а не приватен проблем; се промени законската регулатива; воспоставување на „безбедни куќи“ за жени; Шелтер-центри за жртви на семејно насилство; подигање свест за овој негативен феномен, како и законски измени за да се постигне родова еднаквост и спречување на дискриминација по оваа основа. Но, и покрај позитивните промени, состојбата сè уште не е задоволителна. Од бројните анкети, извештаи и анализи на организации кои се занимаваат со оваа

проблематика, се истакнува дека секогаш постојат проблеми поврзани со правилното функционирање на надлежните органи, нивна меѓусебна соработка, недоволна подготвеност на жртвата да пријави насилство, како и многу други недостатоци. Факт е дека поставените темели се база на која треба да се градат сè помоќни системи на заштита и спречување на семејно насилство.

На нормативно ниво има простор за подобрување, но и покрај тоа, главен проблем кој обично ја следи примената на прописот е немањето доволно материјални средства. Поедноставно е да се направи измена на прописите, но од суштинско значење е да се создадат соодветни материјални услови кои се неопходни за нивно спроведување. Посебно треба да се усовршува системот на социјална заштита, бидејќи тие во некои случаи можат први да го откријат насилството.

# СЕМЕЈСТВОТО КАКО КРИМИНОГЕН ФАКТОР ЗА ПОЈАВА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО

**вон. проф. д-р Олга Кошевалиска**

***olga.kosevaliska@ugd.edu.mk***

## Вовед во улогата на семејството како криминоген фактор

Семејната атмосфера, начинот на живот, односите меѓу родителите и децата се состојби кои влијаат врз формирањето и развојот на децата. Во таа смисла, слабите семејни врски, отуѓеноста, конфликтни односи, присуство на насилството, дрога и алкохол[68] можат во значителна мера да го поттикнат детето да ја премине границата помеѓу дозволеното и инкриминираното.

Семејството треба да ја одигра главната улога во овозможување на правилен раст, развој, воспитание, образование и

---

[68] Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотребата на алкохол, 2008-2012, стр. 6. Се смета дека првиот контакт на децата со алкохолот е многу ран, односно 9 % од учениците до 6-годишна возраст веќе го имале својот прв контакт со алкохолот во семејството. Децата кои живеат во семејства на алкохоличари се изложени на разни форми на семејно насилство, сиромаштија, стрес, несреќно детство. Се проценува дека алкохолот е причина за 16 % од случаите на злоупотреба и занемарување на децата. Според една студија, 16,4 % од сообраќајните несреќи кај младите (до 30 години) се поврзани со консумирање алкохол.

социјализацијата на децата. Децата најсоодветно се развиваат во семејства кои имаат хармонични семејни односи, примарна позиција на детето во семејството, позитивна и конструктивна семејна атмосфера, психичка, социјална и морална зрелост на родителите, како и уредна финансиска состојба.[69]

Генерално, факторите на ризик во семејството опфаќаат: недостиг од позитивен однос со родителите или отсуство на емоционална поврзаност помеѓу членовите на семејството, ран губиток на родителите, остра, непопустливоста и неконзистентна дисциплина или несоодветен надзор врз детето, криминалитет во семејството, особено во поново време родители со радикалистички или екстремистички убедувања и сл.[70] Понатаму, тука би ги набројале и неповолните материјални услови во семејството, неможноста да се задоволат секојдневните потреби, сиромаштија во семејството, занемарување на децата (глад, хигиена), но и презаситени материјални услови, изобилие и расипништво и сл.[71] Не се ретки и факторите како родителската психопатологија, како што е на пример присуство на алкохолизам, дрога или други

---

[69] Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015): Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со законот, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр. 93.

[70] Tomas Naplava & Dietrich Oberwittler, Family factors and adolescents' delinquency - findings from sociological research in Germany, Project: Social Problems and Juvenile delinquency in Ecological Perspective, working paper no. 4, Max-Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, Freiburg, December 2001.

[71] Sanders, M. R., Markie-Dadds C., Turner K. M. T. Theoretical, scientific and clinical foundations of the Triple P-Positive Parenting Program: a population approach to the promotion of parenting competence. Parent Res Pract Monogr vol. 1/2003, http://www.triplep.net/files/pdf/ Parenting_Research_ and_ Practice_ Monograph_No.1. pdf.

зависности, депресија кај родител и високо ниво на родителски стрес, неповолна семејна историја од типот на слаба социјализација, занемарување, лоша дисциплина, хаотичност и неорганизираност, семејни конфликти и насилство кога детето се јавува како сведок или жртва, многудетно семејство, повеќе генерации во единствено домаќинство и сл.[72]

Постоењето на еден или повеќе од овие ризик-фактори ги зголемуваат шансите кај децата да се развијат проблеми во однесувањето, емоционални проблеми, употреба на дрога, но и антисоцијални и деликвентни активности. Повеќето од овие ризик-фактори се и причина за т.н. дисфункционално семејство.

Семејството, односно родителите се *role model* за восприемање на позитивната идентификација кај децата и тие наметнуваат сопствени стилови на родителство[73] (авторитарен стил, пермисивен стил, демократски стил или индиферентен стил).[74]

Семејството доживува промени под влијание на индустријализацијата и урбанизацијата, па поранешното проширено (повеќегенерациско) семејство премина во мало,

---

[72] Сунчица Димитриевска, Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела, стр. 11, 2010.

[73] Види и во УНИЦЕФ Прирачник: Прирачник за позитивно родителство: Фер родител – фер дете, достапен на https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/2019-01/MK_CP_FairParentFairChildGuidebook_MK.pdf последен пристап на 13.05.2019 г.

[74] Мурџева-Шкариќ, Олга (2009): Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје, 2009, стр. 174-175.

нуклеарно семејство кое е многу полесно приспособливо на барањата за географска мобилност.[75]

Промената на дефиницијата за семејство има огромно влијание врз детското престапништво. Семејството се исправи со предизвик да ја одржи својата заштитна функција во време кога децата се нурнати во култура која ја дефинираат рекламите, социјалните медиуми за забава и притисокот од врсниците, каде честопати доминираат влијанија кои децата ниту ги разбираат ниту им се противат. Соочени со такви предизвици и за да имаат какви и да се реални изгледи за авторитет, родителите во ова време мораат да се постават на едно поцврсто стојалиште против овие предизвици. Дејствувањето на родителите, кое во одредени околности може да се смета за деспотско, во други може да биде нужно или барем оправдано.[76] Злоупотребата на родителската моќ е дефинирана како употреба на казна од страна на родителите, но не како инструмент за менување на несоодветното однесување, туку како начин да се искаже сопствената лутина и одговорност.[77] Кога родителското однесување ќе стане закана за детската безбедност и добросостојба, децата страдаат од т.н. збунувачки колапс. Поради неможноста да ги контролираат условите и да се зближат со своите родители, злоупотребуваните деца реагираат со

[75] Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Издавач: Културна установа „Блесок“, Скопје.

[76] Мирчовска, Г. (2011). Семејството и агресивното однесување кај учениците, магистерски труд, Социјална педагогија, Факултет за образовни науки, УГД, стр. 27.

[77] Patterson, J. M. (1996). Family research methods. In C. A. Heflinger & C. T. J. Nixon (Eds.), Families and the mental health system for children and adolescents (pp. 117-144). Thousand Oaks, California: Sage Publications.

дезорганизација, дезориентираност и обиди да ја компензираат загубата на контрола преку физичка контрола на непосредната околина.[78]

Несомнена е поврзаноста на дисфункционалното семејство како криминоген фактор со појавата на детското престапништво. Но што е тоа дисфункционално семејство?

Како дисфункционални семејства се категоризираат семејствата во кои има дисфункционалност во хиерархија на моќта, негрижа и занемарување, злоупотреба, негативен пример и отуѓување. Во психолошко-психијатриската литература, детскиот психолог Ејер вели дека во 83 % од случаите на детско престапништво, виновно е дисфункционалното семејство, а во некои истражувања овој процент се однесува дури на 90 % од испитаниците.[79] Дисфункционална хиерархија настанува кога родителите не успеваат да ја исполнат одговорноста на лидери во семејството. Причините за неуспехот на родителите во преземање на раководна улога во семејството се бројни: злоупотреба на супстанци (наркотици и алкохол), психички болести (нарушено психичко здравје), брачни несогласувања, лоши или никакви санитарни услови, криминални навики на родителите, проблеми поврзани со работата, недостиг од родителски вештини и сл.

---

[78] McAdams, C. R. III & Foster, A. V. (2007). Dysfunctional Family Structures and Aggression in Children: A Case for School-Based, Systemic Approaches With Violent Students. East Carolina University, The College of William & Mary.

[79] Во оваа група, родителите на 64 % од децата испитаници припаѓаат на пониските социјални слоеви и работат на помалку атрактивни работни места. За повеќе види во Мирчовска, Г. (2011): стр. 50-80.

Во стручната литература претежно се прифаќа екстензивната дефиниција дека дисфункционално семејство е она во кое конфликтот, несоодветно однесување и злоупотреба, се случуваат често од страна на поединечни членови на семејството, така што останатите во домот се приморани да се приспособат на ваквите акции.[80]

Оттука, *дисфункционално е она семејство кое не е во состојба да ги исполни обврските за правилен развиток, помош, грижа и заштита на децата.* Дисфункционалните семејства ја оневозможуваат правилната социјализација на децата, која е ненадоместлива.

## 1. Краток осврт на семејните услови кои можат да влијаат врз појавата на детското престапништво

Во продолжение на овој труд ќе ги разгледаме накратко условите кои можат да постојат во едно семејство, а коишто можат да се јават како криминоген фактор. Овие услови влијаат врз психичката и физичката состојба на детето и затоа претставуваат еден од одлучувачките фактори за неговото однесување. Зависно од тоа кои услови превладуваат во едно семејство, истите можат да се јават и како индиректен фактор за појавата на детското

[80] Stoop, D. & Masteller, J. (1997). Forgiving Our Parents, Forgiving Ourselves: Healing Adult Children of Dysfunctional Families;

престапништво.[81] Секако дека личните предиспозиции, врзани за личноста на детето, играат најголема улога. Така, можно е од две деца кои потекнуваат од исто семејство, одгледувани со иста доза на љубов, внимание, посветеност, едното дете да се развие во престапник, додека другото да биде успешен пример за остатокот од општеството. Можни се и ситуации кога две деца потекнуваат од исто семејство, но се разликуваат по наклонетоста на родителите кон нив. Едното дете можеби добило повеќе внимание, пофалби и охрабрување од страна на родителите, опкружено со успеси и задоволства, а другото да било скриено во сенката на неуспехот, неспособноста и родителската разочараност. Конкретната физичка, економска и социјална ситуација е можеби идентична за двете деца, но психолошкиот дел е сосема поинаков. Како и да е, можеби разликите во училиштето, соседството и опкружувањето биле одлучувачки за да се определи состојбата и однесувањето на двете деца.

### *а. Материјални недостатоци или материјален вишок во семејството*

Прво, започнуваме од општите услови кои се неопходни за здрав психофизички развој на детето. Во оваа смисла, *санитарните услови* во семејството можат да играат и клучна улога. Истите директно го таргетираат физичкото здравје на детето, а

[81] За повеќе види во: Savignac, J. (2009). *Families, youth and delinquency: The state of knowledge, and family-based juvenile delinquency programs* (Research Report 2009-1). Ottawa: National Crime Prevention Centre, Public Safety Canada.

индиректно неговата психичка состојба. Меѓу таквите услови треба да се забележат: ѓубре, нехигиенско отстранување на отпадот, лоши тоалети, слаба светлина, топлина и вентилација, пренатрупаност, особено во спалните/детските соби. Во преполни домови децата слушаат разговори и сведочат за сцени помеѓу постарите што, делумно поради незрелото сфаќање на истите, ги искривуваат нивните погледи на животот и им даваат можни предлози за однесување.[82]

Дете коешто потекнува, односно и припаѓа на семејство кое располага со огромни материјални средства исто така може да претставува еден од факторите за појавата на детското престапништво од причина што, овие деца, го губат чувството за ценење и почитување на вредностите кои ги поседува. Тоа може да има: п*ремногу играчки, премногу јадење, премногу пари, премногу лична сопственост за неговите години, премногу облека* и сл. Овие деца за да почувствуваат некаква радост и задоволство, мора да направат нешто многу поголемо, повозбудливо, од тоа што го прават останатите нивни врсници. Нивниот вроден егоизам се поттикнува и доразвива и постојано расте од страна на нивната, најчесто претпоставена и себезамислена супериорна позиција. Сите овие претходно споменати работи може да придонесат за детето да стане деликвент и да прерасне во извршител на некои кривични дела како што се уништување на имот, подметнување пожари, како

[82] Анѓеловиќ, И. (2018). Егзогени фактори за појава на детско престапништво, Правен факултет, УГД;

резултат на тоа што истите копнеат по свои задоволства, но и немаат развиено чувство за почит кон туѓата сопственост.[83]

Материјалните недостатоци најмногу играат доминантна улога во овозможувањето на физичката благосостојба на детето, но сепак можат да имаат и огромно влијание врз неговиот психички развој. Сите овие услови можат да влијаат во формирањето или одржувањето на самодовербата на детето во неговото опкружување, како и врз неговата способност да ги контролира неговите природни инстинкти. Во материјални недостатоци ќе ги наброиме: *недостаток на соодветна облека, недостаток на пари за детското секојдневие, отсуство на простор и ресурси за игра и недостаток на предмети за лична сопственост*. Ова може да причина детето да се обиде да компензира со стекнување на овие добра на криминален начин. При недостаток на пари за неговото секојдневие, детето може да се почувствува инфериорно во однос на неговите врсници, а поради тоа што не секогаш може да ја сфати вредноста на парите и справувањето со истите, може да падне во искушение за коцкање, крадење и други алтернативни начини на справување со дефицитот на средства кој го има во тој момент. Желбата на децата да поседуваат работи, знае да биде интензивна. Со нормално градење и надградување на ова чувство, детето може да ја научи вистинската вредност на работите кои го опкружуваат, да ги цени, почитува како своите, така и останатите предмети кои не се во негова сопственост. Иако сиромаштијата е посебен егзоген фактор за појавата на детското престапништво, сепак

[83] K. M. Banham Bridges (1927): „Factors Contributing to Juvenile Delinquency", page 559;

нераскинливо е врзана за семејството, па од тие причини накратко ќе дадеме осврт за сиромаштијата во семејството и нејзиното влијание кај детското престапништво. Кирил Барт вели: „55 % од младите деликвенти во Лондон доаѓаат од домови кои се под линијата на сиромаштија.“[84] Невработеноста во семејството исто така може да придонесе кон нарушување на природниот баланс во семејството. Во рамките на овој труд направивме истражување за да увидиме дали и колкаво влијание има невработеноста или занимањето на таткото и мајката во појавата на детско престапништво во РСМ. Општото мнение е дека поголемиот број на кривични дела кои се направени од страна на децата во голем процент зависат од овој фактор на сиромаштија и невработеност, во борба против гладот, барајќи брз излез од проблемите со кои се соочуваат, а одбирајќи го најлошиот можен начин – со судир со законот.

| **Занимање на таткото** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 6 | 468 | 368 | 3993 |
| **Директор** | 10 | 9 | 9 | 8 | 8 | 5 | 22 | 6 | 77 |
| **Стручњаци и научници** | 2 | 22 | 5 | 7 | 7 | 14 | 6 | 1 | 64 |
| **Техничари и сродни занимања** | 34 | 48 | 28 | 23 | 27 | 6 | 8 | 4 | 178 |
| **Службеници** | 4 | 5 | 7 | | 2 | | | 1 | 19 |
| **Работници во услужни дејности и продавачи** | 15 | 36 | 19 | 25 | 10 | 6 | 3 | 2 | 116 |
| **Земјоделски** | 26 | 33 | 25 | 23 | 23 | 12 | 9 | 7 | 158 |

[84] Burt, C. L. (1925). The Young Delinquent. London: University of London Press. Republished and revised (3rd ed.) London: University of London Press, (1938); (4th ed.) Bickley: University of London Press, (1944).

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **работници** | | | | | | | | | |
| **Занимања за неиндустриски работници** | 25 | 41 | 35 | 10 | 27 | 47 | 17 | 5 | 207 |
| **Ракувачи на машини и постројки** | 21 | 37 | 18 | 15 | 25 | 7 | 4 | 1 | 128 |
| **Воени занимања** | | | | 1 | 2 | | 1 | 1 | 5 |
| **Елементарни занимања** | 154 | 84 | 49 | 52 | 36 | 60 | 181 | 126 | 742 |
| **Невработени** | 131 | 160 | 142 | 119 | 106 | 42 | 82 | 53 | 835 |
| **Пензионери** | 9 | 9 | 4 | 2 | 8 | 2 | 3 | 3 | 40 |
| **Непознато** | 116 | 238 | 215 | 208 | 180 | 147 | 132 | 158 | 1394 |
| **Табела бр. 1: Осудени деца според занимањето на таткото[85]** | | | | | | | | | |

За појасно и повоочливо прикажување на занимањето на таткото кај вкупниот број на правосилно осудените деца во периодот од 2010 до 2017 година, следи графички приказ.

[85] Во време на изработка на овој труд, податоците за 2018 година не се објавени. Единствено објавен податок за 2018 година е бројот на осудени деца според видот на кривичното дело.




Од графичкиот приказ можеме да заклучиме дека во најголем број родителите се со непознат работен статус, што во значителен дел ја отежнува анализата. Потоа, најголем процент отпаѓа на невработениот татко и татко со елементарно занимање, што укажува на егзистенционалната криза во која се наоѓа семејството, на раб на сиромаштија и егзистенција. Но иако родителот како невработен се наоѓа дома, сепак неговата родителска функција затајува и ги пропушта клучните моменти.

Понатаму во трудот следи анализа за занимањето на мајката кај вкупниот број на осудени деца во периодот од 2010 до 2017 година.

| Занимање на мајката | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 | 468 | 368 | 3993 |
| **Директор** | 2 | 1 | 4 | 4 | 1 | 1 | 8 | | 21 |
| **Стручњаци и научници** | 2 | 18 | 5 | 10 | 4 | 3 | 7 | 1 | 50 |
| **Техничари и сродни занимања** | 10 | 22 | 15 | 9 | 10 | 9 | 3 | | 78 |
| **Службеници** | 9 | 2 | 9 | 3 | 2 | | 2 | | 27 |
| **Работници во услужни дејности и продавачи** | 23 | 23 | 16 | 5 | 8 | 6 | 2 | 3 | 86 |
| **Земјоделски работници** | 6 | 5 | 5 | 6 | 12 | 6 | 1 | 1 | 42 |
| **Занимања за неиндустриски работници** | 18 | 21 | 24 | 17 | 11 | 11 | 6 | 1 | 109 |
| **Ракувачи на машини и постројки** | 1 | 2 | | | 2 | | | | 5 |
| **Елементарни занимања** | 105 | 25 | 35 | 15 | 27 | 13 | 114 | 51 | 385 |
| **Невработени** | 22 | 197 | 141 | 116 | 107 | 55 | 126 | 94 | 858 |
| **Пензионери** | 5 | 1 | 4 | 3 | 4 | | 2 | | 19 |
| **Домаќинка** | 68 | 156 | 106 | 117 | 104 | 99 | 79 | 84 | 813 |
| **Непознато** | 76 | 249 | 192 | 168 | 169 | 145 | 118 | 133 | 1250 |

**Табела бр. 2: Осудени деца според занимањето на мајката**

И во овој случај, отсуството на конкретни податоци за занимањето на мајката не дозволува да се извлече конкретен заклучок за влијанието на занимањето на мајката кај осудените деца и да се утврди со поголема егзактност заемната причинско-последична врска помеѓу овие две категории. Иако постои генерален впечаток дека појавата на проблематично и инкриминирачко однесување кај детето делумно се должи на

вработеноста, еманципацијата и отсуството на мајката од домот, во оваа анализа ваквиот впечаток не се потврди како точен. Од податоците за кои има конкретни бројки, во најголем процент мајката е или невработена или домаќинка, што укажува на нејзината можност да присуствува активно во воспитувањето на детето, растоварена од работните обврски. Во очекување мајките кои се домаќинки да бидат во најмала бројност кај осудените деца, дојдовме до бројки кои се обратни од очекувањата: мајката да е дома, а детето да е осудено за кривично дело.




Поради особено изразениот број на невработени татко или мајка кај осудените деца, високата стапка на мајки кои се домаќинки и родители кои се со непознато занимање, неизбежно е да ја истражиме врската помеѓу невработеноста на родителите (што упатува на сиромаштија) и видот на кривичните дела за коишто децата најмногу се осудени.

Од овие причини следи графички приказ на најчестите извршени кривични дела за кои се осудени децата во РСМ во период од 10 години.[86]




Со оглед на фактот дека дури во 71 % од случаите станува збор за кривични дела против имотот, повеќе од јасна е причинско-

[86] За повеќе во врска со феноменологијата на детското престапништво во Р. Македонија види во Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018), *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

последичната врска помеѓу невработеноста на родителите, сиромаштијата и детското престапништво.[87]

### *б. Нецелосните семејства како ризик-фактор*

Голем број од академските истражувања упатуваат на поголем процент на детско престапништво кај нецелосните семејства.[88] Под нецелосни семејства се подразбира *еден или двајца од родителите да се починати* или, пак, *кога родителите се раздвоени или разведени*. Активното присуство на двајцата родители е од огромна важност за правилниот раст и развој на индивидуата на која ѝ се потребни искуствата, но и упатствата од двајцата родители, за нормално чекорење по животните патеки. Поголемиот дел од становиштата[89] се дека под кој било од претходно споменатите услови, и околности, детето може да биде без потребниот пример, дисциплина или влијание кое води кон комплетно морално и индивидуално развивање. Ваквите претпоставки во пракса се докажуваат како неточни бидејќи

---

[87] Овој преглед е направен земајќи ги предвид и податоците за 2018 година кои се објавени на www.stat.gov.mk, а се однесуваат единствено на бројот на осудени деца од 14 до 16 и од 16 до 18 години (засебно) според кривичното дело.

[88] За влијанието на нецелосните семејства врз детското престапништво, како и за влијанието на полот на родителот кој отсуствува (мајката или таткото) види повеќе во истражувањето на: Stephen Demuth, Susan L. Brown (2004): Family Structure, Family Processes, and Adolescent Delinquency: The Significance of Parental Absence Versus Parental Gender, Volume: 41 issue: 1, page(s): 58-81, https://doi.org/10.1177/0022427803256236.

[89] За повеќе види во: Burt, S.A., Barnes, A. R., McGue, M. & Lacono, W. G. (2008). Parental divorce and adolescent delinquency: Ruling out the impact of common genes. Developmental Psychology, 44, 1668-1677.

бројките укажуваат на најголем процент на осудени деца од целосни семејства.

Огромно влијание на престапништвото има и повторното стапување во брак на еден или на двајцата од родителите,[90] како и новата врска со новиот небиолошки родител,[91] па во таа смисла, лошо третирање од згрижувачки родители, очув/маќеа или старатели има влијание врз појавата на детското престапништво.[92]

Разводот е главен начин за поделба, раскинување на нуклеарното семејство, но во исто време и најчест начин на решавање на конфликтите меѓу сопружниците. Понекогаш тој се јавува и пред почетокот на сериозни конфликти, за тие да може да се спречат.[93] Ова истражување има цел да докаже дека сосема е надминат стереотипот според кој проблематично однесување манифестираат деца од разведени бракови, од еднородителски семејства и деца без родителска грижа. Официјалните податоци покажуваат дека и покрај фактот што бројот на разводи во Република Македонија бележи пораст, речиси не се изменил процентот од близу 80 %[94] на децата кои живеат со двајцата

---

[90] За повеќе види во Price, C. & Kunz, J. (2003). Rethinking the paradigm of juvenile delinquency as related to divorce. Journal of Divorce and Remarriage, 3, 109-133.

[91] Parks, Alisha B., „The Effects of Family Structure on Juvenile Delinquency“ (2013). Dissertation Paper 2279. http://dc.etsu.edu/etd/2279.

[92] Beaver, Kevin M.; Schwartz, Joesph A.; Connolly, Eric J.; Al-Ghamdi, Mohammed Said; and Kobeisy, Ahmed Nezar, „The Role ofParenting in the Prediction of Criminal Involvement: Findings From a Nationally Representative Sample of Youth and a Sample of Adopted Youth“ (2015). Criminology and Criminal Justice Faculty Publications. Paper 19, http://digitalcommons.unomaha.edu/criminaljusticefacpub/19.

[93] Macionis, 1991.

[94] Публикација: Сторители на кривични дела, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPo Oblast.aspx?id=43&rbrObl=6.

родители, а им е изречена мерка. Запрепастува податокот за состојбата со семејството на децата кои се рецидивисти, според кој дури 66 % од нив живеат со обата родитела, а 71 % имале статус на брачни деца во моментот на раѓањето.[95] Главните причини за нецелосно семејство кај децата рецидивисти се: семејството го напуштил едниот родител (мајката или таткото во нова вонбрачна заедница, заминале во непознат правец, детето воопшто нема контакт со некој од родителите), обата родитела го напуштиле семејството – детето живее со баба, детето е под старателство на чичко, дете во установа за деца без родители, обата родитела во затвор (за кражби, тешки кражби, трговија со дрога, запуштање и малтретирање на дете).[96]

Следи табеларен приказ на осудени деца според комплетноста на семејството за да можеме да ја утврдиме причинско-последичната врска помеѓу нецелосните семејства и бројот на осудените деца во РСМ во периодот од 2010 до 2017 година.

---

[95] Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf последен пристап на 13.05.2019 г.

[96] Види во Dimitrijoska; Buzarovska G. (2017). Risk Factors for Recidivism in Juvenile Criminal Offenders. **European Journal of Social Science Education and Research**, [S.l.], v. 4, n. 4, p. 167-173,. ISSN 2312-8429. Available at: <http://journals.euser.org/index.php/ejser/article/view/2424>. Date accessed: 14 may 2019.

| година | вкупно | Живее со родителите | Со двајцата родители | Со таткото, мајката е почината | Со таткото, родителите се одвоени | Со мајката, таткото е починат | Со мајката, родителите се одвоени | Не живее со родителите | Живее со брачен другар | Живее со роднини | Живее со други лица | Живее со друго семејство | Живее во социјално-воспитна установа | Живее сам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 547 | 512 | 443 | 5 | 13 | 17 | 34 | 35 | 8 | 10 | 1 | - | 12 | 4 |
| **2011** | 772 | 670 | 585 | 7 | 28 | 13 | 37 | 52 | 8 | 11 | 2 | - | 18 | 13 |
| **2012** | 556 | 498 | 411 | 9 | 20 | 22 | 36 | 58 | 5 | 21 | - | - | 16 | 16 |
| **2013** | 473 | 431 | 373 | 4 | 11 | 16 | 27 | 42 | 9 | 14 | 1 | - | 13 | 5 |
| **2014** | 461 | 408 | 357 | 2 | 11 | 14 | 24 | 53 | 6 | 15 | 2 | 1 | 27 | 2 |
| **2015** | 348 | 334 | 293 | 5 | 13 | 6 | 17 | 14 | 1 | 1 | 3 | - | 6 | 3 |
| **2016** | 468 | 446 | 360 | 3 | 23 | 19 | 41 | 22 | 3 | 8 | - | - | 5 | 6 |
| **2017** | 368 | 337 | 300 | 1 | 9 | 6 | 21 | 31 | 4 | 5 | - | - | 11 | 11 |
| **вкупно** | 3993 | 3636 | 3122 | 36 | 128 | 113 | 237 | 307 | 44 | 85 | 9 | 1 | 108 | 60 |

**Табела број 3: Број на осудени деца вкрстени со податоци за семејните услови во кои живеат. Извор на податоци: Завод за статистика на РСМ, www.stat.gov.mk**




Во 91 % од случаите, детето кое било осудено за кривично дело во периодот од 2010 до 2017 година, живеело со двајцата родители, што значи дека претежно децата осудени за кривични дела живеат со двајца родители. Ова доведува до заклучок дека во ваквите семејства, иако станува збор за целосни семејства, потфрлиле во воспитувањето и грижата на детето.

Заради целите на истражувањето, направивме графички приказ на осудените деца и составот на семејствата во кои живеат или, пак, доколку живеат без родители, каде се истите сместени. Ова е особено важно заради утврдување на соодносот помеѓу осудени деца и ризик-факторот на нецелосни семејства.




Можеме да увидиме дека претежно осудените деца во периодот од 2010 до 2017 година живеат со двајцата родители (во 73 %). Случаите кога осуденото дете не живее со родителите се 7 %, или кога живее со мајката, родителите се разведени – 6 %, а кога живее со таткото, бидејќи родителите се разведени – 3 % од бројот на вкупно осудени деца. Кога станува збор за нецелосно семејство бидејќи едниот родител е починат, процентите се следни: ако живее со таткото, а мајката е почината – 1 % и кога живее со мајката, бидејќи таткото е починат – 3 %.

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени деца** | 547 | 722 | 556 | 473 | 461 | 348 | 468 | 368 | 3993 |
| **Живее со родителите** | 512 | 670 | 498 | 431 | 408 | 334 | 446 | 337 | 3636 |
| **Не живее со родителите** | 35 | 52 | 58 | 42 | 53 | 14 | 22 | 31 | 307 |
| **Брачно** | 521 | 688 | 515 | 444 | 283 | 274 | 409 | 333 | 3467 |
| **Вонбрачно** | 17 | 21 | 23 | 22 | 170 | 12 | 28 | 11 | 304 |
| **Посвоено** | 1 | 3 | | | 3 | | | | 7 |
| **Непознато** | 8 | 10 | 18 | 7 | 5 | 62 | 31 | 24 | 165 |

**Табела бр. 4: Бројот на осудени деца според брачниот статус на родителите (при раѓањето на детето)**

Ваквата констатација нужно наведува на потреба од натамошна анализа за тоа на што се должи проблематичното однесување и каде затајуваат родителските должности. Овој факт зборува во прилог на потребата од зајакнување на родителската грижа во семејствата во кои децата живеат со обата родитела.

## 2. Останати фактори кои може да влијаат на појавата на детско престапништво

Во продолжение ќе направиме кратка теоретска анализа на останатите фактори за кои немаме статистички податоци за тоа како во бројки влијаат на појавата на детско престапништво.

Како прв таков фактор ќе го земеме **психичкото и физичкото здравје** на родителите. Во случај на п*сихички проблем и заостанат развој на родителот,* се смета дека ова може да влијае врз однесувањето на детето преку несоодветно или погрешно воспитување и дисциплина, преку деликвентен пример или преку други несогласувања во домашниот живот што произлегуваат од

дефектна интелигенција и состојба во која се наоѓаат родителите. Во случај на *психичка болест на родителот*, природата на престапништвото утврдена од оваа причина ќе зависи од видот на психичката болест.[97] Кога насилството, лажењето и сл. се меѓу симптомите на родителите, детето може истите да ги развие преку нивна имитација. Во други случаи, детето може да развие реакција на гадење или апатија кон неговиот дом и бегајќи од дома да се придружи на уличниот живот на соседството. Во случај на п*сихопатија и нервоза, с*екоја од овие состојби може да резултира со лоши ефекти врз децата како резултат на околина со депресија, меланхолија, раздразливост, односно иритација, напнатата атмосфера која ја произведуваат родителите кои боледуваат од претходно споменатите болести и сл.[98] *Алкохолизмот или дрогата како болести на зависност* може директно да влијаат на однесувањето на детето преку сугестија и имитација на непожелното однесување на неговиот родител/и или може да му влијаат штетно на неговиот живот преку занемарувањето, суровоста и недостатокот на родителска наклонетост. *Физичките деформитети на родителот* некои автори ги гледаат како можен фактор за појава на детско престапништво.[99] Во истражувањето

---

[97] Frick, P. J., Lahey, B. B., Loeber, R., Stouthamer-Loeber, M., Christ, M. A. G. & Hanson, K. (1992). Familial risk factors to oppositional defiant disorder and conduct disorder: Parental psychopathology and maternal parenting. *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 60*(1), 49-55. http://dx.doi.org/10.1037/0022-006X.60.1.49.

[98] Chess, S. & Thomas, A. (1984) Origins and Evolution of Behavior Disorders: From Infancy to Early Adult Life. New York: Brunner Mazel.

[99] Детето може да се почувствува засрамено од неговите блиски кои имаат некој физички деформитет и да се претворат во личности со презир, одбивност кон останатиот свет, но и гнев и желба за некаков нивен вид на одмазда. За повеќе види во: К. М. Banham Bridges (1927), Factors Contributing to Juvenile Delinquency, 17 Am. Inst. Crim. L. & Criminology 531.

направено врз деца повторници на кривични дела,[100] болеста во семејството се јавува како причина за судир со законот. Во оваа смисла како најчеста хронична болест во семејството се евидентирани депресија, психички болести, емоционални растројства, срцева болест, слепило, шизофренија.

Нареден фактор кој го земаме предвид се **неморални и родители деликвенти, како и претходна осудуваност во семејството**. Преку вродената карактеристика на детето да ги имитира своите родители, барем во периодот додека не созрее и не започне само да ги спознава работите, родителот деликвент и неморалниот родител се последното нешто кое би му биле од корист на дете во развој. Гледајќи ги негативните примери, детето стекнува сосема погрешни навики, па оттука и големи се можностите за ваквите деца да бидат склони кон неморалност и, нормално, кон детското престапништво. Едно од најголемите истражувања досега кое е направено од Sytska Besemer и кое има опфатено 3.423.483 деца,[101] потврдило дека децата чии родители се вклучени во криминални активности имаат 2,4 пати повеќе шанси да бидат во судир со законот.[102]

---

[100] Dimitrijoska; Buzarovska G. (2017), Risk Factors for Recidivism in Juvenile Criminal Offenders. **European Journal of Social Science Education and Research,** [S.l.], v. 4, n. 4, p. 167-173, may 2017. ISSN 2312-8429. Available at: <http://journals.euser.org/index.php/ejser/article/view/2424>. Date accessed: 14 may 2019.

[101] Повеќе за ова истражување види на https://phys.org/news/2017-11-children-criminal-parents-greater-chance.html последен пристап на 10.05.2019 г.

[102] Sytske Besemer et al. A systematic review and meta-analysis of the intergenerational transmission of criminal behavior, *Aggression and Violent Behavior* (2017). DOI: 10.1016/j.avb.2017.10.004.

Кога зборуваме за семејството како криминоген фактор, не можеме да се задржиме само на родителите, бидејќи тоа би било премногу еднострана анализа. Секако како негативен фактор можат да се појават и браќата или сестрите од семејството. Во оваа смисла, при т.н. несреќен однос со браќата и сестрите, можат да се развијат околности за појава на детско престапништво. Кај детето кое е *малтретирано* од страна на своите браќа и сестри има огромна можност да се развие чувството на инфериорност или некаква мана. Ако детето е спречено да може да ги искажува своите мислења, цели, барања како резултат на малтретирањето од своите браќа и сестри, многу е веројатно дека доколку родителите не го спречат ваквиот однос помеѓу истите, ќе резултира со негативен ефект во натамошниот раст и развој на детето. Ќе се појави можност малтретираното дете да прерасне во инфериорна личност, а и голема е веројатноста истото дете да посака да биде слушано, почитувано, избирајќи некој од начините кои ќе мисли дека се исправни. Понатаму, *љубомората* која најчесто се развива кај деца кои имаат цврсти инстинкти да бидат во центарот на вниманието, себичните деца кои сакаат сè за себе и кои мислат дека не постои никој друг во нивната околина и свет освен тие самите. Од друга страна, љубомората се прави и со самото фаворизирање на дел од децата во семејството, а занемарувајќи ги останатите. *Антагонизмот (непријателство)* кој децата можат да го развијат врз некој од браќата и сестрите може евентуално да ги насочи кон деликвенцијата, особено ако чувството го чуваат за себе и не го покажуваат на ниту еден начин. Кога браќата или сестрите се *лош пример и* патоказ за деликвентно поведение, може да се јават во улога на криминоген фактор.

Како не помалку важни ќе ги споменеме и **недостатокот на родителска грижа и внимание.** Родителската грижа и вниманието се многу значаен фактор, бидејќи доколку отсуствуваат во правилното време, оставаат простор за спротивните особини на пожелните. Оставаат простор за омразата, бесот, егоизмот, лутината, асоцијалноста, а нормално и детското престапништво. Сите овие особини само го поттикнуваат детето кое никогаш не ја запознало топлината на родителите, топлината и грижата за друг, поради тоа што било оставено само на себе и ги нема меморирано овие особини. Родителската грижа и вниманието во своите негативни форми се јавуваат низ следните облици: мајка/татко кои премногу работат; мајка/татко кои се окупирани со премногу социјални активности (лично за себе); премногу деца во семејството и вниманието на родителите е поделено на повеќе страни, па не се посветува доволно време поединечно; отсуство или недостаток на родителска грижа и внимание.

Иако генерална претпоставка е дека кога станува збор на отсуство на семејна грижа и внимание, станува збор за родители кои се преангажирани, презафатени, отсутни од домот, ваквата претпоставка бројките ја соборуваат во најголем дел. Во истражувањето во овој труд покажавме дека во многу голем процент кај осудените деца, мајката е невработена или домаќинка, што значи, условно кажано, е во можност да се грижи за децата, а ја пропушта таа обврска. Уште повеќе загрижува фактот што кај децата рецидивисти, едниот родител (најчесто мајката) е невработен. Па така, фактот што 65 % од мајките на децата повторници се невработени, зборува во прилог на отсуството на

семејна грижа и внимание и покрај отсуство на работни обврски. Загрижува што во најголем број случаи, стручните тимови на центрите за социјални работи оценуваат дека семејството не е во можност да го контролира однесувањето на детето.[103]

Сепак секој ризик-фактор е само **можност** истиот да влијае врз детското престапништво, што не значи дека во секој случај влијае. Во согласност со податоците до кои дојдовме од истражувањето, кога мајката и таткото се на високи раководни позиции, што бараат значително поголем ангажман и време, отсуство од дома, интензивен и исцрпен работен ангажман, осуденоста на децата е околу 2-4 % од вкупниот број на осудени деца во истражуваниот период.

Како криминоген фактор секако може да се појави и **недостатокот на или погрешно насочена дисциплина.** Меѓу повеќето можни начини на кои домашната дисциплина може да биде погрешна, ќе ги спомeнеме само неколкуте: п*реголемо галење (разгалување)* или претерување, а не контрола на детските желби, цели и потреби; *преголемо ограничување (забрана) и строгост* исто така може да го направи детето со тек на време да стане имуно на дисциплината и строгоста односно строгиот однос кој го наметнуваат неговите родители.[104] Исто така прекумерната

[103] Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf последен пристап на 13.05.2019 г.

[104] Види и во УНИЦЕФ Прирачник: Прирачник за позитивно родителство: Фер родител – фер дете, достапен на https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/201

забрана може да ја зголемува постојано желбата за извршување на зацртаните цели и покрај забраните на своите родители, од причина што во човековата природа е дека тоа што е забрането е најпосакувано. Нормално, сериозноста и забраните, заедно со строгиот однос, можат да му наметнат одбивен однос на детето кое нема да посакува повеќе да се наоѓа во таква средина, па ќе се насочи кон борба со ваквиот систем, а со самото тоа ќе се определи и за некој од можните начини на приклучување кон детското престапништво. *Недостаток на соработка помеѓу родителите* – кога родителите не се согласуваат во прашањата за дисциплината и начинот на воспитување на нивните деца, во домот се јавува ситуација во која како и практично да нема никаква дисциплина и ред. *Непостојан авторитет* – кога родителот не си го почитува, односно го погазува зборот или забраната која претходно му е упатена на своето дете, односно се премислува и му ја укинува забраната, автоматски давајќи му дозвола да ја стори истата работа; ефектот од ваквата ситуација е речиси ист како претходно споменатата, односно ситуацијата кога двајцата родители не се согласуваат во своите одлуки за нивните деца. Детето во ваква ситуација не знае што да прави и најчесто си го задржува својот интерес, а тоа што добива забрани или казни и во брз период истите ги снемува, го навикнува на ваквиот однос, почнува да станува имуно на тоа што е забрането за него, а што не, и ова го насочува кон погрешно гледање на работите, па така забранетите работи му стануваат поинтересни.

---

9-01/MK_CP_FairParentFairChildGuidebook_MK.pdf последен пристап на 13.05.2019 г.

## 3. Влијанието на семејството во рецидивизмот кај децата

Во однос на состојбата со семејството на детето *повторник* загрижува сознанието дека 66 % од нив живеат со двајцата родители, а 71 % имале статус на брачни деца во моментот на раѓањето. Ваквата констатација нужно наведува на потреба од натамошна анализа за тоа на што се должи проблематичното однесување и каде затајуваат родителските должности. Во поголем број случаи се работи за многудетни семејства кои не успеваат да бидат функционални во смисла на грижа, заштита, помош, но и контрола и надзор врз децата.[105]

Причините за ваквата состојба треба да се бараат во намален авторитет на родителите врз децата поради конзумирање алкохол, осудуваност, престој во затвор, слаба економска состојба на семејствата, напуштање на семејството од страна на еден или двајцата родители, развод или фактички раскината брачна заедница, нови вонбрачни врски во кои децата од претходните бракови недоволно се адаптирани, невработеноста и неможноста на родителите да го намалат јазот помеѓу желбите, можностите и потребите на детето. Понатаму, како ризик-фактори во конкретни случаи се регистрирани: лош однос со родителите, браќата и сестрите, конфликтен однос со таткото/мајката, криминално однесување на другите деца во семејството (браќа сместени во установа, браќа во затвор, вршење кривични дела со сопствен

---

[105] Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf последен пристап 13.05.2019 г.

татко и брат), ниедно дете во многудетното семејство не е вклучено во образовен процес (деца на улица) или чергарски живот на семејството (децата не се вклучени во образовен процес, отсуство на елементарни станбени услови, татко без извод од родени), скитништво и питачење кај сите членови на семејството. Не ретко е евидентирана и хронична болест во семејството (депресија, психички болести, емоционални растројства, срцева болест, слепило, шизофренија), починат родител, а другиот нема доволен авторитет; другиот родител заминал; другиот родител основал нова брачна/вонбрачна заедница во која детето не се вклопило, не се адаптирало поради што кај него се јавува агресивност, анксиозност, несигурност, безобѕирност, дрскост, непочитување, проблематично друштво и сл., детето има поддршка од таткото (таткото манифестира отпор и несоработка со ЦСР наместо да презема мерки детето да се коригира во однесувањето).[106]

[106] Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf последен пристап 13.05.2019 г.

**Заклучни согледувања**

Најголемиот предизвик со кој се соочува современото семејство е сè поинтензивното слабеење на неговата воспитна функција. Семејството како природна средина за развој на децата треба да им овозможи заштита, помош и атмосфера на среќа, љубов и благосостојба. Семејството претставува креатор на условите во кои детето се развива, односно може да биде креатор на социјално исклучување или, пак, креатор на околности кои ќе се сметаат за заштитни и ќе влијаат во градењето отпорност на ризиците кои го опкружуваат детето. Од квалитетот на односите во семејството ќе зависи дали семејството има заштитна улога.[107] Сепак, сè зависи од околностите – на пример, еднородителско семејство може да биде заштитен фактор доколку односите во него се позитивни, детето е негувано и згрижено, за разлика од двородителско семејство кое живее во постојан конфликт. Понатаму, постоењето на заштитнички настроен родител може да претставува заштитен фактор во семејство исполнето со конфликти.[108]

Тргнувајќи од теоретските претпоставки дека семејството може да се јави како криминоген фактор, направивме и анализа за да можеме да дојдеме до заклучоци кои кореспондираат со реалноста. За да ја согледаме реалната слика, неопходна ни беше статистичка анализа на податоците до коишто дојдовме за осудените деца според семејните услови, брачниот статус на

107 Free, M. D. (1991). Clarifying the relationship between the broken home and juvenile delinquency: A critique of the current literature. Deviant Behavior, 12, 109–167.

108 Farrington, D. P. & Welsh, B. C. (2007). Saving children from a life of crime: Early risk factors and effective interventions. New York, NY, US: Oxford University Press, p. 56.

родителите и нивното занимање. Мораме да нагласиме дека кога зборуваме за семејството како криминоген фактор, сепак дали истото ќе биде фактор за појава или фактор кој поддржува или игнорира криминално однесување, зависи од многу други фактори како сиромаштија, многудетност, слабо или никакво образование, нерешени станбени услови, но и ендогени фактори врзани за личноста, темпераментот, побудите, вродени болести и сл. Семејните ризик-фактори постојано се во интеракција со останатите егзогени и ендогени фактори за појава на детското престапништво, формирајќи комплексна врска, а веројатноста дали одредено дете ќе стапи во судир со законот или не, е многу тешко со сигурност да се предвиди. Од компаративните истражувања кои се правени на особено долги периоди направена е градација на најсилни до најслаби семејни фактори за појава на детско престапништво. Како најсилни се: отсуството на родителска грижа, родителско занемарување и вклучување во кривични дејства од страна на родителот. Втори на листата се: брачниот статус на родителот и осудуваност на родителите. Послаби или трети по интензитет за појава на детско престапништво се: отсуство на родителска дисциплина, болест кај родителите и отсуството на родителите.[109]

Од нашето истражување дојдовме до заклучок дека најголем број од децата кои се осудени за кривично дело во периодот од 2010 до 2017 година потекнуваат од целосно семејство (91 %), во кое мајката или таткото или и двајцата се невработени. Иако

---

[109] Chess, S. & Thomas, A. (1984) Origins and Evolution of Behavior Disorders: From Infancy to Early Adult Life. New York: Brunner Mazel.

постои генерален впечаток дека појавата на проблематично и инкриминирачко однесување кај детето делумно се должи на вработеноста, еманципацијата и отсуството на мајката од домот, во оваа анализа таквиот впечаток не се потврди како точен. Од податоците за кои има конкретни бројки, во најголем процент мајката е или невработена или домаќинка, што укажува на нејзината можност да присуствува активно во воспитувањето на детето, растоварена од работните обврски. При вкрстување на овие податоци со феноменологијата на кривични дела кај децата во 10-годишен период, каде што дури 71 % се кривични дела против имотот, повеќе од јасна стана причинско-последичната врска помеѓу детското престапништво и невработеноста во семејството, како главен фактор за појава на детското престапништво.

# ПРИМЕНАТА НА ЧЛЕН 12 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[110]

**доцент д-р Милица Шутова**

***milica.sutova@ugd.edu.mk***

## Вовед

Правото на детето на мислење е првиот и основен чекор на концептот на учество на детето во постапката на којашто се надоврзуваат партиципативните права на детето. На неговата правна положба ѝ претходат два клучни фактори кои претставуваат извор на правната регулатива за деца, и тоа: принципот на најдобар интерес на детето и правото на партиципација на детето.[111]

Кога станува збор за партиципативни права на детето, основно општо правило претставува правото на детето на

[110] Трудот е објавен во Зборник на трудови -Охридска школа на правото 2019 Злоупотреба на правото и "ненормалното" право наспроти владеење на правото ISBN 978-608-66152-4-6 (кн. 9) (Институт за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА).

[111] Влашкович, В., Начело најбоњег интереса детета у породичном праву, докторска дисертација, Крагујевац, 2014, стр. 243.

мислење, кое е уредено во Конвенцијата за правата на детето[112] на две нивоа, општо и конкретно, односно процедурално ниво. Со оваа Конвенција за прв пат се уредени фундаменталните права на детето.[113] Во процедурална смисла, се нагласува дека му се дава можност на детето да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се однесуваат на неговиот интерес, било непосредно или преку застапник или соодветен орган на начин кој е во согласност со процедуралните правила на националното законодавство.[114]

Не е едноставно да се утврди најдобриот интерес на едно дете во постапките во кои правата и интересите на детето треба да бидат поврзани со правата и интересите на другите учесници во истите. Најдобрите интереси на детето во граѓанско-судската постапка мора да се разгледат заедно со другите права на детето, како, на пример, правото да се слушне неговиот глас, правото да биде заштитено од насилство, правото да не биде одвоено од неговите родители итн. Кога зборуваме за парнични постапки во кои се решават семејноправни односи, треба да се има предвид,

---

[112] European Convention on the Exercise of Childrens' Rights, Council of Europe, ETS No. 160, била отворена за потпишување на 25 јануари 1996 г., а стапи во сила на 07.01.2000 година (Република Македонија го депонира инструментот за ратификација на ЕК на 15 јануари 2003 година, Конвенцијата стапи во сила на 1 мај 2003 година).

[113] Член 12 став 1 од Конвенцијата за правата на детето (КПД пред сè ги обврзува државите членки да му обезбедат на детето право да формира свое мислење, своето мислење да го изрази слободно за сите прашања кои се однесуваат на детето, на мислење на детето да му се посвети должно внимание во согласност со возраста и зрелоста).

Види повеќе: http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/.pdf.

[114] Член 12 став 2 од Конвенцијата за правата на детето.

пред сè, дека општите правила на парничната постапка како стандардни правила на постапување кои се наменети за решавање на класични имотноправни спорови, не одговараат на специфичната природа на семејноправните односи.[115] Поинаку кажано, во постапката за вршење на родителските права, постојат одредени отстапувања во однос на општата парнична постапка, што се гледа во ограничената примена на начелото за диспозиција, доминација на истражното начело, исклучување на јавноста и итноста на постапката.[116] Во овие постапки, како едни од посебните парнични постапки, особена важност се придава на примената на принципот на правичност, имајќи предвид дека судот е должен да се раководи од најдобриот интерес на детето.

---

115Станковиђ, Г, Грађанско процесно право, Прва свеска, IX измењено и допуњено издање, Мегатренд Универзитет, Београд, стр. 582, 2013 година.

116Отстапување на начелото на диспозиција се манифестира во ограничување на правата на странката во поглед на поведување на парничната постапка. Додека општата парнична постапка ја поведува исклучиво странката, постапката за вршење на родителско право, како адхезиона постапка, може да ја поведе и судот по службена должност односно ex officio. Отстапувањето на начелото на диспозиција доведува до отстапување на расправното начело (што значи овде доминира истражното начело) кое е доминантно во парничната постапка, судот може да утврди факти и кога не се спорни помеѓу странките и може да истражува факти кои ниедна од странките не ги извела, од причина што е должен да се раководи од принципот на најдобар интерес на детето. Се работи за постапка која е итна, со оглед на тоа дека се однесува на деца и родители кои вршат родителско право. Ова начело се конкретизира со отстапување од правилата на обврската за доставување на тужбата на одговор, бројот на рочишта за расправа е лимитиран како и законските рокови во кои судот е должен да закаже и одржи рочиште или да одлучи по жалба. Станковиђ, Г., op. cit., стр. 583.

## 1. Процесноправната положба на детето и неговото застапување во граѓанските судски постапки

Детето може да се јави во различна процесна улога (улога на странка, учесник и сведок) во граѓанско-судска постапка. И покрај бројните правни, социјални, културни и економски препреки, тргнувајќи од неговиот пристап спрема судот, најбитна од сите е отсуството на деловната способност. Сепак, детето мора да биде вклучено во постапката пред да биде донесена каква било одлука која влијае на неговиот сегашен или иден статус. Во секоја судска постапка треба да се прибави мислење на детето, освен ако стручен орган процени дека тоа не е најдобар интерес на детето (се мисли на Центарот за социјална работа). Ковенцијата за правата на детето изврши влијание во унапредување на процесната положба на детето во судските и административните постапки кои се однесуваат на неговите интереси. Во суштина, правото на детето претставува признавање и зачувување на неговиот правен субјективитет и овозможување на активната улога на детето како субјект, а не како пасивен објект во разни општествени односи.[117] Изразување на мислењето е последица на сопствените гледишта. Конвенцијата за правата на детето ова право го релативизира и го согледува низ призмата на детската реалност, односно возраст и степен на зрелост, бидејќи е сосема јасно дека индивидуализацијата е единствениот правилен пристап до

[117] Hrabar, D., Evropska konvencija o ostvarivanju djecjih prava - poseban zastupnik djeteta, Djete u pravosudnom postupku, Primjena Evropske konvencije o ostvarivanju djecjih prava, стр. 105, Zagreb, 2012.

детето.[118] По завршување на судската постапка во која детето непосредно го изразува своето мислење, судот е должен да се води од начелото на најдобар интерес на детето и во таа смисла да обезбеди повратна информација за детето за тоа како е одлучено, како и да го информира како неговото мислење влијаело врз одлуката.[119] Повратната информација која ја обезбедува судот значи гаранција дека ставовите на детето не се изведени во постапката само како формалност, туку дека се сфаќаат сериозно.[120] Битно е да се напомене дека Комитетот за правата на детето не упатува на примена на посебен метод во однос на пренесување на информациите до детето. Бидејќи е нереално да се очекува судијата тоа лично да го стори, поради природата на домашната судска постапка, ова барање би можело индиректно да се исполни и преку лицето кое се јавува како застапник на детето, или ако судијата директно го сослуша детето на начин кој може да го задолжи претставникот на органот за старателство или третото лице да ги пренесе релевантните информации на детето. Во нашето законодавство не е уредено што претставува најдобар интерес на детето, ниту е предвиден метод за негова оцена, туку се остава на судот тоа да го дефинира. Сложеноста на овој принцип бара моќ за селективно расудување, но и логички способности на

[118] Оваа конвенција им дава можност на земјите да ја определат возраста на детето од која ќе се зема предвид неговото мислење, но тоа од друга страна отвора дилеми во однос на развојот и зрелоста на детето.

[119] Точка 45 од Општиот коментар бр. 12 (2009), Правото на детето да се сослуша. Види повеќе: https://www2.ohchr.org/english/bodies/crc/docs/AdvanceVersions/CRC-C-GC-12.pdf.

[120] Комитетот на ОН за правата на детето наведува дека информацијата може да биде основа детето да поднесе правни лекови против одлуката.

оние лица кои утврдуваат што во конкретен случај претставува најдобар интерес на детето. Се работи за правен стандард кој е најблиску поврзан со правото на правичното судење. Самата одредба на член 12[121] е поделена во два става: во првиот став се говори за правото на детето „слободно да ги изрази своите ставови“ за сите прашања кои се однесуваат на детето, а во другиот став станува збор за процесна терминологија која говори за „правото на детето да биде сослушано“. Имено, примената на член 12 е доста широка, бидејќи не се однесува само на процедуралните права на децата, туку на тоа дека процедуралните права се вклучени во одредбата од став 2.[122] За разлика од принципот на најдобар интерес на детето, „правото на детето на мислење“ е поврзано со одредени ограничувања кои се изразени согласно со правните факти и правните стандарди. Во оваа смисла, Конвенцијата на ОН за правата на детето уредува дека титуларот на правата на детето е способен да формира свое мислење, односно укажува дека на мислењето на детето мора да се посвети должно внимание во согласност со зрелоста и возраста. Исклучително е важно да се истакне дека правото на детето да го изрази своето мислење или да биде сослушано во постапката е негово право, но не и негова обврска. Надлежните органи имаат обврска да утврдат дали детето е способно да даде свое мислење. Во контекст на оваа процена заради остварување на најдобриот интерес на детето, треба да се води сметка дека:

[121] Член 12 став 1 од КПД.

[122] Hrabar, D., op. cit, стр. 119.

- се тргнува од претпоставката дека детето е способно да формира сопствено мислење. Товарот на докажување на способноста не е на детето, туку на оној кој смета дека детето е неспособно, и тоа треба да го докаже;
- процена се врши во секој конкретен случај, имајќи предвид конкретно дете, конкретно прашање и околност;
- се цени способноста на детето, без оглед на формите на изразување на мислењето: преку игра, јазик на телото, изрази на лицето, цртање, сликање, бидејќи прифаќањето на овие форми на изразување дава можност многу мало дете да покаже разбирање, избор и наклонетост;
- мислењето на детето во судска постапка се цени без оглед во која форма е изразено. Детето треба да се третира како полноправно човечко суштество, односно на детето треба да му се верува, да се сфатат неговите потреби, чувства, верувања и индивидуалност воопшто. Државите кои ја имаат ратификувано оваа Конвенција мора да обезбедат детето да ги добие сите информации и совети што му се потребни за да се донесе одлука за најдобар интерес. Детето кое ќе одлучи да го изрази своето мислење треба да биде предупредено дека во секое време може да се откаже од натамошното присуство.

## 2. Влијанието на возраста и зрелоста во постапките во кои се одлучува за правата на детето

Кога зборуваме за возраста и зрелоста на детето, треба да се има предвид дека тие можат да се оценат само поединечно, со оглед на добиените информации, искуството на детето, неговата околина, социјалните и културните очекувања. Зрелоста, сепак, се однесува на способноста на детето да ги сфати и прифати последиците од какво било мислење. Способноста за расудување и сфаќање на последиците како стандард сè повеќе навлегува во меѓународните документи и националните законодавства, бидејќи развојната психологија докажала дека созревањето е процес, најчесто линеарен, сепак индивидуален, а неретко е и непредвидлив, но сепак континуиран. Значењето, пак, на мислењето на детето постепено се зголемува со зрелоста на детето, со тоа што возраста на детето нема независна и одлучувачка улога. Комитетот за правата на детето се противи на определување на возрасна граница која ќе биде основа за да може детето да го оствари своето право на мислење, во сите случаи во кои се одлучува за неговите права и интереси. Возрасната граница не покажува ниво на детско сфаќање, од причина што многу мал број на деца покажуваат високо ниво на зрелост. Од друга страна, средината во која детето се сослушува не треба да биде непријатна, непријателска, нечувствителна или несоодветна за неговата возраст. Процедурите мора да бидат достапни и адаптирани на детето. Во таа смисла, неопходно е да се обезбеди соодветно обучен кадар, појава на судница и облека на лица кои учествуваат во

постапката, одделни простории за чекање на деца и слично. Откако надлежен орган ќе одлучи дека детето треба да биде сослушано, потребно е да се одлучи како ќе биде сослушано: директно или индиректно, преку претставник или соодветно тело. Комитетот на ОН препорачува, секогаш кога е можно, на детето да му се даде можност да биде директно сослушано во која било постапка. Застапник на детето може да биде родител, адвокат или друго лице (меѓу другите и лице од Центарот за социјална работа). Сепак, треба да се има предвид дека во многу случаи (граѓански, казнени или административни постапки) постои ризик од настанување на конфликт помеѓу интересите на детето и неговиот претставник, кој е најчесто неговиот родител или родителите. Ако сослушувањето на детето се врши преку претставник, од суштинско значење е ставовите на детето да се пренесуваат правилно до органот кој ја носи одлуката, а од страна на застапникот.[123] Претставникот мора да биде свесен дека ги претставува интересите на детето, а не на други лица, односно да се однесува како лице кое ги претставува ставовите на детето. Можноста за застапување мора да биде „на начин“ што е во согласност со процедурални правила на националното право. Во контекст на ова прашање, нашето законско решение е доста штуро. Иста е и состојбата кога се одлучува кај кој од родителите детето треба да остане на чување и воспитување во случај на развод на брак. Имено, во член 80 од Законот за семејството, законодавецот не предвидел обврска да се сослуша и малолетникот и да се земе предвид и неговото мислење кога бракот се разведува и кога треба

[123] Ibid.

да се донесе одлука кај кого од родителите детето ќе остане. Ова е еден од најсериозните недостатоци на македонското семејно законодавство, кое не е целосно усогласено со членот 12 од Конвенцијата на ОН за правата на детето.

## 3. Мислењето на детето во судските постапки во европските земји

За разлика од Република Македонија, во европските законодавства се придава многу големо значење на правото на детето да го каже своето мислење пред сите судски и други органи, кога се носат одлуки значајни за правата и интересите и иднината на детето. Во ***Франција*** постои законска обврска судијата да го сослуша малолетникот кој е способен да формира сопствено мислење во сите постапки во кои се решава за правата и интересите на детето. Доколку детето бара да биде сослушано, а судијата не го прифати ова барање, тој мора да ги образложи причините за оваа своја одлука. Судијата може да реши да не го сослуша малолетникот доколку поради неговата возраст, здравје или интелектуални способности, сослушувањето не е можно, или може да предизвика негативни ефекти за детето. Во ***Италија*** постои законска обврска малолетникот, кој достигнал одредена возраст и степен на зрелост, да има право да го каже својот став во сите постапки во кои се решава за неговиот живот и неговиот

правилен развој.[124] Во ***Шпанија*** постои законска обврска детето, кое има достигнато одредена возраст и степен на зрелост, да има право да биде информирано и да го каже своето мислење за сите прашања што се однесуваат на него и на неговите права и интереси. Доколку родителите не го информираат детето, и не го земат предвид неговиот став кога одлучуваат за прашања кои се значајни за него, се смета дека несовесно го вршат родителското право. Во Граѓанскиот законик се предвидува дека детето кое има наполнето 12 години мора да се сослуша кога се носи одлука кај кој родител ќе живее, доколку родителите не живеат заедно, или доколку се разведени. Според холандскиот Закон за парнична постапка, судот нема да донесе одлука пред да се сослуша малолетникот кој има навршено 12 години за прашања кои се однесуваат на неговите права и интереси.[125] Освен тоа, судијата има дискреционо право да го слушне и мислењето на малолетник кој нема навршено 12 години.[126] Во ***Австрија*** исто така постои законска обврска детето да се сослуша кога се решава за прашања кај кој родител ќе остане да живее ако тие живеат одвоено, како и за одржување на лични контакти со родителот со кој детето не живее. Покрај тоа, детето кое достигнало одредена возраст и зрелост се сослушува и кога се решава за прашања поврзани со неговото образование. По правило, судијата го сослушува малолетникот кој има наполнето десет години, но помалите деца

---

124 Види повеќе: http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Italy-Parental-Responsibilities.pdf.

125 Член 809 став 1 од холандскиот Закон за парнична постапка: http://ceflonline.net/wpcontent/uploads/Netherlands-Parental-Responsibilities.pdf.

126 Види повеќе: http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Netherlands-Parental-Responsibilities.pdf.

може да бидат сослушани и од обучени психолози или педагози, со цел да можат послободно да го кажат своето мислење.[127] Во ***Чешка*** постои законска обврска детето да биде сослушано во сите постапки кога се решава за неговите права и интереси. Детето се сослушува од страна на судија кога се решава кај кој родител ќе остане да живее, ако тие не живеат заедно, и кога се решава за одржувањето на личните контакти на детето со родителот со кој не живее. За сослушувањето на детето решава судијата, но генерално правило е дека детето постаро од 12 години треба да биде сослушано од страна на судијата пред тој да донесе одлука за погоре наведените прашања. Според ***Граѓанскиот закон на Грција***, судијата има обврска да го сослуша малолетникот кога решава за негово доверување на чување и воспитување и кога решава за одржувањето на лични контакти на детето со родителот со кој детето не живее.[128] Покрај тоа, судијата има обврска да го сослуша малолетникот и за сите други прашања кога решава за неговите права и интереси (како, на пример, кога решава за прашања поврзани со образованието на детето, кога за тоа постои конфликт помеѓу родителите).[129] Судијата го зема предвид мислењето на детето, тргнувајќи од неговата возраст и степен на зрелост, што е фактичко прашање за кое решава судијата во секој конкретен случај, што значи дека во грчкото законодавство нема определена возраст над која детето мора задолжително да се

---

[127] Види повеќе: http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Austria-Parental-Responsibilities.pdf.

[128] Види повеќе: http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Greece-Parental-Responsibilities.pdf.

[129] Види повеќе: http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Greece-Parental-Responsibilities. pdf.

сослуша. Во ***Норвешк***а постои обврска кога судот решава за родителските права и обврски, доделување на детето на чување или одржување на личните контакти, да се сослуша ако има наполнето седум години. Покрај ова, во норвешкиот Закон за деца од 1981 година е уредено дека на детето кое има навршено 12 години „треба да му се даде големо значење на ставот на детето кога се одлучува за неговите права и интереси“. Според норвешкото законодавство, судијата го сослушува малолетникот без присуство на родителите или нивните законски застапници, а може да определи сослушувањето да го спроведе стручно лице, доколку за тоа има оправдана причина. За разлика од европските законодавства, во Законот за семејството на Република Македонија не е доследно имплементиран членот 12 од Конвенцијата, што претставува една од основните слабости на македонското семејно законодавство. Според тоа, законските решенија во однос на ова прашање не се конзистентни. За одредени прашања во Законот за семејството е уредено правото на детето да се сослуша кога ќе достигне одредена возраст и кога надлежните органи решаваат за неговите права и интереси, а во други ситуации не се предвидува вакво решение. Без да навлегуваме во елаборацијата на пристапите, можеме само да укажеме дека се евидентни разликите по ова прашање и во земјите во регионот. Имено, направена е законодавна реформа и во семејните закондавства е предвидена обврска да се зема предвид мислењето на детето. Така, на пример, во Законот за семејството во Србија и Хрватска ова прашање е уредено на начин што се предвидува возраст на детето за да може да го изрази своето мислење. Согласно со Законот за семејството во Србија, детето кое наполнило 10 години може слободно и

непосредно да го изрази своето мислење во секоја судска и административна постапка во која се одлучува за неговите права. Согласно со Законот за семејството во Хрватска, дете кое наполнило 14 години има право на свое мислење во судски и административни постапки во кои се одлучува за неговите права. Според наше мислење, и покрај тоа што во законодавствата на Србија и Хрватска е уредено ова прашање, сепак со постојните законски решенија се ограничува правото на изразување на мислење на детето на возраст од 10 или 14 години, кое не е во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на детето. Односно, правото на изразување на мислење не е лимитирано со возраст, туку со способноста на детето да формира мислење, кое зависи од неговите индивидуални развојни способости. Од друга страна, пак, во Црна Гора, со измените на Законот за семејството во 2016 година, беше изменет и членот со кој на детето му се дава право да го каже своето мислење ако е постаро од 10 години. Сега во постојниот законски текст тоа ограничување не важи – правото му се признава на секое дете кое е во состојба да формира мислење.[130] Со овие измени, постојниот законскиот текст е усогласен со современиот концепт на развојните способности на детето и ставот на Комитетот за правата на детето да не постои старосна граница во поглед на способноста на детето да формира свое мислење, туку способноста да се утврдува во секој конкретен случај, имајќи ги предвид возраста и зрелоста на детето. Ваквото

[130] Петрушић, Н., Новине породичном судском процесном праву Црне Горе, Тематски зборник радова Правног факултета у Нишу, Заштита људских и мањинских права у Европском правном простору, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр. 53.

законско решение е потребно да се вгради и во Законот за семејството во Македонија, со што нашето законодавство ќе се усогласи со еден од основните столбови на Конвенцијата на ОН за правата на детето – а тоа е правото на детето да го каже своето мислење во сите постапки кога се решава за неговите права и интереси.

**Наместо заклучок:**

Конвенцијата за правата на детето изврши влијание во унапредување на процесната положба на детето во судските и административните постапки кои се однесуваат на неговите интереси. Со оваа Конвенција за прв пат се уредени фундаменталните права на детето. Членот 12 од Конвенцијата на ОН претставува еден од основните столбови на Конвенцијата. Со него се овозможува детето да биде вистински субјект на правото, а не само пасивен објект на заштита што треба да ја обезбедат родителите или надлежните државни органи. Комитетот за правата на детето вложи значителни напори за да ги демистифицира најдобрите интереси на детето. Во овој поглед, од особено значење е содржината на споменатиот концепт да се утврди преку пристап заснован на правата на децата. Во овие околности, особено се истакнува важноста на правото на мислење на детето како основно учество на детето, кое одигра клучна улога во развојот на правната позиција на детето. Во Законот за семејството на Република Македонија не е доследно имплементиран членот 12 од Конвенцијата, што претставува една од основните слабости на македонското семејно законодавство.

Само во одредени членови на Законот за семејството се предвидува обврска да се сослуша детето кога ќе достигне одредена возраст и кога надлежните органи решаваат за неговите права и интереси. Имајќи предвид дека нашата држава ја има ратификувано оваа Конвенција, постои обврска од страна на надлежните органи да ја применуваат истата. По завршување на судската постапка во која детето непосредно треба да го изрази своето мислење, судот е должен да се води од начелото на најдобар интерес на детето и во таа смисла да обезбеди повратна информација за детето за тоа како е одлучено, како и да го информира како неговото мислење влијаело врз одлуката. Сложеноста на овој принцип бара моќ за селективно расудување, но и логичка способност и на оние лица кои утврдуваат што во конкретен случај претставува најдобар интерес на детето.

# ВИКТИМИЗАЦИЈА КАКО РЕЗУЛТАТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**доцент д-р Елена Максимова**

***elena.maksimova@ugd.edu.mk***

*„Најголемата внатрешна закана од тероризмот не се наоѓа на прагот,*
*туку внатре,*
*во нашиот дом.“*
*(Wolhunter, Olley, Denham, 2009)*

„Удобноста“ на домот и заснованата заедница не секој член ја достигнува онаму каде се наоѓа. Често лицата кои треба да влеат чувство на сигурност, сосем латално и несетно можат да се сторат непријатели и извор на немир. Така задираме во материја која е особено чувствителна од општествен аспект. Навлегуваме во зона на прашања за подјадување на социјалните пори, кои секогаш почнуваат со: „Што кога семејството не ги остварува функциите заради кои првобитно е замислено?“ или „Што кога посакуваниот семеен комфор ќе го замени болка, па бајките ќе тргнат на лошо?“

Семејното насилство е суштински и длабински проблем за структурата на општеството. Поткопувањето на вредностите на

една ваква фундаментална негова клетка, значи и разнишување на сите останати негови вредности. Од друга страна, истото претставува еден од најприсутните видови на нарушување на основните човекови права во современите општества, со тешки последици за животот, здравјето и психолошката благосостојба на самата жртва.[131] Колку и репресивниот систем да е насочен кон санкционирање на ваквото насилство, тоа сѐ уште е присутно како резултат на искривените религиозни или традиционални толкувања во добар дел од земјите во светот. Па така, константниот неуспех на државите навремено да интервенираат во спречување на семејното насилство, не ретко има катастрофални последици. Несоодветните законски решенија, пасивноста на органите на прогонот, недоволната или неефикасната здравствена заштита, закржлавеноста на центрите за социјални работи, недостатокот на економска поддршка на жртвите – се само еден дел од придонесите за појава на тешките телесни повреди кај жртвите по настанот, менталните попречености, депресија, акутни и хронични нарушувања и смртноста. Според податоците на Обединетите нации, како најчеста жртва во рамки на семејството е претставена жената, а за секоја трета жена во светот се смета дека е жртва на еден од подвидовите на семејното насилство кое главно доаѓа од брачните или вонбрачните партнери. Па така, теророт кој понекогаш се врши и на дневна база, варира од психолошки и вербален, до економски, физички и сексуален, а некогаш резултира дури и со

---

[131] Спировиќ-Трпеновска, Љ., Мицковиќ, Д., Ристов, А., Семејно право, Културна установа Блесок, Едиција Индра, Скопје, 2013, стр. 224.

фемицид. Следствено на тоа, импактот кој ваквите постапувања го оставаат врз жртвата е значително трауматичен, опсежен и долготраен со сериозна закана од задржување на години потоа, и достигање на секундарна виктимизација при останати трауматични ситуации.[132]

Акцентирањето на проблемот се засилува со развивањето на виктимологијата како посебна наука. Првите занимавачи со виктимологијата нагласуваат дека виктимизацијата не се случува само надвор, туку и внатре во домот, и истата е поопасна за самата жртва затоа што го нарушува концептот за домот од кој понира сигурност и комфор. Замавот кој го зазема науката во насока на препознавање и штитење на жртвите од деструктивноста која може да ја даде самото семејство, не ги изостава и меѓународните организации. Донесени се мноштво меѓународни документи[133]

---

[132] Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology: Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, New Yourk, 2009, pg. 51.

[133] Во однос на жената жртва – Конвенција на ОН за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените од 1979 год. и Факултативниот протокол од 2000 год., Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечко и понижувачко однесување или казнување од 1984 год., Декларација на ОН за елиминација на насилство на жените од 1993 година, Истанбулската (CAHVIO) конвенција од 2011 година, Општа препорака на ОН бр. 19 за насилство врз жените од 1992 год., како и Декларација за социјален напредок и развој на ОН од 1969 год., Конвенција за остварување на алиментациски барања во странство на ОН од 1965 год., Конвенција на ОН за државјанство на мажени жени од 1957 год., Конвенција за согласноста за стапување во брак, минимална возраст за стапување во брак и регистрација на бракови од ОН од 1962 год. Во рамки на Советот на Европа – резолуции: 1247 (2001) за женското генитално обрежување, 1852 (2002) за домашно насилство, 1327 (2003) за дела од чест, 1654 (2009) за феминизам, 1691 (2009) за силување на жената, вклучително и за силување во брак; препораки: 1723 (2005) за присилни бракови и детски бракови, 1777 (2007) за сексуален напад поврзан со силување од употреба на droги на состаноци и др.

преку кои се настојува да се намали, дури и елиминира насилството во рамките на основната општествена структура, со препораки за инкриминирање на соодветни кривични дела во кривичните законици на потписничките. Она кон кое се приклучува и нашата држава е препознавање и сеопфатно дефинирање на појавата, заострување на казните, префрлање на интересот на казнување од приватна на државна сфера, издвојување на посебни типови инкриминации согласно со засебните начини на реализација на ваквото насилство, заштита на ранливите категории жртви со соодветни третмани, сè со цел постигнување на превенирање пред казнување, како единствен начин за вистинска заштита од долгосежни последици. Меѓународните конвенции ваквиот вид насилство врз жената го сведуваат на посебна форма на дискриминација, покрај кршењето на универзалните човекови права.

Покрај жената, како жртва на семејното насилство често е споменувано и детето, па од витален интерес за меѓународната заедница е заштита и на оваа особено ранлива категорија.[134] Тоа освен директна жртва на семејното насилство, се препознава и како индиректна жртва, тогаш кога мајката е виктимизирана. Ова мораме да го поврземе и да ја нагласиме теоријата на Полак (Pollak) за „меѓугенерацискиот модел на семејното насилство“.

---

[134] Декларација за правата на детето, Лига на народите – 1924 год., Декларација за правата на детето, ОН – 1959 год., Конвенција за правата на детето со факултативните протоколи, ОН – 1989 год., Декларација за социјалните и законските принципи за заштита на добросостојбата на децата, со посебен однос кон националното и меѓународното сместување во згрижувачки семејства и посвојување, ОН – 1986 год., Протокол за спречување и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, ОН – 2000 год.

Имено, според оваа теорија, веројатноста за мажот да биде сторител на семејно насилство во голема мера зависи од тоа дали во средината каде што растел и во семејството каде се развивал истото било присутно; како и тоа, дали една жена ќе остане да живее во семејство во кое ѝ се нанесува болка преку вакво насилство, зависи од тоа дали таа и претходно живеела во вакво семејство. Па заклучува, дека децата кои потекнуваат од семејства во кои се виктимизирани, директно и индиректно, од насилството во него, се значително повеќе склони кон продолжување и пресликување на ваквото однесување во новото семејство кое ќе го засноваат. Се смета дека насилството е модел на однесување кој се учи во текот на процесот на социјализација и истото станува вистинска епидемија која се пренесува од генерација на генерација.

Како жртва на семејното насилство може да се јави секој член на семејството, постојно или веќе разединето. Поретко, се јавуваат и мажите. Додека жените и децата се најчесто жртви на физичко насилство во семејството, мажите се најчесто жртви на психичко или вербално насилство.[135] Ваквото насилство најчесто и не се препознава во пракса, па се припишува како „пречувствителност“ на личноста која го трпи. Сепак и талмудските мудреци нѐ учат дека нанесување зло преку зборови е потежок грев отколку злото сторено со пари, односно измамата, па додека материјалните штети можат да се надоместат, ништо не може да го надомести она каде зборот нанел штета.

---

[135] Асијел, И., Завера чутања, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012, стр. 17.

Американски истражувачи направиле тројна поделба на семејното насилство и неговите најчести жртви: интимен тероризам, насилен отпор и ситуационо двојно насилство.[136] *Интимниот тероризам* се состои во превласт на едниот партнер над другиот. *Насилниот отпор*, пак, е можниот одговор при тероризирање, а бидејќи мажите се примарни сторители, се работи за родово определено прашање. *Ситуационо двојно насилство* е дел од недоразбирање или конфликт кој не е врзан за предоминација на еден врз друг партнер. Тоа значи не само жената и децата, туку и мажот како партнер може да се јави како еден од типовите на жртви. Сепак, сите тие жртви во момент на загрозување ги поврзува едно, а тоа е разнебитување на семејната удобност, лишување од човековото право на безбеден живот лишен од насилство.

Генерално гледано, за жртвите на семејно насилство литературата често потенцира дека треба да се развие една посебна категорија, односно да бидат третирани како посебен вид жртви со посебни потреби.[137] А тоа е со цел да им се пружи можност полесно да се обратат до државните органи, што е особено важно за намалување на застапеноста на ваквото кривично дело, а земајќи ја предвид високата темна бројка која се должи на стравот и срамот од пријавување на ваквото насилство. Правото на заштита

---

[136] Jonhson 2005, цит. според Wolhuter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008, pg. 64.

[137] Така и Арифи, Б., Посебен осврт кон жртвите на семејното насилство, Македонска ревија за казнено прво и криминологија, Здружение на кривично право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 191-205.

на жртвите од семејно насилство е лично право, со оглед на тоа дека за објект на заштита имаат свои лични добра, како телесниот интегритет, душевното здравје и спокојот. Истите се од неимотен карактер и не може да се пренесува во правниот сообраќај. Носителот не може да се откаже од правото на заштита, па така самото остварување на правото на заштита веќе не зависи само од волјата на титуларот. Заштитата од ваквото насилство е препознаена како една повисока општествена потреба и е покрената на едно повисоко становиште, па ги овластува и општествените органи да навлезат во интимата на семејната заедница.[138] Сензибилноста на материјата и сведоштвата на големиот степен на негово прикривање наметнуваат потреба иницирањето на заштита од ваков вид насилство да не смее да се препушти во потполна мера на диспозицијата на жртвата. Препуштањето на покренување постапка единствено на нејзината волја би било еднакво на занемарување на ваквиот криминалитет и зголемувањето на опасноста од зголемување на бројот на жртвите на насилството. Причините за префрлање на една ваква „интимна“ сцена на страната на глобалниот интерес за истата, покрај заштитата на основните човекови права и соодветен третман на жртвата, лежат токму во стравот од занемарување и заканата од прикривање на ваквиот криминалитет. Самата виктимизација која жртвата ја доживува преку ова кривично дело, не е ниту навидум едноставна и еднострана како што би можело да се каже за кое било друго кривично дело, каде имаме непознат

---

[138] Влашковић, В., Право на заштиту од насиља у породици као субјективно грађанско право, Анали Правног факултета у Београду, год. LVII, 1/2009 стр. 249-264.

сторител или сплет на околности кои довеле до вршење на кривично дело и „придружна" виктимизација. Овде виктимизацијата е сосема поинаку поставена.

Предизвикана во рамките на семејството, виктимизацијата значи целосно извитоперување на претставата и значењето на оваа заедница во перцепцијата на жртвата. Обврските и одговорностите во рамките на семејството, емотивната конекција на неговите членови , како и затвореноста и приватноста на семејниот живот, ја прават виктимизацијата, а и самото насилство далеку поразлични од виктимизацијата и агресијата кои се јавуваат во останатите општествени единици. Подигајќи ги семејните вредности над сопствените потреби, жртвата скоро никогаш не сетува кога вистински започнува нејзината интерна виктимизација. Не ретко, недоразбирањата и разминувањата во ставовите излегуваат од контрола, што ја прави лабилна границата за создавање различна слика кај жртвата меѓу обичната расправија и насилството во семејството. Зачестувајќи, сè повеќе се наоѓаат изговори и оправдувања, наместо решителни ставови за барање помош. И така заглавувајќи во магичниот круг на насилство, честопати жртвата си ја менува и улогата.

Но, гледано од аспект на самата состојба во која се наоѓа една жртва на семејно насилство, таа, пред сè, има сериозни ментално-здравствени последици и проблеми, кои ѝ ја подјадуваат способноста за работа или издржување на самата себеси. Психолошките промени кои настануваат, вклучуваат промени во ставовите и однесувањата на жртвата, како што се наидувањето на потешкотии при засновање верба во некого или себеобвинувањата.

Нагласено кај жената, ваквите себеобвинувања, кои произлегуваат од првичните оправдувања, се должат и се зајакнуваат со константно потврдување на обвинувањата кон жртвата од страна на насилникот, како и културните норми, кои (кога станува збор за злоупотребувана жена) секој неупех на интимна врска и нејзиното распаѓање го товарат на нејзина одговорност.[139]

Додатно, жртвата на семејно насилство трпи и емотивни последици. Зголемениот страв од насилникот, најмногу претставен во страв од следен напад, се генерира во нагласени нервози и анксиозности. Надоврзувајќи се кон тоа, жртвите знаат и да го менуваат сопственото однесување со цел намалување на шансите за следно злоставување. Па така, знаат или да станат претерано „послушни“ или да ги напуштат на краток период или, поретко, засекогаш. Сексуалната злоупотреба која може да се случи во рамките на семејството може да резултира и со проблеми при вклучување во следни сексуални односи, далеку подоцна од последниот напад. Не се туѓи и оддавањата на консумација на алкохол, дрога и останати психотропни супстанци и прекурсови и појава на зависности. Посегањата по сопствениот живот, кои останале во обид или се извршиле во потполност, се исто така составен дел како финиширање на една, навидум, безизлезна виктимизирачка ситуација.

Меѓу теориите за објаснување на положбата на жртвата во рамките на семејното насилство се развила и теоријата на

[139] Spalek, 2006 цит. според Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims’ Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008, pg. 65.

*трауматското поврзување*. Научници сметаат дека согласно со ваквата теорија, трауматското поврзување настанува во односи каде постои нееднаквост на моќ, па еден од партнерите почнува да губи самодоверба како резултат на чести злоупотреби. Со други зборови, жртвата го гледа партнерот како „целосно моќен“ и се чувствува неспособна за живот без него.[140] *Теоријата за одвоеност на нападите,* пак, се обидува да даде одговор на прашањето зошто жртвите на вакви насилни напади остануваат во врските кои ги повредуваат. Меѓу одговорите првично се нагласува фактот дека насилникот е спремен и го зајакнува насилството доколку жртвата се обиде да го напушти. Сепак, ваквата теорија не ги занемарува и ко-причинско-последичните одлуки на самата жртва да остане, како интерен фактор кој соодветствува на надворешната реалност, односно нападот на насилникот.

Сепак, покрај споменатите психички и емотивни последици кои ги напоменавме, а кои во детали се поистоветуваат со последиците споменати во претходниот дел за виктимизацијата, ризик-факторите и последиците, тука накусо мораме да ги напоменеме и физичките последици кои ги има жртвата од семејното насилство, а кои се движат од тешки повреди по телото на жртвата, како скршеници, до полесни повреди како подливи. Во екстремни случаи, самите повреди можат да имаат и смртни последици за жртвата. Финансиските загуби се исто така својствени за жртвите на семејно насилство, особено за жените.

---

[140] Davis, L., Snyman, R., (eds), Victimology in South Africa, Pretoria: Van Schaik Publishers, 2005, pg. 192.

Оние кои ги напуштаат партнерите и домовите поради семејно насилство, се соочуваат со тешки депривации како резултат на загубите на приходите од партнерот. Алиментацијата за децата која се јавува како резултат на разводи, и недостатокот од неа или издатоците за неа, соочување со проблем на бездомништво, загуба на социјален статус и социјално опкружување и сл. се само еден дел од последиците со кои се соочуваат лицата кои сакаат да се оттргнат од негативните вибрации во средината која ги опкружувала дотогаш.

Сепак, виктимизацијата од семејното насилство мора да биде третирана со должна внимателност. Вдахнувањето на сила кај жртвите за барање помош и, условно речено, рехабилитирање од примарната виктимизација е секогаш тесно врзано со секундарната. Жртвата во овој случај е особено исплашена и од првичната ситуација во која се наоѓа, па признавањето дека постои проблем не само што ѝ е значително отежнато поради степенот на емотивност кој е внесен во делото, туку и поради соочувањето со секундарното виктимизирање тогаш кога наглас ќе зборува за проблемот. Затоа е потребна особена внимателност и мотивирање на жртвите од страна на органите со кои првично се соочува жртвата, а тоа се полицијата и центрите за социјални работи. Жртвата во голем дел од случаите пријавувањето го врши или во афект или само со цел за моментно оттргнување на напаѓачот од нејзина средина. Покренувањето и водењето на постапка за кривично дело или не ги посакува или ниту ги очекува. Најчесто, единствено посегнува по пријавувањето со цел оттргнување на моменталната агресија и ставање на крај на врската. Дури и во

моменти кога би било покренато обвинение, во текот на постапката жртвата знае да го промени исказот и да застане на страна на одбрана на сопствениот напаѓач. Според податоци од истражувања во САД,[141] за жртвите на насилство е покарактеристично пријавување на истото доколку потекнува од странец, за разлика од жртвите кога нападот се случува во семејството. Додека, пак, повикувањето полиција е посвојствено за жрвите каде нападот потекнува од семејството, со цел моментна самозаштита, без понатамошни реперкусии, одошто кога нападот доаѓа од странец.

Насилството во рамки на семејството може да се препознае дури и во оние семејства каде најмалку се очекува да е присутно, а кои долги години ја одржуваат фасадата на мирен и спокоен живот. Кај нив, заткулисно, може се случува вистинска драма. Принципите по кои живеат ваквите семејства и создавањето на амбиент дека ништо што се случува внатре во семејството не смее во никој случај да се изнесува надвор од него, наликува на амбиент за постоење на *завера за молчење.*[142] Насилството кое го опфаќа семејството, веќе споменавме, дека има свои форми и облици. Се јавува како:

1. Физичко
2. Психичко или вербално
3. Сексуално и
4. Материјално или економско насилство.

---

[141] Felson, National Crime Victimisation Survey (NCVS), 2002;

[142] Асијел, И., Завера Чутања, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012, стр. 15.

*Физичкото насилство*, како најеклатантен пример за насилство во рамки на семејството, значи употреба на физичка сила или закана дека таква би била употребена кон брачен или вонбрачен другар или друг член од семејството. Во пракса, како начини на вршење на ваков тип насилство се среќаваат: удирање, шлаканици, штипење, затворање, влечење за коса, убод, употреба на оружје, уништување ствари, кинење или уништување облека, врзување и сл.[143] *Психичкото или вербалното* (емотивното) насилство се изразуваат преку контролирање на движењето на жртвата, нејзините социјални контакти, изразување на љубомора и патолошка љубомора, посесивност, изолација, повишување глас, давање погрдни имиња, потсмев, обвинување, закани и сл. *Сексуалното насилство* често се врзува со физичкото насилство и значи присилување на сексуален однос, обид за присила или друг вид на сексуална активност, сексуално вознемирување и слично. Битно за потенцирање е дека сексуалното насилство опфаќа и силување во брак. Самиот институт не дава за право поседување на другата личност и занемарување на нејзините/неговите основни човекови слободи и права. *Економското насилство* значи доведување на жртвата во состојба на економска зависност, кога насилникот има целосна контрола над финансиските ресурси, вклучувајќи ги и приходите кои ги заработува самата жртва, или, пак, забрана на жртвата да заснова работен однос итн. На ваков начин, насилникот стекнува моќ над жртвата и создава простор за манипулации од финансиски карактер.

---

[143] Груевска-Дракулевска, А., Семејното насилство во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 117.

Во пракса, сосем ретко појавните видови стојат одвоени еден од друг. Реалноста сведочи за особена флуидност од еден кон друг вид, и како што несреќата секогаш оди со придружба, така и овие видови на насилства се испреплетуваат. Многу психолози, социјални работници и советници кои се занимаваат со насилствата во семејствата, го препознаваат насилството во бракот како најчеста појава. Велат дека, согласно со *теоријата за цикличното насилство,*[144] истото во која и форма да се појавува, се развива низ три фази:

1) Период на апсорпција, градење на тензиите (tension buliding), кој може да трае со месеци или со години, а во кој напнатоста и нетрпеливоста која на почетокот се криела или се оправдувала и занемарувала, постепено расте и создава разнолики непријатности. Во оваа фаза жртвата се труди да ги отстрани сите ситуации и да ги сокрие сите дела за кои знае дека можат да предизвикаат иритација кај партнерот и да ја изгуби смиреноста;

2) Периодот на експлозија или периодот на инциденти (acute battering incident) кои завршуваат со удирање, во кој доаѓа до еруптирање на бесот кај партнерите, а кој финишира со телесни повреди;

3) Периодот на „меден месец“ (loving contrition), во кој доаѓа до ненадејна смиреност и барање прошка, изразена со длабоко каење на насилникот и ветувања дека инцидентот нема да се повтори, проследено со очајничка потреба кај жртвата да верува во

[144] Walker, L., The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009, pg. 91.

ваквото лице на насилникот како негово вистинско. И потоа повторно, сѐ во круг. Жртвата живее во тој маѓепсан круг на насилство и ги интернализира чувствата на срам, вина и себеобвинување, а истовремено развива и лажна надеж дека секое насилство е последно. Ваквиот порив на емоции, како и убедувањето дека не постои изводлива алтернатива, создаваат чувство на „научена беспомошност" од страна на жртвата што ја спречува да ја напушти врската.[145] При ваква состојба, и изостанувањето на ефектите од реагирање на жртвата при насилство, кај неа се создава депресија и страв, состојба на немоќ и убедување дека не може да воспостави контрола над сопствениот живот. Во моментот на виктимизацијата, жртвата нема ниту сила, а често ниту желба за напуштање на врската. Иако на ваквата теорија ѝ се префрла дека е насочена, и затскриено во фокусот ја става виктимизираната жена, сепак преку неа согледуваме дека освен што постои проблем во препознавање и признавање на постоењето на насилство, уште поголем проблем имаме при оттргнувањето на жртвата од неговата цикличност.

Концептот на заштита од семејно насилство афирмира апсолутна и безусловна пацификација во семејните и интимните односи на законски релевантните субјекти. Ниту еден вид на насилство апсолутно не е дозволен, без оглед на евентуалната оправданост или изнуденост. Сепак, вистинската борба против насилството мора да биде универзална и неселективна, од

---

[145] Wolhuter, L,. Excuse them though they do know what they do – the distinction between justification and excuse in the context of battered women who kill, *South African Journal of Criminal Justice*, 9, 1996, pg. 151–66.

воспитната сфера, преку сферата на „модерната разонода“, до самите форми на оштествено уредување.[146]




**Слика бр. 2**

Преземено од Walker, 2009

[146] Панов, С., Насиље у породици: правно-теоријски контрапунктови, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012, стр. 37.

## 1. Жената како жртва на семејно насилство

*„Сите среќни семејства наликуваат едно на друго,*
*но секое несреќно семејство е несреќно на сопствен начин.“*
*(„Ана Каренина“, Лав Толстој, 1878)*

Насилното однесување по сите свои белези во себе содржи негативен предзнак, како и клима на неодобрување, неприфаќање и отфрлање преку одредницата на девијантното, аморалното, асоцијалното и антисоцијалното до криминалното, злосторничкото поведение. Ширум светот, насилството врз жените се доживува како феномен кој ги подрива вредностите на едно демократско општество. Се темели на односите на моќ, на врската меѓу индивидуалната и колективната моќ на мажите.[147] На почетокот на XXI век, семејното насилство над жените на возраст од 15 до 44 години имало повеќе случаи со смртни последици и тешки телесни повреди одошто војните, ракот, сообраќајните незгоди и маларијата.[148] Значењето на насилството над жената претставува обид да се одржи односот на нееднаквост меѓу мажот и жената и да се овековечи нејзината потчинетост. Од причини што таа е најчеста жртва на семејното насилство, тоа многумина го поистоветуваат со систематско загрозување на правата на сите жени, без оглед на нивното образование, општествена состојба,

[147] Мирчева, С., Чачева, В., Итни мерки за заштита на жртвите на домашно насилство: Истанбулска конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013 год. стр. 31-57.

[148] Human Rights Watch, World Report 2000: Womans Humans Rights.

раса, етничка припадност, националност и слично.[149] Потврдено со емпириски податоци од релевантни глобални истражувања на специјализираните агенции на Обединетите нации, а преточено и преку релевантните меѓународни документи, домашното насилство врз жената се доживува како кршење на човековите слободи и права и форма на тешка дискриминација над жената, начин на поткопување на еднаквоста меѓу мажот и жената и внесување на родова нерамноправност.[150] Истанбулската конвенција, надоврзувајќи се, за домашното насилство го смета секое физичко, сексуално, психичко и економско насилство кое се случува во рамките на семејството или домаќинството, меѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[151] Суштината на меѓународните акти, посебно на споменатава конвенција е, меѓу другото, да се потенцира и општонародната загриженост за изложеноста на девојките и жените на различните форми на насилство, и да се потенцира дека домашното насилство несразмерно ги погодува жените и девојчињата.

[149] Спировиќ-Трпеновска, Љ., Мицковиќ, Д., Ристов, А., Семејно право, Културна установа Блесок, Едиција Индра, Скопје, 2013, стр. 224.

[150] Гогов, Б., Човековите права на жртвите на насилство врз жените и домашното насилство во областа на миграцијата и азил, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013 год. стр. 233-247.

[151] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.05.2011 година, член 3, точка а и б;

Кога како жртви на семејно насилство се јавуваат жените и девојките, литературата и меѓународните организации, покрај споменатите базични видови, препознаваат значително поширока палета на подвидови насилства, дел од нив својствени и единствено можни, за жртви од женски род. Така, покрај физичкото, психичкото, сексуалното и економското, како подвидови се споменуваат: гениталното осакатување,[152] склучувањето на присилни бракови,[153] присилните абортуси и присилната стерилизација,[154] демнењето,[155] сексуалното вознемирување.[156] За сите од овие видови се предвидува можност

[152] Според Истанбулската конвенција, под женско генитално осакатување се подразбира отсекување, инфибулација или секое друго осакатување во целост или делумно на labia majora, labia minora или клиторисот на жената, потоа присилување или надевдување на жената да се подведе на некои од споменатите дејствија, како и поттикнување, присила или наведување на девојче да се подведе на некои од споменатите дејствија (член 38).

[153] Според Истанбулската конвенција, присилни бракови се оние склучени под присила, и истите мора да можат да се прогласат за ништовни, да се поништат или разведат без непотребни финансиски или административни оптоварувања на жртвата (член 37).

[154] Според Истанбулската конвенција мора да се инкриминираат: вршењето абортус врз жената без нејзина претходна информирана согласност, вршење операција без нејзина информирана согласност, односно разбирање на постапката чија цел или последица е да се прекине нејзината способност за природна репродукција (член 39).

[155] Според Истанбулската конвенција, демнењето претставува намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице, што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност (член 34).

[156] Според Истанбулската конвенција, секоја земја потписничка е должна да ги преземе сите потребни мерки за да обезбеди дека секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа, со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина, ќе биде предмет на кривична или друга законска санкција (член 40).

за одредување итни мерки за заштита доколку е потребно, при што се става приоритет врз безбедноста на жртвата односно лицето изложено на ризик. Потребата од постоење на вакви мерки е паралелна со потребата од постоење на ефикасен казнено-правен систем генерално, што повеќе, истиот тој при постоење на домашното насилство врз жената е особено битен предуслов при негово превенирање; а пред сè, земајќи ја предвид и спецификата на семејното насилство врз жената жртва, изразена преку целта за одржување на машката доминација и контрола врз неа, постоењето на интимна врска и блискост, долготрајноста и повторувањето на насилството, како и беспомошноста на жртвата самата да се справи со насилниот однос.

Потребата од ваква посебна меѓународна заштита на жената, а и на децата, се должи на тоа што во структурата на човековото општество тие и понатаму се покажуваат како послаба и понемоќна категорија на лица, особено пред мажите. „И по надминувањето на малограѓанските сфаќања, норми и обичаи, се покажува дека не се надминати тие состојби, услови, односи, морални норми кои на мажот, во сите односи во општеството, му одредуваат доминантна, привилегирана положба со која се наметнува на жените и детето.“[157] Склопот на фактори од биофизичка и психолошка, економска, социокултурна и правна природа придонесуваат кон тоа жената да се смета за послабо суштество, од страна на мажот, кој, пак, во овие области доминира.

---

[157] Арнаудовски, Љ., Криминолошки пристап кон деликтите на насилство, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 13.

Колку и корпусот на можни насилници кон жената во семејството да е широк и разнолик (свекор, свекрва, брат, сестра, мајка, татко, деца и сл.), сепак мажот (во улога на сопруг/партнер) се јавува како најчест насилник на сите три базични видови насилство. Имено, истражувања на нашево поднебје покажале дека мажот е сторителот на 53 % од психичкото насилство извршено врз жената, на 76 % од физичкото насилство и 100 % од секусалното насилство извршено врз жената. Од аспект на односот на жртвата со сторителот, 41 % од физичкото насилство е извршено од страна на сопруг, 31 % од родител, а 18 % од останати членови од домаќинството.[158]

За најзначајни фактори кои придонесуваат за виктимизирање на жената во рамките на семејството и кои ја зголемуваат веројатноста за вршење насилство врз неа се сметаат: возраста, образованието, бројот на децата кои живеат во домаќинството, местото на живеење – рурална или урбана средина, работниот статус и економската (не)зависност на жената и слично; па, се смета дека од аспект на овие фактори и нивното влијание, економската зависност на жените од мажите претставува фактор и последица за зголемување на ризикот од насилство врз неа; невработените, работно пасивните, жени се поризична и позагрозена категорија одошто оние кои се во работни односи. Тесно врзано со работниот статус и степенот на сиромаштија е и нивото на образование. Степенот на образование се покажал дека

[158] Велкова, Т., Семејно насилство – превенција и сузбивање, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 63.

како фактор е обратнопропорционален со висината на ризик-факторот за виктимизација во рамки на семејството. Односно, колку е повисоко стекнатото образование кај жената, толку шансите за виктимизација се пониски. Етничката припадност исто така има свое влијание од аспект на виктимизацијата. На нашево поднебје, и соседството, најзагрозени се жените од ромската етничка заедница. Во САД тоа се Афроамериканките, Шпанките и слично. Бројот на членовите на семејството е пак правопропорционален со ризикот од насилство во него. Имено, со зголемување на бројот на членовите во домаќинството, ризикот се зголемува. Местото на живеење исто така е фактор кој коегизистира и функционира со останатите. Имено, жените од рурални средини се почесто изложени на семејно насилство одошто оние жени и семејства кои живеат и се сместени во урбана средина.

Сепак сите овие фактори, сами по себе, изолирано, не придонесуваат за појавување на насилство врз жената во рамките на домот. Симбиозата на некои од нив, придружени со останати ситуациски околности, интерни и екстерни влијанија, создаваат поволна клима за појава и одржување на насилство во семејството, во кое, кога жената го трпи директно, децата индиректно го доживуваат. А постојаното изложување на директно или индиректно насилство и егизстирањето во една таква амбиентална средина неминовно води кон акумулирање на негативни чувства што ги мултиплицира штетните последици. Исходот најчесто е двојно можен, односно или ненасилникот станува насилен, нешто како создавање на одбранбен одговор на насилството кое го трпи и

полесно сносување со последиците од истото, или, пак, психичкиот притисок од акумулираните негативни чувства водат кон постапно подјадување до нарушување на менталното и физичкото здравје. Како жртвата ќе одговори на насилството – дали деструктивноста ќе ја насочи внатрешно или надворешно – зависи единствено од неа и нејзината личност, односно од сложениот внатрешен контекст на меѓусебно испреплетени психолошки карактеристики и процеси, како и од интензитетот на акумулираната агресивност како подготвеност за манифестирање на сила од секој облик.[159]

Овде, кога светлото е ставено врз жената жртва, истражувањата алармираат за појавата на погоре споменатиот „синдром на скршена/повредувана жена“, или „bettered woman syndrome – (BWS)“. Иако дадовме кратко објаснување за овој синдром, сепак овде подетално би го елаборирале, односно кога истиот се јавува како нуспојава од семејното насилство. Вокер (Walker) го популаризира овој синдром, сметајќи дека истиот се развива кај жената која е виктимизирана долги низа години во рамки на семејството и која навлекла длабоко во споменатото циклично насилство и ги поминала неколкукратно сите негови фази. За прв пат терминот е споменат во 1977 година од страна на Американскиот институт за ментално здравје при вршење на истражување на жени кои биле жртви на семејно насилство. Теоретската база која била поставена за овој синдром наликувала многу на онаа на поставената ментална состојба за „посттрауматското нарушување“ или „post-traumatic stress disorder“, кој, пак, како теоретски концепт, се јавува нешто

[159] Ibid, стр. 72.

подоцна од првично поставениот синдром (во 1980 год.). Но, оттогаш во психолошката литературата, синдромот на повредувана жена се користи како поткатегорија на посттрауматските нарушувања предизвикани од стресот.[160]

Синдромот на скршена жена се препознава при виктимизацијата на жена од страна на интимен партнер, односно при нејзино физичко, психичко и/или сексуално малтретирање во интимната врска, како и на секој подоблик, кога се сака од страна на насилникот таа да се наведе, преку употребата на сила, контрола и моќ, да прави нешто или да постапува на некаков начин, притоа занемарувајќи ги нејзините права или чувства. Ваквиот синдром научниците и занимавачи со психоанализата го идентификуваат преку шест групи на критериуми, од кои првите три се поистоветуваат со оние кои го опишуваат посттрауматското нарушување:

1. Интрузивно сеќавање на настанот/настаните на траумата,
2. Хипераროусалност (hyperarousal[161]) и високо ниво на аксиозност,

[160] Walker, L., The Battered Woman Syndrome, Third edition, Springer publishing company, New York, 2009, pg. 41, 42.

[161] Примарен симптом на посттрауматско нарушување се случува кога човековото тело одненадеш се противи и алармира на постоење на ризик, како резултат од самото размислување на траумата. Дури и кога опасноста поминала, човековото тело може да се однесува како да не е, создавајќи стрес многу по трагичниот настан. Симптоми на хиперароусалноста се: проблеми со спиење, отежната концентрација, иритабилност, гнев, паника, константна анксиозност, лесно заплашување, самодеструктивно однесување, тешко чувство на вина или срам. Подетално на https://www.healthline.com/health/mental-

3. Избегнувачко однесување и емоционално занемарување, најчесто изразени како депресија, дисоцијација, минимизирање, репресија и негирање,
4. Нарушени интерперсонални односи од моќта и контролните мерки на напаѓачот,
5. Дисторзија на сликата на телото и/или соматски или физички жалби,
6. Проблеми со сексуалната интимност.

Без оглед колку карактеристиките на сите видови на трауматски нарушувања да се поклопуваат и се слични едни на други, сепак физичкото, психичкото и сексуалното насилство кое се случува во рамки на фамилијата, или меѓу интимни партнери, има сопствени белези и карактеристики кои ги надминуваат типичните посттрауматски нарушувања. На пример, кога некоја личност ќе наиде на опасност при апсолутно неопасна ситуација, изненадувачка опасност, тој или таа стануваат психолошко возбудени и сакаат да си помогнат бегајќи од опасноста. Автоматскиот нервен систем кој ги контролира нашите емотивни одговори се активира произведувајќи доволно кортизол, адреналин и други неврохемикалии со цел активирање на нервниот систем да одговори на заканата од опасност (нормално со бегање и оддалечување од самата опасност која се заканува). Сличен е и невролошкиот одговор при трауматски настани. Ваквите настани, кои ги предизвикуваат ваквите одговори, се нарекуваат „траума тригери". Во текот на третманот, ваквите

health/hyperarousal#causes3, како и https://medical-dictionary.thefreedictionary.com/hyperarousal.

траума тригери треба да се десензитивираат, бидејќи тие предизвикуваат производство на вакви невролошки одговори долго по случувањето на трауматските настани, затоа што се преживуваат повторно во мислите на личноста и ги предизвикуваат истите емоции како да се случуваат одново, а со тоа се активира и истиот нагон и потреба за бегство.

Кога станува збор за семејното насилство, и кога насилството во рамките на домот, од кој било вид, се случува еднаш или континуирано, жената го препознава ескалирачкиот гнев кај мажот (како најчест сторител) и таа станува психолошки активна, иницирано од стравот кој, пак, го активира автоматскиот нервен систем за производство на невротрансмитери и хормони кои произведуваат хиперарула (како и во останати трауматски околности). Потоа жената прави процена на заканата и одлучува дали да се справи со проблемот или да бега (се мисли на физичко или психичко бегство). Жените кои се злоупотребувани во континуитет и каде семејното насилство се задржува долг период, учат да развиваат добри стратегии за справување со истото, како компромис на неупотребените вештини за бегство, што инаку, инстинктивно, во трауматизирачка состојба би биле употребени и жртвата би сторила сѐ за сопствено оттргнување од опасноста. Затоа, типичен страв или трауматски одговор на повредуваната жена ја наведува таа да стане хиперароусална, а потоа ја наведува кон психолошко бегство преку разновидни воспоставени методи и пракси, како минимизација или негирање на опасноста од тој конкретен инцидент, односно развивање на депресија, дисоцијација, па дури и репресија и заборавање. Тоа значи дека

психолошкото бегство кај виктимизираната жена при семејното насилство може да вклучи минимизирање или негирање на опасноста со намалување на стравот, репресија, депресија, дисоцијација, или комбинација на овие автоматски психолошки процеси. Ова се одбегнувачки одговори кои ја штитат жената од доживување на потполно разнесувачки и максимално деструктивни трауматски одговори. Трауматските одговори се посредувани од автономниот нервен систем. Во ситуација на повторување на траумата каде жртвата не верува дека може да избега, се создава модел кој овозможува справување со ситуацијата со вклучување на минимум емотивна болка. Недостатокот од верба во способноста за бегство е дел од погореспоменатата состојба на „научена беспомошност“.[162]

При една ваква развиена психолошка состојба кај виктимизираните жени и сѐ додека тие се водени од стравот од одмазда, срамот и желбата за задржување на добрата надворешна претстава за идеален партнер и идеално семејство, и сѐ додека се економски зависни од партнерите до потчинетост, стапката на откриено насилство над жената во глобални рамки е значително ниска. Виктимизацијата на жената во домашни услови ќе продолжи да постои сѐ додека жената полесно го поднесува насилството од партнерот одошто неговото пријавување и водењето на постапка против него. Од оние кои се осмелуваат да го пријават истото, како најчест профил на виктимизирана жена од

[162] Duros, R, Ardern, H., McMillan, C., Tome, A., What is the battered woman syndrome?, The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009, pg. 43,4.

семејно насилство е издиференцирана жената од 25 до 40-годишна возраст, во брак, со две или повеќе деца. Мажот насилник е најчесто со ниско или никакво образование на возраст од 40-45 години[163]. Како причини, покрај споменатите, често се споменуваат љубомората и патолошката љубомора, консумација на алкохол или наркотици, наведените економска зависност и сиромаштијата, лошото влијание од околината и сл.

Најчести инкриминации кои се врзуваат со оние за семејното насилство во пракса се телесните повреди, тешките телесни повреди и загрозувањето на сигурноста. Исходите од насилството врз жената, освен интерните психолошки деструктивности кои можат да оставаат сериозни последици по жртвата, се телесните повреди, скршениците, подливите, повредите на гениталиите, а неретко за жал и предизвикување на смртност кај жената. Опасноста од постоење на континуитет во вршењето на насилството кај жената е правопропорционална со сериозноста на последиците кои притоа ги остава. Колку насилството се провлекува подолг временски период, и колку жената подолго ја задржува состојбата на виктимизација, без барање на помош, толку фаталноста на последиците е поинтензивна. Тука се надоврзуваат низа на повреди на највиталните човекови права, како правото на живот, забраната за нехуман и понижувачки третман и постапување, забраната за дискриминација, правото на почитување на приватниот и семејниот живот[164] и слично.

---

[163] Сулејманов, З., Криминологија, Графохартија, Скопје, 2009, стр. 77.

[164] Види член 2, член 3, член 8 и член 14 од Европската конвенција за човекови права, СЕ, 1950 год.

Како нужно се наметнува навременото превенирање на ваквото виктимизирање, односно охрабрувањето за разоткривање на ваквите случаи, на кое мора да претходи соодветна едукација за правата на жртвата и можните последици. Подигањето на свеста за криминолошката страна на ваква навидум приватна работа и деструктивноста која виктимизацијата сама по себе ја остава врз жената е појдовна точка во сузбивање на овој, особено сензибилен криминалитет. Неподносливата ситуација во која се доведува жената, и создавањето на интерни механизми на отпорност и соживување со ситуацијата, наместо активирањето на нервниот систем да ги реанимира трауматските одговори за бегство од состојбата, можат да ја одведат жената дотаму таа самата да стане сторител на кривични дела. Поради тоа, вистинското допирање до овие виктимизирани жени мора да се одвива особено внимателно и етапно, од причини на можна развиена психоза на страв кај нив поради постојаните закани од насилство и самото извршено насилство како такво.

### *1.1. Семејното насилство и насилството врз жената во Република Македонија, од законска уреденост до криминолошки приказ*

Највисокиот правен акт во државата, Уставот, ја гарантира неприкосновеноста и неповредливоста на човечкиот живот и телесен интегритет, без оглед на полот. Кривичниот законик понатаму, како и останатите закони и правни акти, се насочени кон

развивање на соодветни механизми за заштита на животот и телесниот интегритет на мажите и на жените подеднакво. Сепак, сензибилноста која во себе ја носи родовата категорија, условува потреба од засебно штитење на жената како маргинализирана група. Ревидирањето на законодавство во оваа материја, кое не нѐ одмина како држава, се должи, од една страна, на потпишувањето, прифаќањето и имплементирањето на меѓународни акти, конвенции и декларации за заштита од насилството врз жената, а пред сѐ пресликувањето на меѓународното однесување по освестувањето за јачината на проблемот. Прифаќањето на меѓународните сугестии и препораки за посветување на соодветно внимание на проблемот, барем во одредена мера до сега, овозможија специјализирано законско уредување и креирање на сериозна подлога за побогат практичен пристап, со што земјата се вбројува меѓу загрижените народи кои се оддаваат на превенирање и сузбивање на секаков вид насилство врз оваа ранлива категорија.

Всушност, семејното насилство, како социопатолошки проблем, но и како криминалитет, од неодамна се префрли во фокусот на законодавните, извршните и судските органи, како и во фокусот на медиумите и на целокупната заедница. Во не толку далечно минато, случаите каде жената е виктимизирана во рамките на домот и од страна на член на семејството, не покренуваа значителен интерес и реакција од страна на општественото окружување. Тоа се должи на фактот што неговата зачестеност се доживуваше како нормално и секојдневие, особено од страна на одредени етнички групи и од страна на одредени припадници на општествени слоеви. Патријархалниот карактер на

семејството и со сите свои нишани, меѓу кои и дека мажот е оној кој е доминантен во фамилијата, а пред сè во бракот, несоодветната и недоволна еманципација на жената, непостојаната регулатива и неразвиените владини и невладини сектори, придонеле кон тоа семејното насилство во Република Македонија еден подолг временски период да претставува „проблем без име“.[165] Имено, на семејното насилство е гледано како на приватна работа, и однос кој се третира inter partes, па поради тоа и не привлекувало научно или стручно внимание, ниту, пак, внимание на пошироката јавност. Низа години се сметало дека семејното насилство треба да се решава во домашни рамки, а не на повисоко – државно ниво.

Покренување на меѓународната свест за потребата од засилена заштита на жената и во рамките на домот придонесува за постепено менување на општествените ставови и во наши услови, во однос на значењето на последиците од семејното насилство, како и за степенот на кршење на основните слободи и права на жените жртви. За прв пат за семејното насилство јавно се проговори во 1994 година, и тоа од страна на невладините организации. Од огромно значење се активностите на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, кое во 2000 година го реализираше и првото истражување во оваа област. Со самото истражување како проблеми со кои се соочува државата во рамките на семејното насилство, се наметнаа: недоволното познавање на појавата, маргинализација на

[165] Мицковиќ, Д., Ристов, А., Породично насиље и негово правно регулисање у Републици Македонији, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012, стр. 193, 194.

проблемот, отсуство на емпириски сознанија, отсуство на официјални податоци, недоволна правна покриеност, отсуство на формална реакција, како и сегментираност во пристапот и нетранспарентност во работата на невладините организации.[166] Првичното законско уредување на материјата кај нас датира од 2004 година. Но, и покрај неговата присутност нешто повеќе од една деценија, проблемот сè уште, доста стабилно, постои и пројавува свои подоблици. Реални статистички податоци на кои би можеле вистински да се приклониме речиси и нема, како резултат на ниската стапка на пријавеното и ненавременото и несоодветното реагирање на органите надлежни за преземање мерки за заштита од него. Постоењето на недоволен и несоодветен кадар низа години наназад, недоволните капацитети на институциите надлежни за преземање мерки за заштита, непостоењето на континуитет во заштитата и превентивните мерки се само мал дел од мноштвото пречки за намалување или искоренување на проблемот. За жал, сè уште постојат делови од државата во кои насилството во домот се третира како приватна работа и каде жената е сè уште премногу исплашена и засрамена за да презеде што било.

Законската уреденост на материјата, освен начелно во Уставот, започнува со Кривичниот законик и Законот за семејството. Со измените на Кривичниот законик[167] (КЗ) во 2004

[166] Чачева, В., Фришиќ, Ј., Мишев С., Живот во сенка, Здужение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, 2007 год.

[167] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12,

година, семејното насилство е инкриминирано меѓу делата со кои се разнебитува телесниот и психичкиот интегритет на човекот. Истата година се случија и измени и дополнувања и на Законот за семејството со коишто се внесува граѓанско регулирање на семејното насилство. Сепак, согласно со меѓународните препораки, кривичноправното и граѓанскоправното уредување на материјата во споменативе законски прописи не се исклучуваа едно со друго. Од истата година, Министерството за труд и социјална политика воспоставува база на податоци за пријавени случаи на семејно насилство и преземените мерки за негово третирање, а нешто подоцна се носи и Национална стратегија за заштита од семејното насилство,[168] која претставува стратешки документ за утврдување на стратешки упатства и приоритети во сузбивањето на семејното насилство, особено на основните субјекти одговорни за нејзино спроведување. Клучно за развојот на законската регулатива и освестувањето за проблемот на долги стази за нас е и прифаќањето и имплементирањето на неколку меѓународни документи, од кои меѓу позначајните е потпишувањето на споменатата Истанбулска конвеција (јули, 2011). Вистинско апострофирање на материјата настана со носењето на Законот за превенција, спречување и

---

166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17.

[168] Основна цел на Стратегијата е намалување на случаите на семејното насилство, подобрување на квалитетот на заштита од истото, воспоставување на системски мерки во насока на превенција и секундарна превенција, интервенција, едукација, меѓуинституционална и меѓусекторска координација. Првата Стратегија е донесена за период од 2008 – 2011 година, а втората за периодот од 2012 – 2015 година.

заштита од семејно насилство[169] во 2014 година, со одложена примена за 1 јануари 2015 година. Со Законот се уредува одговорното и должно постапување на институциите и здруженијата, нивната меѓусебна координација и соработка заради превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување заштита на жртвите. Цел на законот е преземање мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. Овој Закон, како lex specialis, меѓу другото, врши вистинско откинување на материјата „Семејно насилство“ која беше поместена во глава број VI од Законот за семејството, нејзино доразработување и подигање на ниво на посебен закон, со што се дава вистинското законско значење на потребата од засилени механизми во насока на заштита. Законското дефинирање на оваа социопатолошка појава, освен што го наоѓа своето место во „новиот“ закон, нешто малку пооскудно е направено и во Кривичниот законик на РМ (член 122, ст. 21). Иако КЗ не содржи посебна инкриминација и не го издвојува како посебно кривично дело, истото претставува отежнувачка околност и основа за квалифициран облик на неколку инкриминации поместени во КЗ (пр. Убиство, член 123 став 2 алинеа 2, Телесна повреда, член 130 став 2, Тешка телесна повреда, член 131 став 2, Присилба, член 139 став 2, Противправно лишување од слобода, член 140, став 2, Загрозување на сигурноста, член 144 став 2, Силување, член 186, Посредување при вршење

[169] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/2014, 33/2015, 150/2015.

проституција, член 191 став 4 и др.). Со тоа, самата блискост на жртвата и на насилникот, интимноста и семејната положба, загрозувањето на едно поголемо добро, се земаат за доволни за насилството во рамки на семејството потешко да се доживува одошто основните облици на делата и истото треба да подлежи на построг третман. Ратификувањето на Истанбулската конвенција изискува ревидирања на КЗ во овој дел, односно да се издвои семејното насилство како посебно кривично дело, во засебна законска инкриминација.[170] Предвидените казни за делата од семејно насилство во нашиот КЗ се движат од 3 месеци до 10 години казна затвор. Со измените на КЗ од 2009 година, за прв пат, во рамките на заштитниот надзор кај условната осуда се воведува обврската за „посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство“, а е применлива во 2011 година. Од аспект на казнено-процесната покриеност на материјата треба да напоменеме дека Законот за кривична постапка[171] од 2010 година разликува посебна ранлива категорија жртви – малолетници, загрозени жртви и посебно чувствителни жртви, за кои се предвидуваат посебни мерки на процесна заштита, а за чија примена е релевантна волјата на жртвата. ЗКП издвојува и посебни права на жртвите од кривичните дела против половата слобода и половиот морал и од кривичните дела против човечноста и меѓународното право, за кои е предвидено и бесплатна правна помош, испитување од лице од ист

---

[170] Божиновски, А., Кривично-правни одредби на Истанбулската конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013, стр. 281.

[171] „Службен весник на РМ“ бр. 15/10, 100/12.

пол во полиција и јавно обвинителство, испитување со помош на визуелно-тонски средства, исклучување на јавноста од главна расправа и сл.

„Кога станува збор за кривични дела сторени во контекст на семејно насилство, задирањето во личниот живот на жртвата на семејно насилство е нужно поврзано со делото и, оттука, неопходно, но виктимизацијата се намалува преку примената на другите права, а особено правото на бесплатен советник или полномошник, исклучување на јавноста, како и користење на визуелно-тонски средства при испитувањето, односно избегнување личен контакт со обвинетиот. Очигледно е дека жртвите на психичко и физичко насилство, опфатени во Глава XV – Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и во Глава XIV – Кривични дела против животот и телото (освен убиство), не ги уживаат овие посебни права. Особено правото на бесплатен советник или полномошник и давањето исказ преку визуелно-тонски средства има специфично значење за жената жртва на семејно насилство во кривичната постапка. Жените жртви на насилство и на семејно насилство, како специфичен вид на родово засновано насилство, не се идентификувани ниту во новиот ЗКП како категорија на жртви кои имаат посебни

потреби и интереси и треба да уживаат посебни права.“[172]

Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство предвидува и мерки на заштита[173] како примарна поддршка на жртвата која излегла од насилната средина. За сите релевантни актери од државната сцена[174] се предвидени обврски во однос на обезбедување на ваквите мерки, со потребна доза на сензибилизирање во пристапот. Основната цел на ваквите мерки е во обезбедувањето на примарна помош и поддршка на жртвата, како и респондирање на нејзините потреби кои се створиле во состојбата на виктимизација во рамки на семејната заедница. Со нив се штити физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата, и се овозможува нејзино зајакнување и осамостојување.[175] Предвидени се и привремени мерки за заштита[176] кои можат да му

---

[172] Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Министерство за труд и социјална политика, стр. 16.

[173] Нужно сместување на лицето, соодветна здравствена заштита, упатување во соодветно советувалиште, психолошки третман, помагање за редовно школување на дете, обезбедување на правна помош и застапување, економско јакнење на жртвата и нејзино вклучување во пазарот на трудот (член 18 од Законот).

[174] Центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, Здравствените установи, Здруженија на граѓани, Единици на локална самоуправа.

[175] Прирачник за постапување на судовите во постапките за заштита од семејно насилство, Проект на УСАИД за јакнење на судството и финансиска поддршка, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените.

[176] Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство, забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно, забрана за приближување на растојание помало од 100 метри до живеалиштето,

се изречат на насилникот со цел заштита на жртвите од идно насилство. Нивна цел е непосредна и брза помош на жртвата во зависност од ескалацијата, односно обемот и видот на насилство.

Во текот на 2015 година Законот беше двапати дополнуван со одредби во делот на надлежностите на центрите за социјална работа и прекршочните санкции во процес кој беше затворен за здруженијата на граѓани. Во 2015 година се донесени и пет подзаконски акти од страна на надлежните институции – Министерството за труд и социјална политика,[177] Министерството за внатрешни работи[178] и Министерството за здравство.[179] Со овие

---

училиштето, работното место, или определено место кое редовно е посетено од друг член на семејството, отстранување од домот без оглед на сопственоста, забрана за поседување на огнено или друго оружје или негово одземање, задолжително враќање на предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството, задолжително законско издржување на семејството, задолжително посетување одредено советувалиште, задолжително лекување на сторителот доколку злоупотребува алкохол, дрога или други психотропни супстанци или има психичко заболување, задолжително надоместување на медицинските и другите трошоци настанати со семејното насилство, како и изрекување на која било друга мерка која судот ја смета за неоходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството (член 35 од Законот).

[177] Правилник за начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство преземени од Центарот за социјална работа и за начинот на следење на изречените мерки за заштита; Правилник за начинот на извршувањето на изречената привремена мерка за заштита – задолжително посетување советувалиште за сторители на семејно насилство („Службен весник на РМ“17/2015).

[178] Правилник за начинот на процена на ризикот за животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството; Правилник за начинот на извршување на изречените привремени мерки за заштита на жртвата на семејно насилство и на членовите на нејзиното семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/15).

[179] Правилник за начинот на извршување на привремената мерка за заштита од семејно насилство – задолжително лекување на сторителите доколку

подзаконски акти се утврдува начинот на спроведување и следење на мерките на заштита од семејно насилство, процената на ризикот за животот и телесниот интегритет на жртвата и ризикот од повторување на насилството. Донесен е и заеднички Протокол за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејното насилство, со механизми на постапување на сите релевантни институции во случаи на семејно насилство чија цел е да ги утврди условите за целокупна работа на надлежните тела за унапредување на заштитата и помошта на жртвите на семејно насилство. Претставнички од националната мрежа учествуваа во работната група за подготовка на текстот на овој протокол.[180] Воспоставен е IT-мониторинг софтверскиот систем за социјални услуги ЛИРИКУС, кој е всушност апликација и база на податоци за социјални услуги во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита, и истиот го води Министерството за труд и социјална политика.[181]

Во 2018 година Министерството за труд и социјална политика пристапи кон подготовка на Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулската

---

злоупотребуват алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/15).

[180] Извештај од мониторинг за спроведување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, декември 2016, Скопје, стр. 17, достапен на http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/Monitoring-na-zakon-za-SN_final.pdf.

[181] Види: http://zsd.gov.mk/category/izvestai-informacii-razvoj/lirikus/.

конвенција) преку кој ќе може да се следи динамиката на усогласување на националното законодавство со одредбите на Конвенцијата, но и исполнување на преостанатите обврски во насока на превенција на родово базираното насилство и обезбедување на брза и ефикасна заштита на жртвите и гонење и казнување на сторителите.

Во 2017 и 2018 година зајакнати се капацитетите на вработените во Заводот за социјални дејности за реализирање на законските надлежности во однос на надзор и мониторинг над стручната работа.[182]

Од податоците прибавени од Министерството за внатрешни работи за периодот на анализа, 2005 – 2015 година, можеме да ја забележиме следнава состојба:

| семејно насилство | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **кривични дела** | 299 | 320 | 380 | 378 | 404 | 481 | 593 | 615 | 676 | 901 | 1008 |

182 Извештај за работа на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје, за 2017 година и за 2018 година, ЈУ Завод За социјални дејности – Скопје, 2018 и 2019. http://zsd.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/Godisen-Izvestaj-ZSD-2017-1.pdf, http://zsd.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/Godisen-Izvestaj-ZSD-2018.pdf.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **прекршоци** | 1202 | 735 | 770 | 730 | 676 | 724 | 655 | 529 | 431 | 340 | нема податоци |
| **поплаки** | 3570 | 2022 | 3106 | 3671 | 4034 | 3737 | 4609 | 3842 | 3430 | 4482 | нема податоци |

**Табела бр.1**

*Извор: Министерство за внатрешни работи на РМ*

Од аспект на жената жртва на семејното насилство на нашиве простори, теоретските објаснувања кои се среќаваат и кои се прават, ги движат одговорите во две насоки. Имено, застапеноста на насилството во семејни рамки врз жената се објаснува од биопсихолошка, медицинска или социопсихолошка страна, па се вели дека ваквото насилство се третира како индивидуална појава, и се објаснува со поединечни причини за нејзино настанување. Како фактори се потенцираат слабата контрола, неразвиеното его, фрустрациите во детството кај насилникот, додека на жртвата како фактор ѝ се препишува мазохизмот. Додека, од друга страна, согласно со економските, социолошките и феминистичките пристапи, истото се третира како општествена појава, со корени вдлабени во општествената структура, па се објаснува преку односот на општеството кон жената. Имено, за појавата на насилството врз жената во бракот се смета дека влијаат лошите материјални услови, лошата материјална состојба проследена со нерешени станбени (не)услови, многудетноста, невработеноста, доминантната положба која ја има мажот во однос на уредувањето

на односите во домот, како и врз финансиите и инфериорната положба на жената наспроти него и сл.[183]

Застапеноста на сите споменати видови на насилство врз жената во домот во нашата држава е за жал доста широка во анализираниот период. Истражувања[184] кои датираат за периодот од 2000-2006 година (со што се опфаќа почетниот период на нашето истражување) покажуваат дека најдоминантен вид на насилство е психичкото, вршен од страна на сопругот/партнерот манифестирано преку постојано навредување, забрана за социјализација, ограничување на контакти со семејството, постојана контрола, љубомора, доминантност и слично. Се смета дека и начинот на кој е направен изборот на сопругот, односно на партнерот, влијае и има одредена поврзаност со подоцнежно „заглавување" во психичко-насилна врска. Психичкото насилство е

[183] За анализа на семејното насилство во споменатиов период (2005-2015 година) мораме да потенцираме дека наидуваме на потешкотии при обезбедување на континуирани податоци низ годините од еден ист субјект. Тоа се должи на промените кои се случуваат, како на законски план, така и на практичен во однос на третирањето на материјата. Па така, податоците бележани и евиденциите водени од едни институции запираат во одреден дел на анализираниот период за да бидат продолжени од други, нормално низ призмата на различни параметри. Сепак, сметаме дека во овој дел би требало да направиме еден мал преглед од она до кое наидовме за достапно, со цел да можеме да ја воочиме половата разлика и видовите на насилство забележани на територијата. Така, за илустрирање на појавата на нашиве простори консултиравме мноштво достапни податоци наведени во извештаи на владини субјекти и невладини организациии, шелтер центри итн. Од аспект што појавата од различни субјекти е анализирана низ различни параметри, ќе се обидеме без особени подробности и повторувања, да создадеме една претстава за забележувањето на појавата од страна на релевантните субјекти.

[184] Чачева, В., Фришиќ, Ј., Мишев, С., Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, 2007 год.

засилено тогаш кога изборот на партнер го има направено семејството (нејзиното, неговото или заедно), одошто кога изборот го направиле самите жени, што значи дека жените кои дозволиле други да го направат изборот на партнер во нивно име се поизложени на виктимизација одошто останатите. Истите истражувања укажуваат и на влијанието на комуникацијата меѓу партнерите во создавање висок ризик од насилство. Таму каде комуникацијата е значително послаба, степенот на ризик е значително повисок. Дури и прифаќањето на патријархалниот модел на семејно уредување и неговите вредности придонесува за почеста изложеност на психичка виктимизација на жената. Контролата на семејните ресурси, исто така, доколку е сконцентрирана во рацете на партнерот, често значи и негова надмоќ во однос на жената во врската. На страната на сторителот на психичко насилство, констатирано е дека неговата возраст не влијае многу од аспект на негово јавување како психолошки насилник. Сепак е констатирано дека најранливи од овој аспект се жените кои имаат помлади партнери/сопрузи, а нешто поблаго кога ситуацијата е обратна. Доколку во возраст партнерите се доближуваат, ризикот за појавување на психичко насилство значително опаѓа. Во однос на образованието и работниот статус, се смета дека кога постои дискрепанција помеѓу партнерите во корист на мажот, жената е почесто виктимизирана. Меѓутоа и невработеноста на мажот знае да биде значаен тригер за појава на ваков тип на насилство. Најчест профил на жртва на психичко насилство на нашиве простори е потврдено дека е жена на возраст од 31-35 години и од 56-60 години, со ниско или без образование, и најчесто од албанска, турска или ромска етничка припадност.

Физичкото насилство, како највидлив тип на семејно насилство, најчесто се манифестира со закана за употреба на физичка сила, зграпчување, туркање, повредување со предмети, шлаканица, гризање, клоцање, тепање и сл. За споменатиов период евидентирана е стапка од 17,7 % пријавување на семејно физичко насилство. Најголемата сериозност кај физичкото насилство е неговата зачестеност и континуитет, што дава и еден нов квалитет на појавата и ја засилува индивидуалната и колективната опасност. Најчест сторител на физичко насилство е исто така сопругот, односно партнерот, но потенцирано е дека од 2006 година доаѓа до зголемување на обемот на физичкото насилство и од страна на други членови во рамки на домаќинството, како свекор или свекрва, золва, јатрва, девер и сл., што укажува на зголемување на ризикот при зголемувањето на членовите на семејството. Причините се наоѓаат во фактот што најчесто зголемувањата на семејствата од ваков тип, кај нас, се должи на економските неприлики и ниският животен стандард, проследен со немањето избор при одредување на местото на живеење. Комуникацијата на дневни основи и овде се смета дека е клучен фактор за зголемување на ризикот од насилство. За насилникот се смета дека од особена важност за стекнување на таквото поведение е трпењето насилство или присуствувањето на чин на насилство во текот на детството. Сведочењето на таков модел на однесување, особено врз неговата мајка, се смета за клучен за негово подоцнежно пресликување, па податоците одат во насока дека најчесто насилниците во рамки на сопствено формираното семејство се оние кои во детството биле дел од заедница во која физичкото малтретирање било секојдневие. За застапени облици

на сексуално насилство во рамки на семејството, во истражувањето се наведени: силувањето, несаканиот сексуален однос, понижувачки сексуален однос и слично. Процентуално, најголема застапеност е евидентирана кај несаканиот сексуален однос (85 % од вкупните). Се смета дека ваквиот вид на семејно насилство е најмалку застапен во Република Македонија. За периодот од 2000-2006 година е присутен со само 10,6 % од вкупното семејно насилство евидентирано во периодот. Овој вид насилство скоро секогаш е евидентиран заедно со физичкото, односно последователно, што ја отежнува виктимизацијата. Причините или факторите кои придонесуваат за појавата, горе-долу се поклопуваат со оние споменати кај јавувањето на физичкото насилство. Овде, особено влијание има и консумацијата на алкохол од страна на насилникот.

Согласно со податоците добиени од презентираните резултати во истражувачкиот период од 2008-2011 година, елаборирани во Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015), евидентирана е застапеноста на сите видови на семејно насилство во државава. Дури за 36,8 % од населението (една третина) е нотирано дека доживуваат некаков облик на психолошко насилство. И за овој период е потврдено дека жената е онаа која е најчесто виктимизираната во рамките на домот, и тоа од страна на сопруг/партнер. Имено, евидентирано е дека 76 % од насилството врз жени се врши од мажи, а во 41 % од случаите е вршено од страна на сопрузите. Во 100 % од случаите сексуалното насилство е вршено од страна на мажи, а во однос на психичкото насилство, застапеноста на машки сторители врз

жените изнесува 53 %. И за овој период евидентирана е присутноста на насилство врз жената од останатите членови на семејството. Имено, во 31 % од физичкото насилство сторители биле родителите на жртвата, а во 10 % како сторители на психичкото насилство се јавуваат останатите членови на семејството (јатрва, девер, свекор, свекрва и сл.). Нотирано е присуство на насилството врз мажите, но значително пониско одошто кај жената (што може да е индикатор на темна бројка поради срам за пријавување на насилство). Повисока изложеност на семејно насилство е забележано кај помладите жени, а за жените на возраст до 49 години се смета дека постои повисока преваленција отколку просечната преваленција на семејно насилство кај жените (39,4 %). За споменатиот период (2008-2011) во врска со пројавеното психолошко насилство забележано е при негово реализирање присуство и на гнев, рестрикции, забрани, сомничавости и контролирачки однесувања од страна на насилникот. Физичкото насилство е изразено многу повеќе кај повозрасните жени. Имено, студијата бележи податок дека 60 % од вкупно испитаните кои биле жртва на физичко насилство припаѓале на возрасната група од 30-64 години старост. Во однос на припадноста кон одредена етничка група, од аспект на виктимизирање со физичкото насилство, најзагрозени се Ромките. Согласно со истражувањата, заклучено е дека економското насилство во периодов не е многу застапено како посебен облик, туку често врзано со психичкото. Жените кои не се вработени, имаат значително повисока преваленција на насилство во однос на вработените. Што значи, економската зависност на жените од мажите во РМ претставува последица и фактор за објаснување на

поголемиот ризик за насилство. Податоците даваат сооднос на 80-20 % во однос на пројавеното насилство на жените и нивниот работен статус, односно 80 % од виктимизираните се невработени, а само 20 % имале заснован работен однос. Покрај споменатата возраст и работен статус, како фактор сѐ уште се споменува и образованието, па студијата покажува дека сѐ уште е присутна обратнопропорционалната поврзаност на степенот на образование и ризикот за доживување насилство. Во 80 % од виктимизираните испитанички постоело отсуство на образование или алармантно ниско. Интересен е податокот дека од аспект на местото на живеење, забележливо е повисок диспаритет меѓу евидентираните жртви на семејно насилство врз основа на полот во руралните средини, одошто во урбаните. Имено, ако преваленцијата меѓу виктимизирани мажи и жени во рурални средини изнесува 7 процентни поени, во урбаните е само 2. Во однос на бројот на членовите во семејството, останува и за овој период маркантен податокот дека со зголемување на бројот на членови во семејството се зголемува и ризикот од семејно насилство. Од евидентираните кривични дела во овој период, сопругата е најчесто жртва на скоро сите облици на кривични дела кои содржат семејно насилство. Во 100 % од евидентираните случаи на силување во рамки на семејството, жртвата е сопругата, во 65 % од случаите на противправно лишување од слобода, во 55-60 % од евидентираното семејно насилство изразено во рамки на загрозување, во 50 % кај присилбата, 60 % кај телесната повреда и нешто помалку од 50 % кај евидентираните убиства како резултат на семејно насилство. Други жртви кои се среќаваат се: мајка, син, поранешна сопруга, а поретко и ќерка, татко итн.

Во извештајот за работа на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство,[185] за 2012 година, од видовите на семејно насилство нотирано е дека најзастапено е емоционалното (психичкото), потоа економското, сексуалното, особено застапено кај возрасни жени. Потенцирана е загрижувачката бројка од 145 деца жртви на сексуално насилство. На четврто место, според овие податоци кои се темелат на податоците од базата ЛИРИКУС е физичкото насилство. Според возраста, најчести жртви се жените на возраст од 27 до 40 години, и машките деца помали од 15 години. Додека сторителите најчесто се мажи на возраст од 41-64 години. Консултирајќи го истиот извор, во Извештајот за 2013 година заклучуваат дека семејно насилство е родово базиран проблем со застапеност на женската популација на жртви од 81 % наспроти машката популација со 19 %. Според видот на насилство, на прво место повторно е емоционалното, на второ економското, потоа сексуалното и на четврто физичкото. Најголемиот број жртви се во најрепродуктивниот период од својот живот што во комбинација со невработеноста и економската зависност од сторителот ги прави вулнерабилни и подложни да трпат насилство и понатаму, што впрочем е карактеристично и за претходниот период, и што е солидна подлога за непријавување на насилството и пораст на темната бројка. Па така, согласно со Извештајот, најголемиот број

[185] Извештај за работа на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, јануари-декември 2014 година, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Скопје 2015, http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2015/08/narativen-izveshtaj-za-2014.pdf.

од пријавувањата завршуваат со психо-социјална поддршка и давање правен совет за мерките за заштита, но потоа голем дел од жртвите не се согласуваат за покренување на привремени мерки за заштита пред суд. Според податоците од ЛИРИКУС, во 2013 година биле евидентирани 433 нови жртви на семејно насилство, и 196 сторители.

Во 2014 година е направен значаен исчекор на државно ниво, од аспект на третирањето на појавата. Донесен е претходно споменатиот lex specialis, со што, како што споменавме, законските одредби од оваа проблематика се спојуваат во еден закон, наспроти претходната законска уреденост. Во Анализата на податоците за семејното насилство во Република Македонија за 2014 година, од Заводот за социјални дејности и програмата ЛИРИКУС, како жртва повторно најчесто се јавува полнолетната жена. Имено, во евидентираните жртви, според податоците од центрите за социјални работи, 722 се полнолетни жени, а 146 се мажи (или вкупно 2/3 од жртвите се жени, а само 1/3 се мажи). Според овие податоци, превладуваат жртвите од македонска националност (771), потоа албанска (112), а на трето место се жртвите од ромска националност (78). Префрлајќи се од 2013 во 2014 година, се забележува благо зголемување во бројот на жртвите на семејно насилство за 30 %. Во 2014 година биле евидентирани 563 нови жртви. Бројот на сторители е зголемен за 50 % во однос на 2013 година и изнесува 289 евидентирани сторители.[186] На страната на

---

186 http://zsd.gov.mk/%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8%d1%82%d

сторителите, во однос на половата застапеност, односот е обратнопропорционален, во однос на жртвите, и превладуваат машките сторители. Според видот на насилството, и оваа година е забележана најголема застапеност на емоционалната злоупотреба, на второ место материјалната, на трето место работното искористување, потоа физичкото насилство и последно и најмалку забележано е сексуалното насилство.

Според податоците прибавени од страна на Министерството за внатрешни работи, за 2015 година е забележано значително зголемување на евидентираното семејно насилство во однос на извршени кривични дела. За прв пат во периодот на една деценија бројот е четирицифрен, односно евидентирани се 1008 кривични дела. Трендот на зголемување на евидентираните кривични дела од страна на Министерството за внатрешни работи, прикажан во табела бр. 7, својата кулминација ја достигнува токму во последната година од периодот за анализа. Во однос на жртвите, и за оваа година е задржана превласта на жени – жртви во однос на мажи (860 жени жртви, наспроти 234 мажи жртви). Превладува физичкото насилство меѓу евидентираните кривични дела, извршено преку употреба на физичка сила или закана за употреба на физичка сила (80 %), во поретки случаи со употреба на ладно оружје, или со употреба на огнено оружје (5 случаи). Податоците од оваа година се значително интересни за разгледување од аспект на нивната поврзаност со законската уреденост на материјата во

---

0%b5-%d0%b7%d0%b0-
%d1%81%d0%b5%d0%bc%d0%b5%d1%98%d0%bd%d0%be%d1%82%d0%be-
%d0%bd%d0%b0-2/.

државата. Имено, како што напоменавме, од 1 јануари 2015 година стапува на сила Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, кое е одраз на поголемата сериозност на државата за заштита од оваа социопатолошка појава, но и одраз за нејзиниот поголем интерес за заедницата и нејзините членови. Бројката на евидентирани кривични дела слободно можеме да кажеме дека најверојатно е одраз на поголемата едукација на граѓаните и доближувањето на материјата и нејзината забранетост и казнивост до нив, како и влевање на нешто поголема доверба во системот од порано. Имено, сметаме дека статистичкото зголемување за 2015 година е резултат на охрабрување на жртвите во пријавувањето на кривичното дело. Од причини што токму во оваа година механизмите за заштита јакнат, како на законодавен и подзаконодавен план, така и практично, од особен интерес ни се профилите на сторителите, и на жртвите на делото во државата.

За 2015 година, како најчести сторители на кривичното дело *семејно насилство* се профилирале мажите во улога на сопрузи. Притоа, најчесто се вршени телесната повреда и загрозување на сигурноста. Моментот на насилство често е окарактеризиран како момент на растројство, евидентираната претходна консумација на дрога или алкохол е значително помалку присутна во споредба со моментот на растројство. Орудијата за извршување на делото се поретко вклучени, па како најчест начин на извршување на делото е единствено примената на физичка сила. Од аспект на жртвата, и согласно со податоците од Министерството за внатрешни работи, потврдено е дека жените во улога на сопруги се најчесто виктимизирани од страна на сопругот, и за календарската 2015

година. Дури и кај вонбрачната заедница имаме значително повисока виктимизација кај жената одошто кај мажот. Жената во улога на мајка или ќерка е застапена во евиденцијата за 2015 година како жртва на семејно насилство, но значително помалку и не со толкав полов диспаритет во однос на мажот како татко или како син, кој, пак, е очигледен кај брачните другари.

За 2016 година, во однос на податоците од МВР, извршени се вкупно 846 кривични дела врзани со семејно насилство, каде во улога на сторители во 805 случаи се лица од машки пол. Главно сопрузи (357 случаи) кои делата ги вршат со примена на физичка сила или физичка закана (706 случаи). Евидентирано е дека голем дел од овие дела се вршат во состојба на растројство на сторителот (554 слуачи). Како жртви, пак, главно се јавуваат жените – сопруга (357 случаи) или мајка (112).

Според податоците на Министерството за внатрешни работи, за 2017 година од евидентираните кривични дела вршени при семејно насилство, телесните повреди од член 130 став 2 предничат пред останатите. Потоа следуваат: загрозување на сигурноста од чл. 144 став 2 од КЗ, тешки телесни повреди чл. 131 став 2, противправно лишување од слобода и убиствата. Најчесто во улога на жртви се сопругите (кај телесните повреди, од 538 случаи 449 се жени, од кои 235 се сопруги, а 48 се мајки). Сторителите, од вкупно сторени 903 дела врзани со семејно насилство за 2017 година, 838 се мажи, од кои 391 се во улога на сопрузи, а 161 се синови на жртвата. Причината за стореното дело најчесто се врзува со присутно растројство кај сторителот, скоро во половина од случаите (425 од 903), а во наврати и со злоупотреба

на алкохол (188) или дрога (9). Најголем процент од насилствата се вршени со употреба на физичка сила или закана за употреба на физичка сила (758 од случаите), како и со ладно оружје (44) или огнено оружје (5).[187]

Во 2018 година евидентирани се вкупно сторени 1006 кривични дела во врска со семејно насилство. Според податоците на МВР, 953 од сторителите се мажи , исто така најчесто со примена на физичка сила или закана – 848 случаи, во состојба на растројство – 457. Евидентирани се 864 жртви – жени, од кои 389 мајки, а 116 сопруги.

Во 2019 година сторени се 989 кривични дела кои значат вршење семејно насилство, каде дури 931 од сторителите се лица од машки пол. И овде превладува растроена состојба кај сторителот (407 случаи), а во 741 случај делото е вршено со примена на физичка сила или закана. Следствено, 847 од жртвите се лица од женски пол, каде 1123 се мајки, а 430 се сопруги.

Поконкретно, според добиени податоци од Министерството за внатрешни работи за периодот на анализа, 2005 – 2019 година, во однос на кривични дела, поплаки и прекршоци кои значат евидентирање на случаи од семејно насилство, можеме да ја забележиме следнава состојба:

---

[187] Официјални податоци на Министерството за внатрешни работи, преглед за жртви на кривични дела во врска со семејно насилство за МВР на РМ за 2017 година, и Преглед за извршени кривични дела и сторители во врска со семејно насилство за 2017 година.

| семејно насилство | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| кривични дела | 299 | 320 | 380 | 378 | 404 | 481 | 593 | 615 | 676 | 901 | 1008 | 846 | 904 | 1006 | 989 |
| прекршоци | 1202 | 735 | 770 | 730 | 676 | 724 | 655 | 529 | 431 | 340 | нема податоци | 273 | 278 | 325 | 470 |
| поплаки | 3570 | 2022 | 3106 | 3671 | 4034 | 3737 | 4609 | 3842 | 3430 | 4482 | нема податоци | 1773 | 2394 | 2750 | 3196 |

**Табела бр. 2**

*Извор: Министерство за внатрешни работи на РМ*

Додека бројот на поплаки колку и да варира, сепак држи некоја константа, бројот на сторени кривични дела од година во година се зголемува за сметка на опаѓањето на бројот на прекршоци.

Помошта која мора да им се даде на жртвите при алармирање за висок, дури и за среден ризик од семејното насилство е неминовна. Целокупниот третман треба да придонесе за психичко заздравување на жртвите, покрај физичкото, кое понекогаш знае да се задржи долго по фактичкото одминување на загрозувањето. Во Македонија има вкупно пет центри за бесплатна правна помош на национално ниво (во Скопје, Тетово, Куманово, Свети Николе, Штип), четири шелтер-центри со капацитет од по 30 кревети (Скопје, Битола, Свети Николе и Кочани). Во земјава има само едно советувалиште за психо-социјална поддршка – во Скопје, каде има

и единствена СОС-линија. Граѓански организации кои работат на полето превенција и справување со семејно насилство има низ поголем број општини во државава. Сепак, поголемиот дел од државата е непокриен со адекватна државна помош за пристапување. Единствено како расположливи државни механизми остануваат полицијата и центрите за социјални работи. Сите субјекти, владини и невладини, мора внимателно да пристапат кон жртвите и проблемот, особено земајќи предвид колкава храбост истата внела во самото пријавување и отворање за насилството. Капацитетите се далеку од солидни во споредба со застапеноста на проблемот, и на нив сериозно мора да се поработи. Последиците од насилството во рамките на семејството знаат да бидат долгогодишни и деструктивни, а во случаи и фатални. Последиците за жената жртва се движат од блага психичка траума и подливи, при навремена реакција, до фемицид како најсилна последица за задоцнетата или отсуството на реакција. Ниското ниво на свесност дека насилството врз жената во домашни услови треба да се пријавува и е казниво, негрижата на институциите, неимплементирањето на законите во пракса, како и нивното неменување во насока на заострување на политиката на казнување, се мал дел од факторите кои го спречуваат актуелизирањето на проблемот со убивање жени само од причина дека се жени. Повеќе од 90 проценти од убиствата на жената како последица од семејното насилство се случуваат во домот или, доколку партнерите се разделени, се случуваат во куќата на жртвата. Нереагирањето на институциите кои стојат на располагање во општината каде жртвата пријавила, на нејзиното првично барање за помош, во нашата држава знае да резултира со нејзино

усмртување при следното насилство. За периодов забележана е недоволно развиена комуникација и координација меѓу релевантните субјекти, кои најчесто се оградуваат од одговорност и надлежност.

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО: ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

**вонреден професор д-р Страшко Стојановски**

***strasko.stojanovski@ugd.edu.mk***

## 1. Методологија на истражувањето

Анкетното истражување е спроведено во периодот март/април 2019 година со учество на студенти во прва година, генерација 2018-2019 година, како дел од предметните активности по предметите Социологија на правото и Граѓанско општество, под менторство на проф. д-р Страшко Стојановски.

Во рамките на анкетното истражување се опфатени вкупно 130 испитаници на возраст над 18 години, според различна структура (пол, возраст, образование, етничка и религиска припадност, урбано-рурален карактер, социјален статус и сл.), од Источниот и Југоисточниот плански регион на Македонија.

Анкетниот прашалник опфаќа вкупно 27 прашања, од кои 9 прашања се однесуваат на независната варијабла и општи податоци за испитаникот, 17 прашања се затворени прашања кои се однесуваат на проблемот на истражувањето и 1 отворено прашање.

## 2. Резултати од истражувањето

Првиот сет на прашања се однесува на општи ставови за поставеноста во македонските семејства и прашања поврзани со партиципативност при донесување одлуки, семејна инклузија и евентуални санкции.

На прашањето *Кој ги носи одлуките во вашето семејство?,* најголем дел од испитаниците или 50,77 % одговориле дека тоа се сите членови, односно и родителите и децата. Значителни 32,31 % одговориле дека тоа се само родителите. За 10 % од испитаниците одговорот упатува дека одлуките ги донесува таткото, а 3,85 % тврдат дека тоа е мајката (Графикон 1). Од ова прашање може да се претпостави дека најголемиот дел од семејствата функционираат на примесите на современите демократски семејства, иако значителен е бројот на истите, во кои монополот на одлучување е сконцентриран кај едниот или двајцата родители. Доколку се направи вкрстување според возраста на испитаниците, забележливо е дека со нејзиното зголемување се зголемува и перцепцијата дека во донесувањето на одлуките учествуваат едниот или двајцата родители, со намалување на партиципативноста на помладите членови, додека според социјалниот статус јасно може да се забележи дека со неговото намалување расте улогата на таткото или двајцата родители (Графикон 2).

Традиционалниот статус на семејството сепак се одразува во тврдењето дека традициите и обичаите се многу важни при донесувањето на одлуките во рамките на семејството. Притоа, со „Потполно се согласувам“ одговориле 24,62 %, „Делумно се

согласувам“ – 42,31 %, а „Не се согласувам“ и „Воопшто не се согласувам“ кумулативно само 23,84 % од испитаниците.

Графикон 1
Кој ги носи одлуките во вашето семејство?




Графикон 2



На прашањето *Дали испитаниците сметаат дека дисциплинирањето треба да се врши преку казнување?* постои поделен поглед. 43,8 % воопшто не го оправдуваат казнувањето како метод на дисциплинирање во семејството, додека за високи 38,46 % тоа е оправдано во исклучителни ситуации (Графикон 3). Испитаниците од машки пол и највозрасните категории над 65 години се најсклони да оправдуваат делумно казнување. Она што очигледно произлегува од истражувањето е дека со зголемувањето на образованието на испитаниците се намалува поддршката на секаков облик на казнување, па дури тоа било и во исклучителни ситуации (Графикон 4).

**Графикон 3**
**Дали сметате дека дисциплинирањето на децата треба да се врши преку казнување?**






Според одговорите на испитаниците, најчест облик на казнување е ограничување на забава и излегување (Графикон 5), но постои диверзитет во одговорите кога ќе се извршат соодветни вкрстувања според различни критериуми. Така, испитаниците од женски пол, за разлика од испитаниците од машки пол, двојно повеќе сметаат дека е застапено физичкото казнување. Претпоставките одат во насока или дека во поголем обем тие се јавуваат како жртви на физичко насилство, или во случаи на казнување од родител на деца, тие почесто се јавуваат како сторители на ваков облик на тешко казнување. Според возраста, втор избор за најчест облик на казнување за испитаниците од 18 до 25 и оние од 36 до 50-годишна возраст се ограничувањата на социјалните мрежи, втор најчест избор на казна за испитаниците

од 26 до 30 и од 50 до 65-годишна возраст е ограничување на финансиски средства, додека кај највозрасните над 65-годишна возраст прв избор за најчеста казна е физичкото казнување или тепање. Последниот тип на казна е втор по застапеност кај испитаниците со оформено основно образование, кај оние со оформено средно образование втор избор за најчеста казна е ограничување на социјалните мрежи, а кај испитаниците со оформено високо образование втор избор на најчеста казна е ограничување на финансиските средства. Ограничувањето на финансиските средства, забавата и излегувањето се најчест избор за казнување кај пониските социјални слоеви со месечни примања во семејството до 15 000 денари, кај средновисокиот слој со примања од 30 000 до 60 000 денари покрај ограничување на забава, втора најпреферирана казна е ограничувањето на социјалните мрежи, кај одговорите од средонискиот слој со примања до 30 000 денари најчесто застапени се ограничување на забава и излегување и физичко казнување, додека кај испитаниците од највисокиот социјален слој со месечни примања над 60 000 денари најзастапени видови на казнување се ограничување на забава и излегување и вербалното казнување.

Од последно изнесеното можеме да претпоставиме дека физичкото казнување е позастапено низ перцепциите на женскиот пол, највозрасните лица над 65-годишна возраст, лицата со низок степен на образование, како и средонискиот слој со месечни примања во семејството од 15 до 30 илјади денари. Кај помладите категории присутна е перцепцијата за ограничување на социјалните мрежи како форма на казнување, додека кај средните

возрасни категории и кај најнискиот социјален слој е присутно ограничувањето на финансиските средства како форма на казнување. Изненадувачки е присуството на вербалното казнување кај највисоките социјални слоеви, што упатува на психичко насилство и вознемирување како облик на санкција.

Сепак, за најголемиот број на испитаници физичкото насилство не се оправдува во никој случај (76,92 %), а за 13,08 % тоа е оправдано само во исклучителни случаи (Графикон 6).

**Графикон 5**
**Какви видови на казни најчесто се применуваат во однос на децата?**



**Графикон 6**
**Употребата на физичко насилство (тепање) е оправдано?**




Следниот сет на прашања поконкретно се однесува на семејното насилство. Во рамките на истите се утврдуваат: перцепциите на граѓаните за тоа што претставува семејното насилство, степенот на запознаеност, нормативната рамка, како и категориите кои се подложни на семејно насилство.

Високи 86,15 % од испитаниците тврдат дека се запознаени што претставува семејното насилство. Најголем дел од испитаниците, или 92,31 % тврдат дека семејното насилство подеднакво се однесува и на физичко, но и на психичко насилство.

На прашањето дали испитаниците слушнале за случај на семејно насилство во нивното пошироко опкружување (населба или град), потврдно одговориле 69,23 %. За случај на семејно

насилство во потесното опкружување (роднини, пријатели, соседи) слушнале 27,69 % од испитаниците, додека само 9,23 % тврдат дека семејно насилство се случило во нивното семејство. Овој сет на прашања укажува на табуизацијата на семејното насилство, по претпоставка дека основната причина за непрепознавањето во потесната средина е можноста за стигматизација и социјално исклучување. Сепак, според добиените резултати, може со сигурност да се претпостави дека 1 од 10 граѓани биле или сè уште се подложни на семејно насилство, со можност да се искачи на 4 од 10 граѓани доколку се работи за најниските социјални слоеви со месечни примања во семејството до 8 000 денари.

Според возрасните категории, 27,69 % од испитаниците одговориле дека најчесто подложни на семејно насилство се деца и тинејџери од 10 до 18-годишна возраст, а за 26,92 % од испитаниците тоа се децата до 10-годишна возраст. За испитаниците вработени (без разлика дали се работи за јавен или приватен сектор), најподложни на семејно насилство се младите од 18 до 35-годишна возраст, за невработените најподложни се децата и тинејџерите од 10 до 18-годишна возраст, додека за студентите, средношколците и пензионерите најподложни на семејно насилство се децата до 10-годишна возраст.

Во однос на сторителите и жртвите на семејното насилство, најголем дел од испитаниците, или 53,85 % тврдат дека тоа е насилство од мажот врз жената, за 23,85 % од испитаниците најчесто семејното насилство претставува насилство од родителот/-ите кон децата, а за 7,69 % од испитаниците тоа е насилство извршено од помладите членови на семејството (деца

или родители) кон повозрасните (родител, баба или дедо) (Графикон 7).

Испитаниците од машки пол, за разлика од оние од женски, речиси двојно повеќе сметаат дека постои насилство од родителите кон децата, но и од помладите членови кон повозрасните, додека кај женскиот пол апсолутно доминира насилство од мажот кон жената. Висока доминација на ставот за постоење насилство врз жената имаме кај средните категории на население на возраст од 36 до 65 години, за разлика од помладите и највозрасните. Кај испитаниците на возраст над 65 години, втор избор, по семејно насилство од мажот кон жената, е насилството од помладите кон повозрасните членови на семејството.

Иако најголем дел од испитаниците, или 50,77 % тврдат дека знаат каде можат да пријават семејно насилство, истите најчесто ја немаат посочено соодветната институција во дополнителното отворено прашање. Сепак, високи 46,93 % од испитаниците одговориле дека не знаат каде може да пријават семејно насилство. Ова упатува на претпоставката дека за добра превенција и спречување на семејното насилство, како и конкретно справување со истото, потребно е поголемо информирање на граѓаните за работата на соодветните институции. На ова се надополнува и прашањето кое се однесува на запознаеноста на испитаниците со работата на центрите за социјална работа. Високи 73,08 % тврдат дека не знаат кои мерки може да се преземат од центрите за социјална работа, а во насока на заштита на деца жртви на семејно насилство (Графикон 8).

Дополнително како проблем се јавува неподготвеноста на пошироката заедница да ги прифати жртвите на семејното насилство. 56,46 % потполно, а 26,92 % делумно се согласуваат со тврдењето дека жртвите на семејното насилство не го пријавуваат истото поради срам и страв од потсмев и осуда од опкружувањето (врсници или заедницата). Чувството за осуда од заедницата најмногу е изразено кај најмладите (од 18 до 25 години) и највозрасните категории (постари од 50 години и особено пензионерите).

Со цел да се детерминира степенот на информираност на испитаниците, беше поставено прашањето, согласно со Законот за социјална заштита, кое е мислењето на испитаниците за сместувањето на деца жртви на семејно насилство во згрижувачки семејства. Притоа добивме поделени одговори. 30 % од испитаниците тврдат дека тоа ќе влијае позитивно врз детето, 33,08 % од испитаниците тврдат дека тоа ќе претставува нова траума за детето, а 36,15 % од испитаниците одговориле со „Не сум размислувал(а)“.

**Графикон 7**
**Во однос на сторителите и жртвите, семејното насилство најчесто е насилство од:**




**Графикон 8**
**Дали знаете кои мерки се преземаат од страна на Центрите за социјална заштита за деца жртви на семејно насилство?**



**Заклучок**

Семејното насилство има различни форми – честопати последиците се видливи, но многу често тоа е скриено, притаено. Може да станува збор за физичко насилство, за сексуално, родово, психолошко и економско насилство. Каква и да е формата на насилството, од него најчесто се погодени децата, жените, старите и изнемоштени лица и лицата со некаква попреченост.

Семејното насилство е комплексен феномен, кој е последица на низа различни фактори: индивидуалните карактеристики на сторителот и жртвата, карактеристиките на семејството, општествените процеси и институционалното однесување.

Од резултатите од спроведеното анкетно истражување може да се забележи дека семејствата во регионот сѐ уште се силно традиционални, поради тоа што традициите и обичаите сѐ уште играат силна улога при носењето одлуки во семејството. Иако доминира ставот дека во носењето одлуки во семејството учествуваат и децата и родителите, сепак, може да забележиме дека со опаѓањето на социјалниот статус се зголемува улогата на родителите, односно таткото, што ваквите семејства ги прави повеќе патријархални. Слична е состојбата и во однос на зголемувањето на возраста, при што кај повозрасните испитаници зајакнува улогата на родителите и таткото во однос на децата.

Постои поделеност во ставовите дали казната треба да служи како инструмент за дисциплинирање на децата. Она што е забележливо е дека кај најмладите и највозрасните испитаници поизразен е ставот дека казната кон децата е оправдана во

исклучителни ситуации, додека кај испитаниците на средна возраст од 35 до 65 години казната кон децата не се оправдува во никој случај. Исто така, со намалувањето на степенот на образование кое го поседуваат испитаниците, се зголемува и перцепцијата за оправданост на казнувањето.

Најчестите казни кои родителите ги применуваат во однос на децата се ограничување на забавата и излегувањето и ограничувања на социјалните мрежи. Интересно е да се наведе дека физичкото казнување или тепање е двојно поприсутно во перцепциите на женскиот пол во однос на машкиот, како и кај највозрасните категории во однос на помладите. Сепак, најголем дел од испитаниците воопшто не оправдуваат физичко казнување или тепање на децата.

Испитаниците тврдат дека знаат што претставува семејното насилство. Притоа, најголем дел од испитаниците сметаа дека семејното насилство може да има облик и на физичко, но и на психичко насилство. Сепак, сè уште постои високо ниво на стигма поврзана со истото, односно жртвите на семејно насилство не го пријавуваат поради срам и страв од потсмев на врсниците и околината. Или, исто така постои сериозна индикација за неконзистентност на податоците. Доколку речиси две третини од испитаниците слушнале за некој случај на семејно насилство во нивната поширока околина (населба, град), речиси една третина се запознаени за случај на семејно насилство во поблиската околина (роднини, пријатели или соседи), дотолку 1 од 10 испитаници тврди дека бил сведок на семејно насилство во сопственото семејство.

Според перцепциите, во однос на возрасната категорија, најчесто подложени на семејно насилство се децата, тинејџерите и адолесцентите; додека според сторителите и жртвите, најчесто застапено е насилство од мажот кон жената и од родител/-ите кон децата.

Иако половина од испитаниците тврдат дека знаат кај треба да се пријави семејно насилство, најголем дел не се запознаени со законските регулативи и надлежностите на центрите за социјални работи.

## Библиографија

### Латиница

Beaver, Kevin M.; Schwartz, Joesph A.; Connolly, Eric J.; Al-Ghamdi, Mohammed Said; and Kobeisy, Ahmed Nezar, "The Role of Parenting in the Prediction of Criminal Involvement: Findings From a Nationally Representative Sample of Youth and a Sample ofAdopted Youth" (2015). Criminology and Criminal Justice Faculty Publications. Paper 19, http://digitalcommons.unomaha.edu/criminaljusticefacpub/19.

Berger, Adolf, *Encyclopaedic Dictionary of Roman Law*, Philadelphia, The American Philosophical Society, 1953.

Bujuklič, Žika, *Forum Romanum – Rimska država, pravo, religija i mitologija*, Beograd, Centar za publikacija Pravnog fakulteta u Beogradu & Dosije, 2005.

Burt, S. A., Barnes, A. R., McGue, M. & Lacono, W. G. (2008). Parental divorce and adolescent delinquency: Ruling out the impact of common genes. Developmental Psychology, 44, 1668-1677.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2018) *Phenomenology of child delinquency in Macedonia in the period from 2006 to 2016.* Iustinianus Primus Law Review, 18 (1). pp. 1-22. ISSN 1857-8683.

Chess, S. & Thomas, A. (1984). Origins and Evolution of Behavior Disorders: From Infancy to Early Adult Life. New York: Brunner Mazel.

Davis, L., Snyman, R., (eds), Victimology in South Africa,  Pretoria: Van Schaik Publishers, 2005.

Dimitrijoska; Buzarovska G. (2017). Risk Factors for Recidivism in Juvenile Criminal Offenders. **European Journal of Social Science Education and Research**, [S.l.], v. 4, n. 4, p. 167-173,. ISSN 2312-8429. Available at: <http://journals.euser.org/index.php/ejser/article/view/2424>. Date accessed: 14 may 2019.

Duros, R, Ardern, H., McMillan, C., Tome, A., What is the battered woman syndrome?, The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009.

European Convention on the Exercise of Childrens' Rights, Council of Europe, ETS No. 160, 1996.

Farrington, D. P., & Welsh, B. C. (2007). Saving children from a life of crime: Early risk factors and effective interventions. New York, NY, US: Oxford University Press, p. 56.

Fawole, O., „Economic violence to women and girls: Is it receiving the necessary attention?", Trauma, Violence, & Abuse, 9(3), 2008.

Felson, National Crime Victimisation Survey (NCVS), 2002.

Free, M. D. (1991). Clarifying the relationship between the broken home and juvenile delinquency: A critique of the current literature. Deviant Behavior, 12, 109–167.

Frick, P. J., Lahey, B. B., Loeber, R., Stouthamer-Loeber, M., Christ, M. A. G., & Hanson, K. (1992). Familial risk factors to oppositional defiant disorder and conduct disorder: Parental psychopathology and maternal parenting. *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 60*(1), 49-55. http://dx.doi.org/10.1037/0022-006X.60.1.49.

Hrabar, D, Evropska konvencija o ostvarivanju djecjih prava - poseban zastupnik djeteta, Djete u pravosudnom postupku, Primjena Evropske konvencije o ostvarivanju djecjih prava, стр. 105, Zagreb, 2012.

Human Rights Watch, World Report 2000: Womans Humans Rights.

Jovanović, Mila, *Komentar starog rimskog Ius civile (Knjiga prva: Leges Regiae)*, Niš, Centar za publikacije Pravnog fakulteta u Nišu, 2002.

K.M. Banham Bridges (1927): ''Factors Contributing to Juvenile Delinquency'' Burt, C.L. (1925). *The Young Delinquent*. London: University of London Press. Republished and revised (3rd ed.) London: University of London Press, (1938); (4th ed.) Bickley: University of London Press, (1944).

Lukić, M., Jovanović, S., „Drugo je porodica: nasilje u porodici – nasilje u prisustvu vlasti“, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 2001.

McAdams, C. R. III & Foster, A. V. (2007). Dysfunctional Family Structures and Aggression in Children: A Case for School-Based, Systemic Approaches With Violent Students. East Carolina University, The College of William & Mary.

Monteskje, *O duhu zakona - Tom I i II*, Beograd, ZID „Filip Višnjič“, 1989.

Mullender, A., „Rethinking domestic violence: The social work and probation response“, Routledge, 2002.

Parks, Alisha B., "The Effects of Family Structure on Juvenile Delinquency" (2013). Dissertation Paper 2279. http://dc.etsu.edu/etd/2279.

Patterson, J.M. (1996). Family research methods. In C. A. Heflinger & C. T. J. Nixon (Eds.),Families and the mental health system for children and adolescents (pp. 117-144). Thousand Oaks, California: Sage Publications.

Petrosino, Derzon, Lavenberg – The Role of Family in Crime and Delinquency: Evidence from Prior Quantitative Reviews. (2009) Southwest Journal of Criminal Justice, Vol. 6(2). pp. 108-132.

Price, C. & Kunz, J. (2003). Rethinking the paradigm of juvenile delinquency as related to divorce. Journal of Divorce and Remarriage, 3, 109-133.

Sanders, M. R., Markie-Dadds C., Turner K. M. T. Theoretical, scientific and clinical foundations of the Triple P - Positive Parenting Program: a population approach to the promotion of parenting competence. Parent Res Pract Monogr vol. 1/2003,

http://www.triplep.net/files/pdf/ Parenting_Research_ and_ Practice_ Monograph_No.1. pdf.

Savignac, J. *Families, youth and delinquency: The state of knowledge, and family-based juvenile delinquency programs* (Research Report 2009-1). Ottawa: National Crime Prevention Centre, Public Safety Canada, 2009.

Spalek, 2006 цит. според Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims' Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008.

Stephen Demuth, Susan L. Brown (2004): Family Structure, Family Processes, and Adolescent Delinquency: The Significance of Parental Absence Versus Parental Gender, Volume: 41 issue: 1, page(s): 58-81, https://doi.org/10.1177/0022427803256236.

Stoop, D. & Masteller, J. (1997). Forgiving Our Parents, Forgiving Ourselves: Healing Adult Children of Dysfunctional Families.

Sytske Besemer et al., A systematic review and meta-analysis of the intergenerational transmission of criminal behavior, *Aggression and Violent Behavior* (2017). DOI: 10.1016/j.avb.2017.10.004.

Tomas Naplava & Dietrich Oberwittler, Family factors and adolescents' delinquency - findings from sociological research in Germany, Project: Social Problems and Juvenile delinquency in Ecological Perspective, working paper no. 4, Max-Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, Freiburg, December 2001.

Walker, L., The Battered Woman Syndrome, Third edotion, Springer publishing company, New York, 2009.

Wallace, H., „Family Violence: Legal, Medical, and Social Perspectives“, Allyn & Bacon, 2004.

Wolhunter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology: Victimization and Victims’ Rights, Routledge – Cavendish, New York, 2009.

Wolhuter, L,. Excuse them though they do know what they do – the distinction between justification and excuse in the context of battered women who kill, *South African Journal of Criminal Justice*, 9, 1996.

Wolhuter, L., Olley, N., Denham, D., Victimology, Victimization and Victims’ Rights, Routledge – Cavendish, Taylor & Francis Group, 2008.

**Кирилица**

Анѓеловиќ, И. (2018). Егзогени фактори за појава на детско престапништво, Правен факултет, УГД.

Арифи, Б., Посебен осврт кон жртвите на семејното насилство, Македонска ревија за казнено прво и криминологија, Здружение на кривично право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Арнаудовски, Љ., Криминолошки пристап кон деликтите на насилство, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Асијел, И., Завера Чутања, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012.

Божиновски, А., Кривичноправни одредби на Истанбулската конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2015): Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со законот, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, стр. 93.

Велкова, Т., Семејно насилство – превенција и сузбивање, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Влашковиђ, В, Начело најбољег интереса детета у породичном праву, докторска дисертација, Крагујевац, 2014.

Влашковиђ, В., Право на заштиту од насиља у породици као субјективно грађанско право, Анали Правног факултета у Београду, год. LVII, 1/2009.

Гогов, Б., Човековите права на жртвите на насилство врз жените и домашното насилство во областа на миграцијата и азил, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Груевска-Дракулевска, А., Семејното насилство во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Димовски, Д., Костић, М., „Породица у лавиринту породичног насиља", Ниш: Правни факултет, Ниш, 2013.

Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, „Сл. весник на РМ" бр. 138/14.

Закон за социјална заштита, „Сл. весник на РМ" бр. 79/09.

Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Скопје, 2016.

Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.05.2011.

Лажетиќ, Г., Димитријевска, С. (2015). Ризик-факторите за повторништвото кај децата заради подобра превенција на детското престапништво, МРКПК, http://journal.maclc.mk/wp-content/uploads/2017/05/Buzarovska-Dimitrijevska.pdf, последен пристап на 13.05.2019.

Ливиј, Тит, *Од основањето на градот Рим*, Скопје & Мелбурн, Матица Македонска, 2000.

Мирчева, С., Чачева, В., Итни мерки за заштита на жртвите на домашно насилство: Истанбулска конвенција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 20, бр. 1, Скопје, 2013.

Мирчовска, Г. (2011). Семејството и агресивното однесување кај учениците, Магистерски труд, Социјална педагогија, Факултет за образовни науки, УГД, стр. 27.

Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Издавач: Културна установа „Блесок", Скопје.

Мицковиќ, Д., Ристов, А., Породично насиље и негово правно регулисање у Републици Македонији, Насиље у породици, Зборник радова са научног скупа, Правни факултет, Универзитет у Београду, Београд, 2012.

Мурџева-Шкариќ, Олга (2009): Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје, 2009, стр. 174-175.

Петрушић, Н., Новине породичном судском процесном праву Црне Горе, Тематски зборник радова Правног факултета у Нишу, Заштита људских и мањинских права у европском правном простору, Правни факултет Универзитета у Нишу, стр. 53.

Правилник за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата жртви на семејно насилство преземени од Центарот за социјална работа и за

начинот на следење на привремените мерки изречени од судот, „Сл. весник на РМ“ бр. 17/15.

Правилник за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита, Центар за лица жртви на семејно насилство, „Сл. весник на РМ“ бр. 33/07.

Протокол за меѓусебната соработка на надлежните институции за заштита и спречување од семејно насилство, „Сл. весник на РМ“ бр. 143/15.

Пухан, Иво, Мирјана Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски, *Римско право*, Скопје, УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2014.

Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17.

Спировиќ-Трпеновска, Љ., Мицковиќ, Д., Ристов, А., Семејно право, Културна установа „Блесок“, Едиција Индра, Скопје, 2013.

Станковиђ, Г, Грађанско процесно право, Прва свеска, IX измењено и допуњено издање, Мегатренд Универзитет, Београд, стр. 582, 2013.

Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотребата на алкохол, 2008-2012.

Сунчица Димитриевска, Социјална работа со малолетни сторители на кривични дела, стр. 11, 2010.

Устав на РСМ, „Сл.весник на РМ“ бр. 52 од 22.11.1992 год.

Чачева, В., Фришиќ, Ј., Мишев С., Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ, 2007.

## Интернет-извори

Извештај од мониторинг за спорведување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, декември 2016, Скопје, стр. 17, достапен на http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2016/12/Monitoring-na-zakon-za-SN_final.pdf.

Извештај за работа на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, јануари-декември 2014 година, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Скопје, 2015, http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2015/08/narativen-izveshtaj-za-2014.pdf;

http://zsd.gov.mk/category/izvestai-informacii-razvoj/lirikus/;

https://www.healthline.com/health/mental-health/hyperarousal#causes3;

https://medical-dictionary.thefreedictionary.com/hyperarousal;

http://zsd.gov.mk/%d0%b0%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b8%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%be%d1%86%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b7%d0%b0-%d1%81%d0%b5%d0%bc%d0%b5%d1%98%d0%bd%d0%be%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b0-2/.

http://www.childrensembassy.org.mk/WBStorage/.pdf.

http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Italy-Parental-Responsibilities.pdf.

http://ceflonline.net/wpcontent/uploads/Netherlands-Parental-Responsibilities.pdf.

http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Netherlands-Parental-Responsibilities.pdf.

http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Austria-Parental-Responsibilities.pdf.

http://ceflonline.net/wp-content/uploads/Greece-Parental-Responsibilities.pdf.

Општиот коментар бр.12 (2009).

https://www2.ohchr.org/english/bodies/crc/docs/AdvanceVersions/CRC-C-GC-12.pdf.

УНИЦЕФ Прирачник: Прирачник за позитивно родителство: Фер родител – фер дете, достапен на https://www.unicef.org/northmacedonia/sites/unicef.org.northmacedonia/files/201901/MK_CP_FairParentFairChildGuidebook_MK.pdf, последен пристап на 13.05.2019.

Публикација: Сторители на кривични дела, http://www.stat.gov.mk/ PublikaciiPoOblast.aspx?id=43&rbrObl=6.

http://arhiva.mvr.gov.mk.

http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk.

http://www.mtsp.gov.mk.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## на монографија „СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО“, од група автори: вон. проф. д-р Билјана Тодорова, вон. проф. д-р Димитар Апасиев, доц. д-р Елена Максимова, доц. д-р Милица Шутова, вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и вон. проф. д-р Страшко Стојановски

„Семејно насилство“ претставува компилација, мозаик од комплементарни научни тези, истражувања и заклучоци, плод на искуството и инспирацијата на шест автори, мои драги колеги на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Заедничката тема, комплексна во својата неприродна спротивставеност на двата изрази во биномот: семејство и насилство, ги поттикна авторите, секој во делот на својата експертиза и мотивација, да контрибуираат кон создавање на ова вредно дело. Индивидуалниот пристап на авторите (историски, социолошки, граѓанско-правен, етички, компаративен, виктимолошки) резултира со квалитет и богатство на дискурсот, кон спонтана синхронизација на презентираните ставови и изградба на тематска и методолошка целина. Преку јасното толкување на носечките поими (семејство и насилство), авторите ја анализираат и дефинираат поширокатa проблематика на повредата на фундаменталните човекови слободи и права преку потесниот, конкретниот пример со жртвите на семејното насилство. Семејството како основна општествена заедница и своевидна „сигурна куќа“ за неговите припадници, честопати се трансформира во непријатна и насилничка средина, во која

жртвите на насилството најчесто остануваат незаштитени, немоќни и подложни на натамошен терор и тортура од близок човек, член на тоа семејство. Причините за ваквите девијации се повеќеслојни и комплексни, но не постои нивно единствено и симплифицирано објаснување.

Зборникот „Семејно насилство" е создаден со јасна намера да укаже на опасностите од несовесното и неодговорно однесување на одредена индивидуа кон своите најблиски, кон членовите на неговото семејство, но и во поширок контекст – да ја покаже заканата од ширење на ваквиот вид насилство, кој најчесто останува прикриен и неказнет, како и подготвеноста на општеството и институциите да се соочат, да го спречат и да го санкционираат таквото однесување. Зборникот претставува вреден придонес кон нашата домашна, инаку не така богата, стручна и научна литература од доменот на социологијата и семејното, римското, граѓанското и казненото право. Од информативен, но и од содржински аспект, ова дело може да му послужи на секој заинтересиран читател, студент, истражувач или професионалец кој, од различни лични побуди, има намера или потреба да ја истражи оваа тема. Како рецензент, на авторите искрено им честитам и ги поттикнувам да продолжат да истражуваат и творат, а на читателите да се инспирираат од презентираните заклучоци и да ги транспонираат и употребат за свои потреби, но со заеднички императив – превенирање и спречување на проблемот со семејното насилство.

Скопје, ноември 2020 година　　　　проф. д-р Игор Камбовски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## на книгата „СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО“, од група автори: вон. проф. д-р Билјана Тодорова, вон. проф. д-р Димитар Апасиев, доц. д-р Елена Максимова, доц. д-р Милица Шутова, вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и вон. проф. д-р Страшко Стојановски

Книгата „СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО" од авторите вон. проф. д-р Билјана Тодорова, вон. проф. д-р Димитар Апасиев, доц. д-р Елена Максимова, доц. д-р Милица Шутова, вон. проф. д-р Олга Кошевалиска и вон. проф. д-р Страшко Стојановски, сите од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, е научно дело за еден мошне специфичен социолошки, криминолошки и казнено-правен феномен, кој како исклучително сериозен проблем добива големо внимание од страна на науката, професионалците, јавноста и политиките за негово сузбивање. Семејното насилство не е нова појава, но од неодамна е препознаено како општествен проблем. Книгата претставува сериозен потфат на авторите да дадат научни објаснувања на историските, етиолошките, феноменолошките, социолошките и казнено-правните елементи на семејното насилство, при што мошне прецизно и концизно укажуваат на потребата од научно проучување, но и афирмирање на овој општествен проблем кој е централна тема во нивното дело, потенцирајќи дека семејното насилство е комплексен феномен, кој е последица на низа различни фактори, на индивидуалните карактеристики на сторителот и

жртвата, карактеристиките на семејството, општествените процеси и институционалното однесување.

Во самата книга авторите на пиедестал на значајни социолошки, криминолошки и феноменолошки прашања ги ставаат темите и дилемите за општествено-историските вредности и третманот на семејното насилство во римското приватно право и за првите семејно-роднински и легитимни правосудни органи, за социјалната заштита на жртвите од семејно насилство и трендот на зголемената законодавна активност во областа на превенција, спречување и казнување на семејното насилство, а особено насилството над жените и децата, за улогата на семејството како криминоген фактор за појавата на детското престапништво, односно за семејната атмосфера, начинот на живот, односите меѓу родителите и децата како состојби кои влијаат врз формирањето и развојот на децата и, посебно, поврзаноста на дисфункционалното семејство како криминоген фактор со појавата на детското престапништво. Авторите укажуваат на најголемиот предизвик со кој се соочува современото семејството, а тоа е сè поинтензивното слабеење на неговата воспитна функција, како и на семејните ризик-фактори кои постојано се во интеракција со останатите егзогени и ендогени фактори за појава на детското престапништво, притоа формирајќи комплексна врска. Во книгата авторите даваат посебен осврт на Конвенцијата за правата на детето која изврши влијание во унапредување на процесната положба на детето во судските и административните постапки кои се однесуваат на неговите интереси, каде што за прв пат се уредени

фундаменталните права на детето, со што се овозможува детето да биде вистински субјект на правото, а не само пасивен објект на заштита што треба да ја обезбедат родителите или надлежните државни органи, како и прашањата за виктимизација како резултат на семејното насилство, со посебно влијание на перцепцијата на јавноста за овој општествен феномен.

Овие прашања се носечки теми кои ги третираат авторите, кои во центарот на своето проучување и анализа ги имаат историските и општествени девијации, а посебно семејното насилство врз жената и децата со сите негови специфики, вклучувајќи го и семејното насилство како посебен облик на општествено насилно поведение.

Книгата СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО се состои од предговор и шест тематски делови, а секој  вклучува поднаслови, како и богата библиографија, со исклучително нови и значајни за областа библиографски единици. Уште на самиот почеток се забележува една методолошка и научна коректност, посебно кога станува збор за операционализацијата на клучните поими и секако речник и јазик кој е стручен, но и доволно прецизен и јасен за да биде разбирлив и за поширокота научна и стручна јавност, особено за професионалците кои постапуваат по предметите за семејно насилство. Авторите хируршки прецизно ги дефинираат поимите и таа научна прецизност и објективност провејува и низ целиот научен труд. Со самото дефинирање на семејното насилство и историската ретроспектива, како и етиологијата на појавата,

авторите изнесуваат ставови кои имаат искучителна научна вредност и кои ќе имаат силно делување на тоа подрачје, што придонесува за посебна научна тежина на делото.

Семејното насилство, со сите негови специфични обележја, начинот на неговото манифестирање, неговата појава и манифестација се одлично прикажани со еден историски след и развој на оваа општествена појава. Секако дека и останатите елементи, кои се негов составен дел и клучните елементи за појавата на семејното насилство се многу длабински објаснети и со самото читање се добива впечаток дека станува збор за феномен којшто одамна го познавате и покрај неговата латентност како една од односните карактеристики.

Специфичноста во објаснувањето е специфика на авторите, кои исто така ги проучуваат и објаснуваат спецификите на семејното насилство, неговата етиологија и феноменологија, а посебно социолошката димензија со посебен акцент на социјалниот идентитет, структурата, идентитетот и својствата на жртвата со посебен осврт на детето жртва и улогата на семејството како фактор за појавата на детското престапништво, како и судското постапување по предметите за семејно насилство, што претставува нов стил и научна култура. Во тој контекст се прави и специфична дистинкција помеѓу семејното насилство и генерално насилството спрема жената, а посебно спрема децата, како поими кои делуваат синонимно, но дефинитивно се различни во пристапот.

Оттука и произлегуваат прашањата и дилемите кои бараат одговори, а кои лесно се даваат, а истите се однесуваат на темата дали семејното насилство претставува посебен општествен феномен, посебно општествено поведение и дали превенирањето на семејното насилство бара посебен третман и професионализација и специјализација на сите во процесот на превенирање и санкционирање. Прашања и теми кои авторите се обидуваат да ги разјаснат со факти и научни теории и објаснувања.

Како рецензент на оваа книга можам да истакнам дека таа претставува вреден и издржан научен труд, кој изобилува со факти, но и нови истражувања за една специфична општествена појава и проблематика како што е семејното насилство.

Семејното насилство има различни форми, честопати последиците се видливи, но многу често тоа е скриено, притаено. Може да станува збор за физичко насилство, за сексуално, родово, психолошко и економско насилство. Каква и да е формата на насилството, од него најчесто се погодени децата, жените, старите и изнемоштени лица и лицата со некаква попреченост.

Во тој поглед оваа книга има посебна научна вредност, бидејќи во неа се сретнуваат многу новини за проблемот кој се елаборира, но и искуства и сознанија добиени од научните истражувања на авторите кои ќе придонесат за негово осознавање и соодветно афирмирање, и тоа во контекст на изнаоѓање решенија, општествени добра, посакувани, како ефикасно да се

справиме со проблемот кој е наше секојдневие и општествено милје.

Со задоволство можам да истакнам дека книгата несомнено ќе ја збогати научната и стручна литература посветена на оваа тема. На крај, целата научна, стручна и интелектуална јавност ќе има бенефит од публикувањето на оваа книга, бидејќи пред сè ќе се осознае нешто ново, ќе се запознае со детали за спецификите на поимите кои се обработуваат и секако ќе имаат една солидна база на податоци кои ќе бидат поттик за понатамошни истражувања.

**Рецензент:**

вон. проф. д-р Лазар Нанев, с.р.

судија, претседател на Основен суд Кавадарци,

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Правен факултет – Штип